**ЗК ПЕЛАГОНИЈА**

**а.д. Битола, МАКЕДОНИЈА**

***Ул. "Борис Кидрич" број 3, 7000 Битола***

Врз основа на решението од Комисијата за хартии од вредност бр. 07-2025/9 од 07.12.2009 година, Одлуката за продажба (отуѓување) на сопствени акции од основачката емисија на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола бр. 02-933/3 од 30.01.2009 година

О Б Ј А В У В А

# П Р О С П Е К Т

***за продажба (отуѓување) на сопствени акции од основачката емисија на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола по пат на јавна понуда***

Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги продава.

# С О Д Р Ж И Н А

**1.Одговорни лица………………………………………………………………… 5**

1.1 Податоци за лицата одговорни за информациите содржани во Проспектот…....................................................................................................... 5
1.2 Изјава од сите горенаведени одговорни лица............................................ 6

**2. Податоци за овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност кој го изготвил проспектот……………………………………………………..... 6**

**3. Податоци за ревизорите……………………………………………………... 6**

3.1 Назив и седиште на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години............... 6
3.2 Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години................................................ 6

**4. Фактори на ризик……………………………………………………………... 7**

4.1 Податоци за факторите на ризик специфични за и за индустриската гранка на која и припаѓа ............................................................ 7
4.2 Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции.......................................................................... 13

**5. Податоци за издавачот…………………………………………………… 15**

5.1 Податоци за историјата и развојот на издавачот............................... 15
5.2 Инвестиции.................................................................................................. 16

**6. Деловен преглед……………………………………………………………… 22**

6.1 Основни дејности......................................................................................... 22
6.2 Пазари на кои издавачот работи............................................................. 23

**7. Организациона структура…………………………………………………....27**

7.1 Позицијата на издавачот во група или посложен деловен систем........27
7.2 Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество.......27

**8. Недвижности ,постројки и опрема……………………………………….....28**

8.1 Податок во врска со постојните значајни материјални средства......... 28

8.2 опис на било кои фактори на опкружување кои имаат влијание на располагање на издавачот со материјални средства................................31
**9. Преглед на оперативното и финансиско работење…………………..... 31**

9.1 Финансиска состојба........................................................................... 31
9.2 резултати од работење........................................................................ 34
**10. Извори на средства……………………………………………………..... 35**

10.1 Информации за изворите на средства и информации за условите под кои издавачот се задолжува............................................................. 35
10.2 Објаснување на готовинските текови на издавачот и нивните износи.......................................................................................... 38
10.3 информации за условите под кои издавачот се задолжува и за структурата на изворите на финансирање.................................................. 44
10.4 ограничувања во поглед на употребата на изворите на Финансирање......................................................................................... 48
10.5 очекувани извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции........................................................................ 48

**11.Истражување патенти и лиценци............................................................ 48**

**12. Трендови………………………………………………………........................ 48**

**13 Прогнозирање на профитот…………………………………...................... 54**

**14 Органи на издавачот………………………………………………................... 54**

14.1Детални податоци за генералниот извршен директор, претседателот на одборот на директори, извршни директори, неизвршни надворешни членови на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола......................................................................... 54

14.2 Поврзаност на лица од членовите на одборот на директори....... 71
14.3 Детални податоци за постоење на било какви ограничувања на располагањето со акциите кои членовите на одборот на директори на издавачот ги поседува,во одреден временски период за што овие лица се согласиле.................................................................................... 71
14.4 Судир на интереси.....................................................................71

**15.Вработени...........................................................................................72**

**16. Големи акционери...............................................................................73**

**17 .Трансакции со поврзани лица…………………………………………........74**

**18. Финансиски податоци……………………………………………….............77**
18.1 Финансиски извештаи.......................................................................... 77

18.2 Консолидиран ревидиран финансиски извештај за 2006,2007 2008 година.....................................................................78

18.3 Периодични и други финансиски информации.........................154
18.4 Дивидендна политика...................................................................... 157
18.5 Правни постапки.............................................................................160
18.6 Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот ........................................................................................161

**19. Дополнителни информации**.....................................................161

19.1 Податоци за капиталот на издавачот............................................ 161
19.2 Статут на издавачот и основачки акт.............................................166

**20. Договор од суштинско значење за работењето на издавачот**...................................................................................170

**21. Информации добиени од трети лица и извештаи од експерти**..170

**22.Учество во други трговски друштва**...............................................170

**23 .Податоци за понудата на хартии од вредност**........................171

23.1 Причини за понудата и намена на средствата што ќе се приберат Сопонудата....................................................................................171

23.2 Општи податоци за хартиите од вредност..................................171
23.3 Податоци за сопственичките хартии од вредност....................173

**24. Рокови и услови на понудата**.......................................................174

24.1 Цена на хартиите од вредност....................................................174
24.2 Услови рокови и потребни дејствија за запишување на хартиите од вредност предмет на понудата......................................................174
24.3 Пласман на хартии од вредност..................................................178

**25. Податоци за гарант**.........................................................................178

**26 Документи на располагање**...........................................................178

26.1 Изјава за достапност на документите........................................ 178
26.2 Податок за местото каде може да се изврши увид во Документите...................................................................................... 179

**Прилози:**

**-Консолидиран ревидиран финансиски извештаи за 2006,2007,2008 година**

**- Неревидиран полугодишен Извештај 30.06.2009 година**

**-Статут**

# 1. Одговорни лица

## 1.1 Податоци за лицата одговорни за информациите содржани во Проспектот

**Членови на Одбор на директори на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола**

1. Ристе Бошевски - Генерален извршен директор
2. Душан Бејковски - Претседател на Одборот на директори

**Извршни директори**

3. Душан Мацановски
4. Драги Петровски
5. Иванчо Гулевски

**Неизвршни директори**

6. Вангел Гагачев
7. Вангелица Костовска
8. Ѓорѓи Петровски
9. Иван Зафировски
10. Горица Маркоска

**Надворешни членови на Одборот на Директори**

11. Јованче Тасковски
12. Владимир Џабирски
13. Боривоје Михајловски

**Лице одговорно за правните податоци во проспектот**

14. Томислав Давков

**Лице одговорно за финансиските податоци во проспектот**

15. Славица Дреноска

**Лице одговорно за комуникација со изготвувачот на Проспектот**

16. Татјана Костовска

### 1.2 Изјава од сите горенаведени одговорни лица

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на Друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата"

## 2.Податоци за овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност кој го изготвил Проспектот

Статер Банка АД Куманово
Плоштад Нова Југославија бб 1300 Куманово, Р.Македонија
Сектор за Инвестиционо банкарство Скопје
Ул. Пајак бр.9, 1000 Скопје

## 3.Податоци за ревизорите

### 3.1 Назив и седиште на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на Друштвото во последните три години

Друштво за ревизија "Рафајловски Ревизија Вера и Др. ДОО", ул: Орце Николов бр.190, 100 Скопје, Република Македонија .

### 3.2 Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години

Не постои промена на ревизорот во изминатите три години

## 4.Фактори на ризик

При разгледување на можноста за вложување во акциите на ЗК Пелагонија, потенцијалниот инвеститор би требал да ги земе во предвид сите фактори на ризик кои се претставени во проспектот, но исто така, вложувачот се упатува и на сопствена оценка на финансиската состојба на ЗК Пелагонија, условите за купување, како и на останатите влијанија и информации кои можат да влијаат на цената на акцијата.

### 4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за Издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа

Вложувањето во хартии од вредност неминовно е поврзано со одреддени ризици кои свесно ги превземаат инвеститорите во согласност со своите преференции за односот кон ризикот и повратот од вложувањето (сооднос ризик-приноси).

Вредноста (цената ) на акцијата зависи од работењето на компанијата и од состојбата на пазарот на капитал, на кои владеат општите закони на на понуда и побарувачка.

Анализата на ризиците опфаќа идентификација на изложеноста на Друштвото кон одредени ризици, утврдување на степенот на изложеноста кон одредени ризици врз основа на целите и ограничувањата на Друштвото во деловното работење, континуирано мерење на овие изложености и соодветно прилагодување, секогаш кога нивоата на изложеност се надвор од предвидените рамки.

4.1.1 Ризик на деловното окружување

Ризикот на деловното окружување е одреден со политичките, економските и социјалните услови во земјата, кои влијаат на работењето и успешноста на работењето на домашните деловни субјекти.

Движењата во земјоделството како сектор, како и движењеата во прехрамбената индустрија, каде ЗК Пелагонија го реализира своето деловно работење , се под влијане на: стапките на пораст на бруто домашниот производ, промените во животниот стандард, степенот на политичката, економската и социјалната развиеност и во значителна мерка го одредуваат развојот на земјоделството и на прехрамбената индустрија.

Политичкиот ризик на одделна држава, ги вклучува сите ризици поврзани со можната политичка нестабилност, а во својата крајност опфаќа и интегритет и опстанок на државата. Имајќи ги во предвид моменталните внатрешно и надворешно-политички односи, Република Македонија е стабилна парламентарна демократија, чија главна надворешно-политичка цел е успешно вклучување во НАТО и ЕУ.

Република Македонија го започна процесот на приближување кон Европската унија со потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, со чија реализација Република Македонија забрзано ги исполнува политичките, економските и правните критериуми за членство во ЕУ (Копенхагенски критериуми). Исто така, компонентата на Договорот за стабилизација и асоцијација, која во своите барања се однесува на јакнењето на регионалната соработка непосредно делува на зајакнување на стабилноста на поширокиот регион, што е еден од условите на економскиот развој. Согласно целта за успешно приклучување кон ЕУ, Република Македонија значаен дел од своите активности има насочено кон реформите потребни за успешно усогласување со правнот систем и законите на ЕУ (acquis communautaire), како и на развојот и одржувањето на интензивните партнерски односи со земјите членки на ЕУ. Република Македонија очекува кон крајот на 2009 година да ја добие датата за почеток на преговорите за полноправно членство во Европската унија.

Процесот на усогласување ќе влијае на земјоделието и прехрамбената индустрија и работењето на одделните компании во овие сектори и гранки, со тоа што компаниите ќе мораат да се усогласат со критериумите и стандардите на ЕУ, особено во сегментот на контролата на квалитетот, заштита на животната средина, заштита на здравјето и сл.

Отворените прашања на Република Македонија со своите соседи не влијаат на политичката стабилност на државата, туку претставуваат легтимно застапување на стратешките нацонални и економските интереси на државата во меѓународните односи.

Ризикот од деловното окружување (пазарен ризик) е ризик кој е поврзан со споменатите промени во националната економија, кои имаат негативно влијание на индустријата – секторот во кој Друштвото ја извршува својата деловна активност. Пазарниот ризик произлегува од значајни промени во бизнис циклусот, рецесиони движења во националната економија, контракција

на домашната побарувачка, неочекувани промени на каматните стапки, даночната регулатива, неочекувани влијанија на странска конкуренција и сл.

Тргнувајќи од фактот дека пазарите на земјите во транзиција се со поголем степен на ризик, потенцијалните вложувачи мораат со посебно внимание да да го проценат присутниот ризик и сами да одлучат за инвестирањето.

### 4.1.2 Ризик на индустријата

ЗК Пелагонија, со својата деловна активност во повеќе стопански гранки, се соочува со предизвиците присутни во земјоделството, производството на сточна храна, прехрамбената индустрија, во земјата и странство. Овие сектори и гранки се соочуваат со промените во потрошувачките и прехрамбените навики на потрошувачите, воведување на новите технологии и начини на производство, промените во стилот на живот и се поголемиот развој на свеста на потрошувачите на подрачјето на сопствената исхрана. Овие промени, го ставаат секторот земјоделие и прехрамбената индустрија пред предизвикот за континуирано прилагодување на асортиманот на производите со потребите и барањата на потрошувачите, како и унапредување на квалитетот на постојните производи, што од друга страна бара иновации и вложувања во технолошки развој, производните процеси и човечки ресурси. ЗК Пелагонија како компанија претежно е ориентирана на домашниот пазар, но континуираниот пораст на извозот претставува знак на успешното задоволување на критериумите и стандардите на земјите членки на Европската унија.

Вклучување на Република Македонија во регионалните и светските економско-политички органзации, помеѓу останатото приклучување кон Европската унија, на ЗК Пелагонија и отвара низ на нови можности, но и го става комбинатот пред специфични барања на кои земјоделското производство и прехрамбената индустрија мора забрзано да се прилагодува и го изложува кон се поголемиот притисок на конкуренцијата.

Тргнувајќи од фактот дека земјоделците во повеќе европски земји бараат да им се зголеми помошта која ја добиваат од државата, во форма на субвенции и поголема заштита на домашното производство, како и се поголемиот интерес на Владите на тие земји да го заштитат домашното производство и да ја ублажат економската криза што ги погоди, се очекува зголемување на конкуренцијата на македонските земјоделски производи.

Исто така, евтините аграрни производи од соседните земји со евентуален влез на домашниот пазар по дампинг цени, би можеле да го загрозат домашното земјоделско производство. Република Македонија може да се заштити од ниските цени со поголеми субвенции, воведување компензациска царина, а најдобра мерка за борба против ниските цени е зголемување на продуктивноста по хектар обработлива површина или по грло добиток. Во овој

сегмент се лоцира поголем степен на ризици за Друштвото ЗК Пелагонија, заради високото учество на реализацијата на домашниот пазар (90%).

Основна дејност на ЗК Пелагоноија АД Битола е примарно земјоделско производство од: ниски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, градинарство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

Основна дејност на Жито Полог АД Тетово( каде ЗК Пелагонија е владеачко друштво) е производство на мелнички производи( пченично брашно,производство на пекарски производи(леб и бело пециво)и промет на мало и големо.

Основна дејност на друштвото за трговија на големо Пелагонија Полог ДОО-Скопоје е треговија на големо со стоки

ЗК Пелагонија како голем земјоделски комбинат со активности во повеќе гранки од земјоделството се соочува со предизвиците присутни, во земјоделско производство, сточарското производство, градинарството и овоштарството
Како компанија, која во своето работење се бави и со прозводство на сточна храна и како владеачко друштво се бави со прехрамбена индустрија, несомнено е дека е изложена на ризиците присутни и во споменатите индустрии.

Со оглед на широкиот асортиман на производи, поделени по групи и сегменти, секој сегмент е изложен кон специфични ризици кои влијаат на успешноста на работењето и финансиските резултати на ЗК Пелагонија.

Земјоделското производството е под силно влијание на климатските фактори, коњуктурата на пазарот на земјоделски производи и берзанските цени на тие производи, како и веќе споменатите интервенционистички политики на националната влада и владите на земјите кои увезуваат или извезуваат земјоделски производи. Како резултат на фактот што 90% од своето прозводство пласира на домашниот пазар, компанијата зависи од откупната и заштитната политика на државата. Споменатите негативни влијанија на економската криза и падот на бруто домашниот производ негативно влијаат на нивото на производство и финансиските резултати на компаниите од овој сектор.

Одгледувањето на крупен и ситен добиток се соочува и со предизвикот на намалување на откупот поради појава на свинскиот грип. Ова само дополнително го оптоварува работењето на компанијата, покрај веќе споменатите ризици.

Неповолните состојби во индустријата за производство на млеко и млечни производи, предизвикана со пропаѓањето на Млекарницата Свед Милк, со што

голем број на кооперанти забележаа финансиски загуби, го зголемува ризикот за пласман на сточната храна, што претставува еден сегмент од работењето на ЗК Пелагонија.

Во производството на леб и мелничките производи забележано е намалување на цените на финалните производи, како резултат на зголемување на конкуренцијата на пазарот помеѓу производителите. Како и кај другите земјоделски производи, и овој сегмент е под силно влијание на движењата на берзанските цени на земјоделски прозводи, со што се лоцира и закана за циклично движење на економската активност на компанијата.

Со цел да се соочи со споменатите ризици, ЗК Пелагонија посветува исклучително внимание на сеопфатното следење на светските трендови во земјоделското производство и прехрамбената и сточната индустрија, и се обдува да го следи чекорот со најновите технолошки достигнувања, нудејќи на пазарот нов и поквалитетни производ со повисоко учество на новосоздадена вредност.

4.1.3 Конкурентски ризик

За важноста на земјоделското прозводство и прехрамбената индустрија зборува и фактот за високото учество на овие сектори и гранки во бруто домашнот производ на државата. Земјоделското производство и прехрамбената индустрија се карактеризираат со постојано зголемување на побарувачката, како резултат на порастот на животниот стандард и квалитетот на прехрамбените навики. Ова зголемување на потенцијалите на секторот и гранката влијаат на зголемување на конкуренцијата во рамките на секторот. Освен тоа, процесот на глобализација, политичката стабилност, развојот и либерализацијата на пазарите, како и порастот на животниот стандард влијаат на елиминирање на трговските бариери и зголемување на конкуренцијата во земјоделското производство. Дополнителен притисок се обврските на Република Македонија кои произлегуваат од процесот на приближување кон Европската унија, со што се елиминираат пречките за спојување на националниот со глобалните пазари. Резултат на овие процеси е дополнителната изложеност на локалните компании кон брзите отворања на странските пазари, но и на зголемента конкуренција од влезот на странски компании на домашниот пазар.

Сепак, земјоделското производство и прехрамбената индустрија се одредени во голема мерка со локалните потрошувачки и прехрамбени навики, па домашните компании, како ЗК Пелагонија, кои континуирано го унапредуваат

квалитетот на своите производи и го проширувaат асортиманот, успеваат не само да ја одржат туку и да ја зајакнат позицијата на домашниот пазар.

4.1.4 Деловен ризик

Компаниите се секојдневно изложени на деловен ризик кој опфаќа ризик од лошо работење и намалување на стабилноста на компанијата. Лошите деловни одлуки, лоши деловни и финансиски резултати на одделен сегмент, неефикасна контрола на трошоците и слично, го зголемуваат деловниот ризик и можат да резултираат со нестабилност во работењето на компанијата. ЗК Пелагонија, системски користи одредени показатели преку кои го следи деловниот ризик. Така, секое позначајно отстапување на показателите на ликвидноста, профитабилноста и задолженоста од нивните нормални вредности, претставуваат сигнал на зголемен деловен ризик и бараат превземање на соодветни мерки со цел да се обезбеди стабилност во работењето на компанијата.

Активностите кои ги извршува во своето работење ЗК Пелагонија, го изложуваат комбинатот на разни финансиски ризици, вклучително промена на пазарните цени, девизни курсеви и каматни стапки.

Управување со ризикот на ликвидност, подразбира одржување на доволно ниво на готови пари и обртен капитал, како и осигурување на достапноста на финансиските средства во форма на кредитни линии.

Финансискиот имот кој потенцијално може да го донесе ЗК Пелагонија во кредитен ризик опфаќа побарувања од купувачите и дадени кредити. Побарувањата од купувачите се искажани со намалувања за резерви за сомнителни и спорни побарувања, а дадените кредити се оденсуваат на побарувања од поврзаните претпријатија.

Приходот на ЗК Пелагонија и паричниот тек од неговите деловни активности зависи и од промените на пазарните каматни стапки.

4.1.5 Оперативен ризик

Друштвото има воспоставени процедури и усвоено правилници за справување со овој вид на ризик, преку формирање на тимови за гаснење на пожари, континуирано чистење на одводните канали и оперативен план за заштита од пожари и план за организација и спроведување на жетвата.

Друштвото е изложен на повисок оперативен ризик од просекот на пазарниот во целина, заради дејноста која ја обавува. Поставената организација овозможува намалување на ризикот, но не и негова целосна елиминација.

4.1.6 Правен ризик, даночен ризик и сметководствен ризик

Правниот ризик, даночениот и сметководствениот ризик се иманентни на Македонската економија и правниот систем и заради тоа органите на Друштвото постојано ги следат промените во законската регулатива превземаат мерки за нивно неутрализирање.

## 4.2 Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции

Дефинирањето на одделни видови ризици поврзани со работењето на Друштвото има за цел нивно идентификување и проценка на пазарниот ризик. Оценка на мерката на пазарниот ризик (бета) на компанијата не е направена.

4.2.1 Ризик од деловно окружување (пазарен ризик)

Анализата на пазарниот ризик покажува зголемен ризик на компанијата како резултат на забавувањето на економската активност во Република Македонија и намалување на стапката на економски раст. Глобалните рецесиони движења можат да се одразат негативно на работењето на компанијата. Сепак, дејноста на компанијата асоцира дека нејзината осетливост на промените е блиску до осетливоста на целиот пазар во целина (бета на пазарот е 1). Друштвото се справува со пазарниот ризик преку диверзификација на дејностите во рамките на својата бизнис активност, диверзификација на палетата на готови производи, како и домашна и меѓународна диверзификација на купувачите. Потпирањето на Комбинатот на сопствени средства за финансирање на оперативните и инвестиционите активности, ја намалува осетливоста на Друштвото на промената на каматните стапки во националната економија. Коефициентот на задолженоста и левериџот е низок, коефициентите на профитабилноста растат, а нето добивката е поголема за 50% во 2008 година споредбено со 2007 година. Широката палета на производи и услуги, како и диверзификација на производството овозможуваат компанијата да го намалува пазарниот ризик.

4.2.2 Конкурентски ризик

ЗК Пелагонија, кој најголем дел од своето производство го пласира на домашниот пазар, континуирано го подобрува квалитетот на своите производи и го проширува асортиманот, со што ја одржува и зајакнува својата пазарна позиција на домашниот пазар.

ЗК Пелагонија АД Битола, како компанија со јасна развојна стратегија располага со сили успешно да се прилагоди на кокурентските предизвици.

4.2.3 Деловен ризик

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти (финансиски деривати) за да ги намали кредитниот и девизниот ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.

До денот на составување на Билансот на состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

Во анализата на ризиците е направена и оценка на финансиската стабилност на друштвото, позната во деловните финансии како состојба на долгорочна ликвидност или солвентност, која е на задоволително ниво. Тоа се потврдува со структурата на изворите на финансирање на средствата и соодносот на капиталот и постојаните  средства и залихите. Капиталот на Друштвото на крајот на 2008 година учествува со 92,53 % во вкупните извори на финансирање на средствата (оптимално ниво е учество од 50,00%).

Друштвото има обезбедено висок степен на финансиска ликвидност гледано од аспект на покриеност на долговите со тековни средства и времето на разрешување на должничко доверителските односи, односно плаќањето на долговите и обврските во моментот на нивното доспевање и можноста да се излезе во пресрет на неочекуваните потреби за готовина.

Вкупните тековни средства се поголеми за 8,89 пати од краткорочните обврски, а без залихите,  паричните средства и побарувањата ги надминуваат долговите за 3,08 пати. Оптимален тековен коефициент за општата ликвидност се постигнува кога тековните средства се двојно поголеми од обврските, а оптимален брз коефициент на ликвидност е кога паричните средства и побарувањата се еднакви со долговите.

Просечно потрошеното време за наплаќање на побарувањата е 89 дена т.е. 4 месеци а обртот на побарувањата е 3,04 пати. Просечно потрошеното време за плаќање на обврските е 36 дена и обртот на истите е 10,13 пати.

Нето обртниот капитал – обртниот капитал што ги надминува краткорочните обврски е од големо значење за интерната контрола на способноста на фирмата за одржување на континуитетот на работењето и истиот изнесува 880 милиони денари

4.2.4 Македонскиот пазар на хартии од вредност

Иако, македонскиот пазар на капитал се уште не е доволно развиен во споредба со западноевропските развиени пазари на капитал, тој се побрзо се развива како во делот на акциите така и во делот на обврзниците. Тоа резултира со зголемување на бројот и структурата на хартиите од вредност, односно константното зголемување на прометот на тргување (исклучок е последната година каде имаме намалување на прометот поради светската

економска криза). Меѓутоа и понатаму малиот број на издавачи претставува несразмерно голем процент на пазарната капитализација и прометот што резултира со зголемување на волатилноста на цените на пазарот.

Индексот МБИ10 на најликвидните котирани компании на македонската берза е најдобриот показател за случувањата односно промените на македонскиот пазар на капитал. Меѓу останатите компании кои го сочинуваат овој индекс, секако тука се вбројува и акцијата на ЗК Пелагонија АД Битола. Имено, оваа акција бележи континуирано тргување, односно стабилна ликвидност од самите почетоци на нејзината котација. Интересот секако најголем беше за време на бумот на македонскиот пазар на капитал 2007 година кога и голем процент од вкупниот број на акции од оваа компанија беше истргуван. Интересот за оваа акција може да се заклучи дека е доста голем како од домашните, така и од странските инвеститор

## 5.Податоци за Издавачот

### 5.1 Податоци за историјата и развојот на Издавачот

Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола произлезе од некогашниот Земјоделско Индустриски Комбинат Пелагонија Битола кој беше формиран во Јули 1963 година. ЗК Пелагонија АД Битола својот самостоен развој го започна во 1991 година кога на договорна основа, согласно Одлуката на централниот работнички совет се издвоија преработувачките и услужните дејности во посебни правни субјекти, а примарното земјоделско производство продолжи да работи како единствено претпријатие во општествена сопственост, под името ПОС ЗК Пелагонија – Битола.
Како претпријатие во општествена сопственост ЗК Пелагонија работеше се до 09.05.1997 година, кога е регистрирано како акционерско друштво.
ЗК Пелагонија АД Битола денес е акционерско друштво во областа на земјоделското производство. Според големината на активата, бројот на вработените и големината на остварените приходи се вбројува во големи претпријатија.

5.1.1Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола, со седиште на ул. “Борис Кидрич” бр.3, Битола, Р.Македонија, тел. 047/233-884

5.1.2 Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на Друштвото

Датум на регистрација 09.05.1997 год. Бројот на решението од регистарскиот суд е Срег.бр.1155/97 а решението од трговскиот регистар е Трег.бр.165/02
.
ЕМБС на Земјоделски Комбинат АД Битола е 4167414 .

5.1.3 Датум на основање на Друштвото

Датумот на основање на Друштвото е 09.05.1997 година.Друштвото е основано за неопределено време.

5.1.4 Правна форма на Друштвото и законите врз основа на кои работи

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола е организиран како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.
Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола работи врз основа на Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за сточарство, Законот за ветеринарно здравство, Законот за семе и саден материјал, Законот за безбедност на храната, производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Законот за вода и пасишта, Законот за рибарство и сите други закони и подзаконски акти релевантни во доменот на работењето на компанијата.

5.1.5 значајни настани во деловниот развој на издавачот

Како значаен настан би се навело купувањето на фабриката за добиточна храна .с Радово т.е заокружувањето на процесот на сточна храна како целина.

## 5.2 Инвестиции

5.2.1 опис и износ на значајните инвестиции на издавачот за последните три финансиски години

Позначајните инвестиции на Групацијатаза последните три финансиски години се издвојуваат:

2006

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Комбајн (тип: Сило ЈД740 | 10.712.187,00 |
| Трактори (тип: ЈД6320 | 12.683.078,00 |

| | |
|---|---|
| Градежни објекти (Сточна штала | 22.263.896 |
| Активирани градежни работи во Скопје | 450.932,00 |
| Активирана опрема во скопје | 274.042,00 |
| Набавен лабараториски влагомер | 160.600,00 |
| Набавена машина за пакување | 974.700,00 |
| Набавено основно стадо-кокошки хала 1 | 4.746.043,00 |
| Набавено основно стадо-кокошки хала2 | 4.804.486,00 |
| Набавена лепилица | 41999,00 |
| Набавено компјутери и сервер | 149.834,00 |
| Вкупно | 57.261.784,00 |

2007

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Цевководи(Лознани,Аеродром | 7.522.609,50 |
| Плугови (тип: Кухн) | 4.404.430,00 |
| Измолзиште- опрема | 4.567.055,00 |
| Набавени машини за сечење леб | 92.250,00 |

| | |
|---|---|
| Набавена делилица соча | 541.334,00 |
| Дигитална вага либела | 19500,00 |
| Мачина за лепење на кеси | 19988,00 |
| Набавена прецизна вага | 36000,00 |
| Набавена машина за шиење на вреќи | 21750,00 |
| Набавена компјутерска опрема | 120555,00 |
| Набавено возило фијат дукато | 592220,00 |
| Фијат дукато | 638975,00 |
| телефакс | 12000,00 |
| Набавено основно стадо - кокошки | 4892169,00 |
| Вкупно | 23.480.834,00 |

2008

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Трактори (тип: ДЈ6630, ЈД8630, ЈД8230 | 31.036.436,00 денари |
| Комбајни (тип: ЈД660) | 18.744.518,00 денари |
| Сеалки (житни | 17.655.588,00 денари |
| Тањирачи (тип: ЈД637) | 6.983.397,00 денари |
| Градежни објекти и опрема во ФДХ | 121.984.466,00 |
| Пристапна истоварна рампа | 369.893,00 |

| | |
|---|---|
| во просториите на деликатес | |
| Зидање на пекара | 93.803,00 |
| Изведба на гипс картонска маска за затварање на цевки во пекара | 144.603,00 |
| Замена на плочки во пекара | 169.115,00 |
| Замена на плочки во пекара | 363.000,00 |
| Копање на под изведба на канали | 153.546,00 |
| Изведба епоксидни подови | 868.644,00 |
| Замена прозорци врати | 126.280,00 |
| Изработка на хидро изолација на магацини воЉуботен | 188.475,00 |
| Останати градежни активности | 106.116,00 |
| Машини на перење корпи во пекара | 388.395,00 |
| Машини за сечење леб | 393.570,00 |
| Останата опрема | 1.449.528,00 |
| Набавено возило Пежо боксер | 469.831,00 |
| Товарно возило мерцедес | 2.217.600,00 |
| Набавено возило добло-лизинг | 695.140,00 |
| Набавено возило карго-лизинг | 695.140,00 |
| Набавено возило фолцваген поло-лизинг | 700.779,00 |
| Набавено возило фијат пунто-лизинг | 491.946,00 |
| Набавено возило Ивеко | 413.560,00 |
| Набавено возило Ивеко | 442.797,00 |
| Набавена приколицагорица | 123.000,00 |
| Набавено основно стадо-кокошки | 5.239.080,00 |
| Вкупно | 16.303.841,00 |

Позначајни инвестиции на ЗК Пелагонија АД Битола за последните три години

2006

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Комбајн (тип: Сило ЈД740 | 10.712.187,00 |

| | |
|---|---|
| Трактори (тип: ЈД6320 | 12.683.078,00 |
| Градежни објекти (Сточна штала | 22.263.896 |
| Вкупно: | 45.659.161,00 |

2007

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Цевководи(Лознани,Аеродром | 7.522.609,50 |
| Плугови (тип: Кухн) | 4.404.430,00 |
| Измолзилиште- опрема | 4.567.055,00 |
| Вкупно: | 16.494.094,50 |

2008

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Трактори (тип: ДЈ6630, ЈД8630, ЈД8230 | 31.036.436,00 |
| Комбајни (тип: ЈД660) | 18.744.518,00 |
| Сеалки (житни | 17.655.588,00 |
| Тањирачи (тип: ЈД637) | 6.983.397,00 |
| Градежни објекти и опрема во ФДХ | 121.984.466 |
| Вкупно | 196.404.405 |

5.2.2 опис на значајните инвестиции кои се во тек вклучувајки и податок за географската локација на инвестициите(дома или во сранство) како и податок за начинот на финансирање на истите(внатрешни или надворешни извори на средства

Инвестиции кои се во тек на Групацијата

.

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Проектна документација за свињарска фарма-производна единица Даме Груев село долно Српци општина Могила | 555.582,00 денари |
| Цевковод Чарлија-производна единица Радобор село Чарлија општина Могила | 5.001.518,00 денари |
| Идеен проект за Агроцентар Новачки пат-Битола | 463.858,00 денари |
| Проект за мотел Рибник-селоЖабени општина Битола | 253.251,00 денари |
| Реконструкцијата на фармата Добрушево-фарма Радобор село Добрушево  општина Могила | 1.854.358,50 денари |
| Реконструкција на влез во административна зграда | 1442016,00 |
| Виљушкар | 1038714,00 |
| Товарно возило камион | 2376140,00 |
| Ладилна комора | 617000,00 |
| Машина за увреќување либела | 5.220.097,00 |
| Пакерица за тестенини | 1.002.450,00 |
| Под за машина за увреќување | 260.833,00 |
| Аспиратор либела | 414.060,00 |
| Вкупно | 18.123.737,00 |

Инвестиции во тек на ЗК пелагонојa АД Битола

| Опис на инвестиција | Изразено во денари |
|---|---|
| Проектна документација за свињарска фарма-производна единица Даме Груев село долно Српци општина Могила | 555.582,00 |
| Цевковод Чарлија-производна единица Радобор село Чарлија општина Могила | 5.001.518,00 |
| Идеен проект за Агроцентар Новачки пат-Битола | 463.858,00 |
| Проект за мотел Рибник-селоЖабени општина Битола | 253.251,00 |
| Реконструкцијата на фармата Добрушево-фарма Радобор село Добрушево општина Могила | 1.854.358,50 |
| Вкупно | 8.128.567,00 |

Овие инвестиции се финансираат исклучиво од сопствени средства

5.2.3 податоци за идните инвестиции на издавачот за кои неговиот менаџмент веќе има превземено обврски

Освен инвестициите што се во тек и кои во 2009 година се завршени( цефки Чарлија и реконструкција Добрушево) останатите се стопирани до дел од проектна документација, а идни инвестиции не се превземени со исклучок на тие што значат одржување и реконструкција

## 6.Деловен преглед

### 6.1Основни Дејности

6.1.1 Опис и клучни фактори во врска со природата на активностите на издавачот, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: ниски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, градинарство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

Една од основните цели и задачи на Комерцијалната служба во ЗК Пелагонија АД Битола е пласман на производството и наплата на побарувањата, Службата има за цел да го пласира целокупното производство

Основни категории производи и услуги кои се продадени во последните три години и пресек на остварениот приход и процентот на учество од вкупниот приход

6.1.2 Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга, односно за отпочнување со нова активност

ЗК Пелагонија АД Битола, во својата фабрика за добиточна храна с.Радобар произведува повеќе видови концентрати со висок квалитет за добиточна исхрана и истите ги нуди за продажба, и тоа:

-концентрат за молзни крави,
-концентрат за гоени јунци,
-стартер за телиња. ( Битолски весник, 4 март, 2009 година).

Фабриката за добиточна храна функционира целосно и се вршат обиди за освојување на пазарот на производство на сточна храна ( концентрат)

**6.2 Пазари на кои издавачот работи**

6.2.1Опис на пазарот на кој издавачот работи

Најголем дел од продажбата е реализирана на домашниот пазар.
По значајни комитенти со промет над 10.000.000 милиони денари

"Жито Полог"-Тетово

"Жито Лукс" -Скопје

“Жито Вардар”-Велес

“Млин Стојчев”-Битола

“Жито Југ”- Кавадарци

“Житокараорман” - Кичево

Од есенските култури добар дел се пласираат на повеќе фирми во Македонија а останатите количини се сместуваат во магацините и силосите на Комбинатот.

Производството од летните култури се пласира во:

- Благој Ѓорев - Велес

- Фила Фарм - Штип

- Агроцентар - Кочани

-Пелагонија - Полог – Скопје

-Агенција за стокови резерви

-Компани – Петрови - Кавадарци.

Од сточарско производство, најголеми приливи се добиени од продажбата на млеко. Целокупната количина на млеко е продадена на Индустријата за млеко “Млекара” Битола

Комбинатот има склучено договор со Institut za kukuruz”Zemun Polje”D.P Beograd-Zemun за производство доработка и откуп на семе.

Добавувачи од странство со над 10.000.000 милиони денари промет:

-Џондир - Германија

-Емико - Грција

-Буч Хов - Германија

-Аграр машине -Аустрија

-Делта Даун - Грција

-Новокомерц - Хрватска

6.2.2 пресек на остварени приходи по категорија активности остварени на домашен или странски пазар за последните три финансиски години

Приходи остварени од продажба на Групацијата по категорија активности

Во денари

| продажба | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Производи од растително потекло | 524.617.345 | 523.096.080 | 616.720.040 |
| Производи од сточарскопроизводство | 225.812890 | 241.307.466 | 322.400.979 |
| Концентрат за сточна храна | _ | _ | 292.217 |
| Стоки ,материјали и услуги | 2.335.540 | 3.818.268 | 4.372.405 |
| Приход од продажба на млечни производи | 214.744.056 | 226.220.131 | 234.497.878 |
| Приходи од продажба напекарски производи | 61.034.756 | 74.801.684 | 121.842.408 |
| Приходи од продажба на јајца | 14.120.272 | 16.641.409 | 20.552.063 |
| Други приходи од продажба | 7.119.047 | 16.641409 | 13.401.382 |
| Други приходи од работење | 12.225.449 | 10.794.177 | 11.675.719 |

Приходи од продажба на производи и услуги на Групацијта на домашен и странски пазар

Во денари

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи и услуги во земјата | 932.040 | 950.040 | 1.153.408 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи и услуги во странство | 14.234 | 14.234 | 29,116 |

Приходи остварени од продажба на ЗК пелагонија АД Битола по категорија активности

| Продажба | 2006 | | 2007 | | 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | денари | % | денари | % | Денари | % |
| Производи од растително потекло | 524.617.345 | 52,11 | 523.096.080 | 47,91 | 616.720.040 | 52,77 |
| Производи од сточарскопроизводство | 225.812890 | 22,43 | 241.307.466 | 22,10 | 322.400.979 | 27,59 |
| Концентрат за сточна храна | _ | _ | _ | _ | 292.217 | 0,37 |
| Стоки ,материјали и услуги | 2.335.540 | 7,14 | 3.818.268 | 0,35 | 4.372.405 | 0,37 |

Приходи од продажба на производи и услуги на ЗК Пелагонија АД Битола на домашен и странски пазар

Во денари

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи и услуги во земјата | 633.449 | 619.960 | 765095 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи и услуги во странство | 29.116 | 14.282 | 29,116 |

6.3 Влијание на невообичаени фактори на пазарите на кои издавачот работи

Нема невообичаени фактори кои влијаат на пазарите на кој издавачот работи

6.4 збирен приказ на степенот на зависност од патенти и лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки

Не посто збирен приказ за патенти и лиценци

## 7. Организациона структура

### 7.1 Позицијата на издавачот во група или во посложен деловен систем

ЗК Пелагонија АД Битола во однос на Жито Полог АД Тетово и Пелагонија Полог ДОО Скопје има статус на “Владеачко друштво”, бидејќи представува друштво со мнозинско учество, односно со мнозинско право на одлучување.

### 7.2 податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат,процентот на сопственост )

Друштвото има значајно и мнозинско учество во следните друштва

31.Декември.2008

| | % на сопственост | % на гласачка моќ |
|---|---|---|
| Жито Полог АД Тетово | 67,516 | 71,62 |
| Пелагонија Полог ДОО Скопје | 51 | 51 |

## 8. Недвижности постројки и опрема

### 8.1 Податок во врска со постојните значајни материјални (фиксни) средства

8.1.1 Податок заПостојни  значајни материјални (фиксни)средства на Групацијата

| | 2006 | | | 2007 | | | 2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност |
| земјиште | 50.340 | - | 50.340 | 53.340 | - | 53.340 | 7065.63 | - | 706.563 |
| Градежни објекти | 972.059 | 535.760 | 436.299 | 992.055 | 558.077 | 433.978 | 1.051.264 | 577.809 | 473.455 |
| Опрема и други средства | 1.843.082 | 1.577.766 | 265.316 | 1.844.736 | 1.603.118 | 241.618 | 201.0570 | 1.607.661 | 402.909 |
| Инвестиции во тек | 253.326 | - | 253.326 | 24.546 | - | 24.546 | 19.512 | - | 19.512 |
| Вкупно | 2.890.807 | 2.113.526 | 777.281 | 2.914.767 | 2.161.195 | 753.572 | 3.151.999 | 2.185.470 | 966.529 |

ЗК пелагонија АД  Битола За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договор од 08.12.2005 година. Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско
земјиште и тоа:

 во ридско - планинските подрачја во површина од 5.534 ха по 100 кгр пченица
по хектар изразена во денарска противвредност и

 за останатите подрачја во површина од 12.290 ха по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противвредност

Жито Полог на 31.12.2008 година има искажано земјиште во износ од 44.131 илјади денари. Земјиштето согласно со поранешните прописи е дадено на трајно користење од страна на Република Македонија. Жито Полог има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите

прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.
Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 62.913 илјади денари се од следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 60.407 илјади денари и Жито Полог во износ од 2.506 илјади денари. Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 62.913 илјади денари се од
следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 60.407 илјади денари и Жито Полог во износ од 2.506 илјади денари Најголем дел од недвижностите - градежните објекти, кои ги поседува ЗК Пелагонија се во општини каде сеуште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, објектите се евидентирани во поседовни листови во кои не е разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објекти од сопственоста на објектите. Постапката за запишување на сопственоста врз останатите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар.
Во Жито Полог порастот на градежните објекти во најголем дел е резултат на изработка на кровна хидроизолација, набавка и изработка на излози, извршени повеќе градежно - занаетчиски работи и друго.
Зголемувањето на постројките, опремата и други средства во износ од 200.008 илјади денари се набавки во: ЗК Пелагонија во износ од 199.435 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 573 илјади денари.
Инвестициите во тек се неактивирани материјални средства. Нивното зголемување во износ од 287.577 илјади денари во најголем дел се однесува на извршени градежни работи и вложување во опрема, а намалувањето во износ од 281.624 илјади денари е активирање на материјалните средства.

8.1.2 Податок заПостојни значајни материјални (фиксни)средства на ЗК Пелагонија АД Битола

| | 2006 | | | 2007 | | | 2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност | Набавна вредност | Исправка на вредноста | Сегасна вредност |
| земјиште | 6.209 | - | 6,209 | 9.299 | - | 9.299 | 26.522 | - | 26.522 |
| Градежни објекти | 733.572 | 371.552 | 362.020 | 753.563 | 388.643 | 364.920 | 810.266 | 403.207 | 407.059 |
| Опрема и други средства | 1.376.922 | 1.218499 | 158.423 | 1.385.343 | 1.237.664 | 147.679 | 1.554.015 | 1.240.112 | 313.903 |
| Мебел возила и други средства | 296.661 | 254.684 | 41.977 | 287.501 | 254.116 | 33.385 | 277.041 | 250.155 | 26.886 |
| Средства во подготовк а | 17.685 | - | 17.685 | 165.905 | - | 16905 | 11.871 | - | 11.871 |
| Вкупно | 2.431.049 | 1.844.735 | 586.314 | 2.452.611 | 1.880.423 | 572.188 | 2.679.715 | 1.893.474 | 786.241 |

Друштвото е корисник на 18.457 ха земјоделско земјиште од кои 17.824 ха е во сопственост на Република Македонија, дел од 548 ха се води како имот на физички лица а се користи од Друштвото а дел од 85 ха е во негова сопственост.
За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договор од 08.12.2005 година. Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

-  во ридско - планинските подрачја во површина од 5.534 ха по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност и
-  за останатите подрачја во површина од 12.290 ха по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност

Во текот на 2008 година Друштвото извршило купување на 47 ха земјоделско земјиште од физички лица во вкупен износ од 3.089 илјади денари. Откупено е земјиште за кое Друштвото претходно се јавува како корисник, а кое со решение за денационализација истото било вратено на поранешни сопственици физички лица.
Купеното земјиште претставува во најголем дел идеални делови на земјоделски парцели над кои не е извршена физичка делба.
Најголем дел од недвижностите (градежните објекти) Друштвото ги поседува во општини каде сеуште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, објектите се евидентирани во поседовни листови во кои не е разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објекти од сопственоста на објектите.
Постапка за запишување на сопственоста врз останатите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар.

На ЗК Пелагонија АД Битола одобрен и искористен е краткорочен кредит од Стопанска Банка Битола во износ од 60.000.000 денари со стасаност до 31.10.2009 год.
Одобрено е ставање под залог на ЗК Пелагонија АД Битола објекти и опрема и тоа:
-Фабрика за добиточна храна Радобор, Мешкоица,
-Краварска фарма Новаци
-Комбајн за собирање на земјоделски производи со одвојување на зрната од растенијата ЈОХН ДЕЕР
-Хдер платформа за берба за житни култури

ЗК Пелагонија АД Битола има издадено девизна гаранција за плаќање кон Семенарство од Нови Сад 69.500 евра со рок на плаќање 15.11.2009 год.

-Изнајмено земјиште со договор за долгорочен закуп на30 год од 09,05,1998

### 8.2 Опис на било кои фактори на опкружување кои имаат влијание на располагањето на издавачот со материјалните средства.

Не постојат фактори на опкружување кои имаат влијание на располагањето на издавачот со материјалните средства.

# 9. Преглед на оперативно и финансиско работење

## 9.1 Финансиска состојба

9.1.1 Финансиска состојба на Групацијата

Во анализата на финансиското работење на Групацијата се користени податоците од консолидираните финансиските извештаи на Групацијата (биланс на успех, биланс на состојба, извештајот за парични текови и извештај за промените на капиталот). Врз основа на анализа на одделните позиции од финансиските извештаи, како и на коефициентите добиени со ставање во соднос на одделни позиции од финансиските извештаи, можат да се изведат заклучоци за финансиската состојба, како и причините за позначајните промени во финансиските податоци. Групацијата остварила позитивен финансиски резултат во 2006, 2007 и 2008 година.

Приходот од редовно работење во 2008 година изнесува 1.281.007 (во илјади денари), што е за 22% повеќе отколку бруто приходот во 2007 годна, кога изнесувал 1.042.657. (во илјади денари). Во 2006 година Групацијата остварила 1.023.026 (во илјади денари).

Имено, Групацијата оствари оперативна добивка во 2008 година, во износ од 198.187 (во илјади денари) или споредбено со 2007 година забележи пораст од речиси 117%. Порастот на добивката од редовно работење се должи на порастот на реализацијата за повеќе од 22% и зголемувањето на вредноста на биолошките средства за 47%. Во 2006 година, Групацијата остварила оперативна загуба во износ од 29.914 (во илјади денари).

Групацијата во 2008 година оствари висок пораст на добивката пред оданочување. Добивката пред оданочување во 2008 година изнесува 247.375 (во илјади денари), што претставува зголемување од 54% во однос на 2007 година, кога е остварена добивка пред оданочување во износ од 160.143 (во илјади денари). Во 2006 година, Групацијата остварила добивка пред оданочување во износ од 36.419 (во илјади денари).

Нето добивка на Групацијата во 2008 година е 238.543 (во илјади денари), а коефициентот на профитабилност – заработка по акција изнесува 1.279 денари. Групацијата во 2007 година остварило нето добивка од 147.194 (во илјади денари) и заработка по акција од 675,84 денари. Тренд анализата покажува речиси 62% пораст на нето добивката на Групацијата во 2008 година

во споредба со 2007 година. Нето добивката на Групацијата во 2006 година изнеснувала 36.372 (во илјади денари), а заработката по акција во 2006 година изнесува 150,66 денари.

Основната главнина на Групацијата е во износ од 738.184 и во 2008 година останува непроменета, како во 2007 и 2006 година. Групацијата во 2008 година во споредба со 2007 година има помал износ на капитал и резерви, како резултат на намалување на износот на законските резерви за 600.000 (во илјади денари). Анализата покажува дека Групацијата во своето работење се потпира на интерно генерирани фондови. Во 2008 година Групацијата ја реинвестира добивката во износ од 120.376 (во илјади денари), додека износот на акумулирана добивка во 2008 година е 1.230.189 (во илјади денари). Во 2006 година капиталот и резервите на Групацијата се во износ од 2.758.041.

Вкупни средства на Групацијата во 2008 година се во износ од 2.430.962 (во илјади денари), што споредбено со 2007 година, кога изнесувале 2.973.258 претставува 19% намалување. Намалувањето се должи на промената на структурата и намалување на нетековните средства за вложувања во хартии од вредности и удели за 600.000 (во илјади денари). Во 2006 година, вкупната актива на Групацијата изнесувала 3.024.694 (во илјади денари).

Вкупни обврски на Групацијата, во 2008 година се намалени за 15% во однос на 2007 година и се во износ од 202.083 (во илјади денари). Во 2006 година, обврските на Групацијата се 261.664, што е 8,6% од вкупната пасива на друштвото.

Анализата на изворите на средствата на Групацијата покажува дека во структурата на изворите само 9% се долгови, додека 91% е сопствениот капитал. Станува збор за исклучително ниски коефициенти на задолженост и левериџ на фирмата, кои покажуваат способност на компанијата да работи речиси исклучиво со сопствен капитал.

Приносот на вкупните средства (РОА) на Групацијата во 2008 година изнесува 9.8%, а во 2007 година приносот на вкупните средства бил 4.9%. РОА на Групацијата во 2006 година е 1,2%.

Приносот на сопствените средства РОЕ на Групацијата во 2008 година изнесува 10.84%, а во 2007 година изнесувал 5.3%. Коефициентот РОЕ во 2006 година изнесувал 1.3%.

Анализата на коефициентите на профитабилноста на Групацијата покажува тренд на забрзан раст.

9.1.2 финансиска состојба на ЗК пелагонија АД битила

Во анализата на финансиското работење на издавачот се користени податоците од ревидираните финансиските извештаи на друштвото (биланс на успех, биланс на состојба, извештајот за парични текови и извештај за промените на капиталот. Врз основа на анализа на одделните позиции од финансиските извештаи, како и на коефициентите добиени со ставање во соодност на одделни позиции од финансиските извештаи, можат да се изведат заклучоци за финансиската состојба, како и причините за позначајните промени во финансиските податоци. Друштвото остварило позитивен финансиски резултат во 2006, 2007 и 2008 година.

Приходот од редовно работење во 2008 година изнесува 943.760 (во илјади денари), што е за 22% повеќе отколку бруто приходот во 2007 годна, кога изнесувал 768.139. (во илјади денари). Во 2006 година комбинатот остварил 752.995 (во илјади денари).

Имено, ЗК Пелагонија оствари оперативна добивка во 2008 година, во износ од 180.488 (во илјади денари) или споредбено со 2007 година забележи пораст од речиси 100%. Порастот на добивката од редовно работење се должи на порастот на реализацијата за повеќе од 22% и зголемувањето на вредноста на биолошките средства за 47%. Во 2006 година, друштвото остварило оперативна загуба во износ од 8.989 (во илјади денари).

Компанијата во 2008 година оствари висок пораст на добивката пред оданочување. Добивката пред оданочување во 2008 година изнесува 230.369 (во илјади денари), што претставува зголемување од 44% во однос на 2007 година, кога е остварена добивка пред оданочување во износ од 159.917 (во илјади денари). Во 2006 година, комбинатот остварил добивка пред оданочување во износ од 53.331 (во илјади денари).

Нето добивка на друштвото во 2008 година е 222.702 (во илјади денари), а коефициентот на профитабилност – заработка по акција изнесува 1.300 денари. Друштвото во 2007 година остварило нето добивка од 146.979 (во илјади денари) и заработка по акција од 726 денари. Тренд анализата покажува повеќе од 50% пораст на нето добивката на друштвото во 2008 година во споредба со 2007 година. Нето добивката на ЗК Пелагонија во 2006 година изнеснувала 53.331 (во илјади денари), а заработката по акција во 2006 година изнесува 256 денари..

Основната главнина на друштвото е во износ од 738.184 и во 2008 година останува непроменета, како во 2007 и 2006 година. Друштвото во 2008 година во споредба со 2007 година има помал износ на капитал и резерви, како резултат на намалување на износот на законските резерви за 600.000 (во илјади денари). Анализата покажува дека компанијата во своето работење се потпира на интерно генерирани фондови. Во 2008 година друштвото ја реинвестира добивката во износ од 120.376 (во илјади денари), додека износот на акумулирана добивка во 2008 година е 955.951 (во илјади денари). Во 2006 година капиталот и резервите на друштвото се во износ од 2.510.676.

Вкупни средства на друштвото во 2008 година се во износ од 2.347.664 (во илјади денари), што споредбено со 2007 година, кога изнесувале 2.847.095

претставува 18% намалување. Намалувањето се должи на промената на структурата и намалување на нетековните средства за вложувања во хартии од вредности и удели за 600.000 (во илјади денари). Во 2006 година, вкупната актива на друштвото изнесувала 2.708.564 (во илјади денари).

Вкупни обврски на друштвото ЗК Пелагонија, во 2008 година се намалени за 20% во однос на 2007 година и се во износ од 161.289 (во илјади денари). Во 2006 година, обврските на друштвото се 197.888, што е 7,3% од вкупната пасива на друштвото.

Анализата на изворите на средствата на ЗК Пелагонија покажува дека во структурата на изворите само 7% се долгови, додека 93% се сопствениот капитал. Станува збор за исклучително ниски коефициенти на задолженост и левериџ на фирмата, кои покажуваат способност на компанијата да работи речиси исклучиво со сопствен капитал.

Приносот на вкупните средства (РОА) на ЗК Пелагонија во 2008 година изнесува 9.48%, а во 2007 година приносот на вкупните средства бил 5.1%. РОА на Комбинатот во 2006 година е 2%.

Приносот на сопствените средства РОЕ на Комбинатот ЗК Пелагонија во 2008 година изнесува 10.25%, а во 2007 година изнесувал 5.5%. Коефиционтот РОЕ во 2006 година изнесувал 2.2%.

Анализата на коефициентите на профитабилноста на компанијата покажува тренд на забрзан раст.

**9.2Резултати од работењето**

9.2.1Информации за позначајните фактори, вклучувајќи ги и невообичаените ретки настани и иновации, кои значајно влијаат на приходите на издавачот

Нема информации за позначајните фактори, вклучувајќи ги и невообичаените ретки настани и иновации, кои значајно влијаат на приходите на издавачот

9.2.2 приказ на значајни промени во нето продажбата

Не постојат значајни промени во нето продажбата.

9.2.3Информации за владини,економски фискални и монетарни политики кои имаат влијание на раборењто на издавачот

Програмата за финансиска поддршка во земјоделството донесена од владата на Република Македонија е една од позначајните владини мерки кои што влијаат на позитивното работење на ЗК Пелагонија АД Битола и одржувањето на ликвидноста на Друштвото. Имено, Друштвото за 2008 година,има остварено приходи по основ на субвенции од државата а се однесуваат на биолошките средства во износ од 56.836 илјади денари.

## 10. Извори на средства

### 10.1 Информации за изворите на средства и информации за условите под кои издавачот се задолжува

10.1.1 извори на средства на групацијата

Долгорочни обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 |
|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | 19.268 |
| Обврски на Жито Полог за финансиски лизинг - Хипо Алпе Адриа Лизинг | 2.723 |
| Долгорочни кредити на Пелагонија Полог | 690 |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *88.319* |

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија во износ од 65.638 илјади денари се кредити добиени од повеќе банки и тоа од: Стопанска банка АД - Битола во износ од 60.904 илјади денари, Комерцијална банка АД - Скопје во износ од 2.400 илјади денари, Тетекс Кредитна банка АД - Скопје во износ од 2.000 илјади денари и БНТ Банка во износ од 334 илјади денари. Наведените долгорочни кредити се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија. Кредитите конвертирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на Жито Полог во вкупен износ од 19.268 илјади денари се кредити добиени од: Комерцијална банка во износ од 18.380 илјади денари и од ТТК банка во износ од 888 илјади денари.

- Долгорочниот кредит од Комерцијална банка во вкупен износ од 18.380 илјади денари, се состои од два подкредита врз основа на Договорот за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит, склучен на ден 20.06.2008 година под број 02 - 1640 - 565 -12 на износ од 500.000 ЕВРА и Одлуката за одобрување на денарски подкредити од средствата на Земјоделски кредитен дисконтен фонд - Министерство за финансии на Р. Македонија и Комерцијална банка А.Д. Скопје.Рок на отплата на подкредитите е 5 (пет) години, со вклучен грејс период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на префрлање на средствата на Банката и ставње на користење на крајниот корисник на подкредитот. Каматната стапка за подкредитот од 04.07.2008 година во износ од 200.000 ЕВРА е 5% годишно декурзивно, а за подкредитот од 28.10.2008 во износ од 100.000 ЕВРА е 4% годишно декурзивно. За обезбедување на кредитот Друштвото заложи подвижен имот: деловна опрема во млинот Љуботен.

- Долгорочниот кредит од ТТК банка во износ од 888 илјади денари е врз основа на претварање на краткорочни во долгорочни кредити согласно важечките прописи во Република Македонија.

Обврските на Жито Полог за финансиски лизинг спрема Хипо Алпе Адриа Лизинг во износ од 2.723 илјади денари се врз основа на договори за финансиски лизинг за набавка на четири возила со рок на отплата од пет години и со индикатор 3 тримесечен ЕУРИБОР.

Долгорочните кредити на Пелагонија Полог се резултат на добиени два наменски кредити во вкупен износ 690 илјади денари од Про Кредит Банка А.Д. - Скопје и тоа:

- Договор за кредит број А - 68663 од 13.02.2007 во износ од 9.970 Евра во денарска противвредност. Кредитот е одобрен наменски за набавка на основно средство - возило, без грејс период, на 48 рати со месечна каматна стапка од 0,85 %.
- Договор за кредит број 10103915 од 30.07.2008 во износ од 5.760 Евра во денарска противвредност. Кредитот е одобрен наменски за набавка на основно средство - возило, без грејс период, на 48 рати со месечна каматна стапка од 0,9%.

### 10.1.2 Извори на средства на ЗК пелагонија АД битола

Од финансиските извештаи може да се види дека друштвото се финансира од сопствени извори.Капиталот на друштвото на крајот на 2008 година учествува со 92,53% во вкупните извори на финансирање на средствата.Капиталот на друштвото ги покрива во целост постојните средства како и 82,03% од тековните средства.Постојните средства и залихите се целосно покриени со сопствен капитал.

Задолжувањето е од кредити од домашни банки и се евидентираат според нето примените средства,до колку кредитот се плати пред рокот на доспевање разликата меѓу сметководствената вредност и платениот износ веднаш се признава во Билансот на успех.

Причините поради кои ЗК Пелагонија се финансира со сопствен капитал е поради фактот што располага со доволно сопствени средства,а користењето на левериџот во услови на економска криза би можело да ја нарушат финансиската состојба на Компанијата па оттука нејзиното задолжување е од краткорочен карактер.

Обврските за кредити се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки | 65.638 | 65.638 |
| *Вкупно долгорочни кредити* | *65.638* | *65.638* |

Условите и отплатата на обврските се за:

| | Вкупно | Под една година | 1-2 година | Над 5 година |
|---|---|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки: | | | | |
| - МКД +2,5% фиксна провизија (2007: иста) | 65.638 | - | - | 65.638 |
| *Вкупно:* | *65.638* | _ | _ | *65.638* |

Долгорочните кредити од банки се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија.

Кредитите конверзирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Од вкупните обврски за долгорочни кредити 60.904 илјади денари (2007: 60.904 илјади денари) претставуваат кредити од поврзани субјекти.

## 10.2 Објаснување на готовинските текови на и нивните износи

### 10.2.1 Објаснување на готовинските текови на на Групацијата и нивните износи

**ИЗВЕШТАИ ЗА ГОТОВИНСКИТЕ ТЕКОВИ**
**за годината што завршува на 31 Декември 2008, 2007 и 2006**
(во 000 Денари)

| | 31 Декември 2008 | | 31 Декември 2007 | | 31 Декември 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | | | |
| Добивка пред оданочување | 247.375 | | 160.143 | | 36.419 | |
| *Корегирано за:* | | | | | | |
| Амортизација | 70.454 | | 67.142 | | 66.369 | |
| Отпис на побарувања од купувачите | 9.756 | | 10.884 | | 108 | |
| НеотпиШана вредност на материјални средства | 1.639 | | 43 | | 1.906 | |
| НеотпиШана вредност на основно стадо | 30.076 | | 21.248 | | 43.030 | |
| Расходување и кусоци | 2.757 | | 1.180 | | 2.130 | |
| ОтпиШани обврски | (25) | | (1.984) | | (242) | |
| Приходи од дивиденди | (42.269) | | (42.293) | | (47.593) | |
| Приходи од камати | (9.028) | | (26.393) | | (16.201) | |
| Расходи од камати | 1.407 | | 541 | | 665 | |
| Залихи | (76.204) | | (24.972) | | 122.972 | |
| БиолоШки средства | (60.686) | | (2.382) | | (5.470) | |
| Побарувања | 9.537 | | 46.068 | | (104.395) | |
| Обврски | (48.250) | | 36.060 | | (87.632) | |
| Други усогласувања | 22.096 | | (12.696) | | (33.125) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | **158.635** | | **232.589** | | **(20.028)** |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | | | |
| Вложувања во други друШтва | - | | (637) | | (156) | |
| Продажба на основно стадо | 9.283 | | 10.011 | | 14.897 | |
| Продажба на материјални средства | 958 | | 959 | | 1.448 | |
| Наплатени камати | - | | - | | 8.126 | |
| Примени дивиденди | 42.269 | | 44.663 | | 39.697 | |
| Набавка на материјални средства | (278.348) | | (185.828) | | (89.173) | |
| Набавка на биолоШки средства | (9.399) | | (72) | | (44.564) | |
| Купување на акции | - | | - | | (47.218) | |
| Пласмани во банки | (36.372) | | 15.744 | | 104.343 | |
| Продажба на акции | 740 | | 192.900 | | 42.069 | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | **(270.869)** | | **77.740** | | **29.469** |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | | | |
| Кредити | 7.450 | | (28.499) | | (4.622) | |
| Купување на сопствени акции | (52.530) | | (129.972) | | (24.158) | |
| Исплатени дивиденди | - | | (14) | | (5.973) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | **(45.080)** | | **(158.485)** | | **(25.509)** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | | **(157.314)** | | **151.844** | | **(16.068)** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | | **219.386** | | **67.542** | | **83.661** |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | | **62.072** | | **219.386** | | **67.593** |

Извештајот за парични текови ги објавува паричните примања и плаќања на фирмите кои се во состав или со владеачко учество на ЗК Пелагонија за определен временски период, групирани според оперативните, инвестициските и финансиските активности. Податоците од Извештајот за парични текови за групацијата го помагаат објаснувањето на промените на последователните консолидирани биланси на состојба и ги дополнуваат информациите кои ги обезбедува консолидираниот биланс на успех.

Паричниот тек од оперативни активности го мери износот на генерирани парични средства или исплатени од Групацијата, како резултат на нејзиното производство и продажбата на добра и услуги.

Паричниот тек од инвестиционите активности го објаснува износот на парични средства употребени за набавка на средства на ниво на Групацијата, како што се постројки и опрема, како и инвестиции и развој на нови бизниси. Овие издатоци се неопходни за одржување на тековниот капацитет за работењето на Групацијата и обезбедување на капацитет за иден пораст. Овој паричен тек ги вклучува и примените парични средства од продажба или отуѓување на средствата или сегменти на бизнисот.

Паричниот тек од финансиските активности ги вклучува паричните текови од капиталната структура на Групацијата (долгот и главнината), вклучувајќи приходи од зголемување на главнината, приноси кај акционерската главнина во форма на дивиденди и сл.

Во составувањето на Извештајот е користена индиректна метода, преку обезбедување на усогласување од пресметковна основа добивка пред оданочување.

Анализата на трендот на движењето на готовинските текови од оперативни активности (споредба со 2007 година) покажува намалување на готовинските текови од оперативни активности во 2008 година, во износ од  32%. Тренд анализата на паричните текови од оперативните активности во 2008 година во споредба со 2006 година покажува нивен раст на агрегатно ниво. Готовинските текови од оперативните активности во 2007 година ја зголемуваат добивката пред оданочување која е во износ од 160.143 (во илјади денари) за 72.446 (во илјади денари), со што готовинските текови од оперативните активности изнесуваат 232.589. Порастот на паричните текови од оперативни активности во 2007 година се должи на зголемената наплата на побарувањата. Анализата на готовинските текови од оперативни активности во 2006 година покажува дека добивката пред оданочување во 2006 во износ од 36.419 се намалува за 56.447 (во илјади денари), како резултат на исплата на обврските на друштвото (побарувања од купувачите, обврски и други усогласувања), со што готовинскиот тек од оперативните активности е негативен и изнесува 20.028.

Готовинските текови од инвестиционите активности на Групацијата во 2008 година покажуваат намалување на паричните текови во износ од 270.869 (изразено во илјади денари), како резултат на динамичната инвестициона активност на друштвото изразена преку набавка на материјални средства, набавка на биолошки средства и пласмани во банки. Трендот на капиталните

расходи на Групацијата, споредбено со 2007 и 2006 година покажува засилена инвестициона активност, за разлика од претходните две години, кога Групацијата генерирала позитивен паричен тек како резултат на продажба на акции. Готовинските текови од инвестиционите активности во 2007 година генерираат нето паричен тек во износ 77.740 и покрај инвестиционите активности изразени со набавка на материјални средства, додека во 2006 година тој износ е 26.469. Во 2006 година покрај приливот на готовински текови остварен со продажбата на акции, Групацијата остварила пораст на готовинскиот тек и од намалување на своите пласмани во банките.

Готовинските текови од финансиски активности на Групацијата во 2008 година покажуваат намалување на паричните текови во износ од 45.080 (во илјади денари) заради купување на сопствени акции и намалување на обврските по кредити. Тренд анализата на финансиските расходи на Групацијата, споредено со 2007 година покажува значително намалување за 72%. Анализата на финансиските расходи во 2008 година во споредба со 2006 година покажува нивен пораст од 44%. Готовинските текови од финансиските активности во 2007 година покажуваат нето одлив на парични средства од друштвото за 158.485 заради купување на сопствени акции, додека во 2006 година нето одлив на парични средства од финансиски активности изнесува 25.509 (во илјади денари) и се должи на откупот на сопствени акции и отплата на кредити.

Нето намалување на пари и парични еквиваленти на Групацијата во 2008 година е во износ од 157.314, со што позицијата на пари и паричните еквиваленти на крајот на пресметковен период изнесува 62.072 (во илјади денари). Тренд анализата на состојбата со пари и парични еквиваленти на крајот од персметковниот период (споредбено со 2007 година) покажува нивно намалување за 73%, како и речиси идентично ниво со состојбата на крајот од 2006 година.

### 10.2.2Објаснување на готовинските текови на ЗК Пелагонија АД Битола и нивните износи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**

За годината што завршува на 31.декември 2006,2007 и 2008 година

| | 31.12.2008 | 21.12.2007 | 31.12.2006 |
|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни Активности** | | | |
| Добивка пред одданочување | 230.369 | 159.917 | 53.331 |
| Корегирано за: | | | |
| Амортизација | 56.938 | 53.724 | 53.420 |
| Отпис на побарувања од купув. | 6.018 | 10.884 | 108 |
| Неотпишана вредност на мат | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| средства | 1.639 | 43 | 56 |
| Неотпишана вредност на основ-ното стадо | 27.621 | 21.248 | 43.030 |
| Расходување и кусоци | 460 | 1.180 | 2.130 |
| Отпишани обврски | - 6 | - 1.984 | - 242 |
| Приходи од дивиденди | - 42.269 | - 42.293 | -47.593 |
| Приходи од камати | - 8.416 | - 26.398 | -16.201 |
| Расходи од камати | 113 | 589 | 665 |
| Залихи | - 62.382 | - 15.758 | 87.760 |
| Биолошки средства | - 59.993 | - 2.382 | -5.470 |
| Побарувања | 8.836 | 52.482 | -96.142 |
| Обврски | - 38.527 | 11.751 | -61.230 |
| Други усогласувања | 22.255 | - 11.765 | -34.683 |
| **Нето готовина од оперативни активности** | 142.656 | 211.238 | 20.030 |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | |
| Вложувања во други друштва | - | - 637 | -156 |
| Продажба на основно стадо | 9.283 | 10.011 | 14.897 |
| Продажба на материјални средства | 274 | 184 | 891 |
| Наплатени камати | | | 8.126 |
| Примени дивиденди | 42.269 | 42.293 | 35.044 |
| Набавка на материјални сред. | – 276.508 | - 177.501 | -80.526 |
| Набавка на биолошки сред. | – 3.217 | - 72 | -44.564 |
| Купување на акции | - | - | -47.218 |
| Пласмани во банки | -15.297 | 15.744 | 108.422 |
| Продажба на акции | 740 | 192.942 | 42.069 |
| **Нето готовина од инвестициони активности** | - 242.456 | 82.922 | 36.985 |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | |
| Обврски на кредити | 1.102 | - 8.832 | -15.208 |
| Купување на сопствени акции | - 52.530 | - 129.972 | -21.624 |
| Продажба на сопствени акции | - | - | |
| **Нето готовина од Финансиски активности** | - 53.632 | - 138.804 | -36.832 |
| Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти | - 153.432 | 155.356 | -20.183 |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на прес.период | 209.975 | 54.619 | 74.802 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот од пресм.период** | 56.543 | 209.975 | 54.619 |

Извештајот за парични текови ги објавува паричните примања и плаќања на фирмата за определен временски период, групирани според оперативните, инвестициските и финансиските активности. Податоците од Извештајот за парични текови го помагаат објаснувањето на промените на последователните биланси на состојба и ги дополнува информациите кои ги обезбедува билансот на успех.

Паричниот тек од оперативни активности го мери износот на генерирани парични средства или исплатени од Друштвото, како резултат на нејзиното производство и продажбата на добра и услуги.

Паричниот тек од инвестиционите активности го објаснува износот на парични средства употребени за набавка на средства, како што се постројки и опрема, како и инвестиции и развој на нови бизниси. Овие издатоци се неопходни за одржување на тековниот капацитет за работењето на Друштвото и обезбедување на капацитет за иден пораст. Овој паричен тек ги вклучува и примените парични средства од продажба или отуѓување на средствата или сегменти на бизнисот.

Паричниот тек од финансиските активности ги вклучува паричните текови од капиталната структура (долгот и главнината), вклучувајќи приходи од зголемување на главнината, приноси кај акционерската главнина во форма на дивиденди и сл.

Во составувањето на Извештајот е користена индиректна метода, преку обезбедување на усогласување од пресметковна основа добивка пред оданочување.

Анализата на трендот на движењето на готовинските текови од оперативни активности (споредба со 2007 година) покажува значително намалување на готовинските текови од оперативни активности во 2008 година, во износ од 33%. Тренд анализата на паричните текови од оперативните активности во 2008 година во споредба со 2006 година покажува нивен раст на агрегатно ниво. Готовинските текови од оперативните активности во 2007 година ја зголемуваат добивката пред оданочување која е во износ од 159.917 (во илјади денари) за 51.321 (во илјади денари), со што готовинските текови од оперативните активности изнесуваат 211.238. Порастот на паричните текови од оперативни активности во 2007 година се должи на зголемената наплата на побарувањата. Анализата на готовинските текови од оперативни активности во 2006 година покажува дека добивката пред оданочување во 2006 во износ од 53.331 се намалува за 33.300 (во илјади денари), како резултат на исплата на обврските на друштвото, со што готовински тек од оперативните активности изнесува 20.030.

Готовинските текови од инвестиционите активности на друштвото ЗК Пелагонија во 2008 година покажуваат намалување на паричните текови во износ од 242.456 (изразено во илјади денари), како резултат на динамичната инвестициона активност на друштвото изразена преку набавка на материјални средства, набавка на биолошки средства и пласмани во банки. Трендот на капиталните расходи на друштвото, споредбено со 2007 и 2006 година покажува засилена инвестициона активност, за разлика од претходните две години, кога друштвото генерирало позитивен паричен тек како резултат на

продажба на акции. Готовинските текови од инвестиционите активности во 2007 година генерираат нето паричен тек во износ 82.944 и покрај инвестиционите активности изразени со набавка на материјални средства, додека во 2006 година тој износ е 36.985. Во 2006 година покрај продажбата на акции друштвото остварило пораст на готовинскиот тек и од намалување на своите пласмани во банките.

Готовинските текови од финансиски активности на друштвото ЗК Пелагонија во 2008 година покажуваат намалување на паричните текови во износ од 53.362 (во илјади денари) заради купување на сопствени акции и намалување на обврските по кредити. Тренд анализата на финансиските расходи на друштвото, споредено со 2007 година покажува намалување за 62%. Анализата на финансиските расходи во 2008 година во споредба со 2006 година покажува нивен пораст од 44%. Готовинските текови од финансиските активности во 2007 година покажуваат нето одлив на парични средства од друштвото за 138.804 заради купување на сопствени акции, додека во 2006 година нето одлив на парични средства од финансиски активности изнесува 36.832 (во илјади денари) и се должи на откупот на сопствени акции и отплата на кредити.

Нето намалување на пари и парични еквиваленти во 2008 година е во износ од 153.432, со што позицијата на пари и паричните еквиваленти на крајот на пресметковен период  изнесува 56.543 (во илјади денари). Тренд анализата на состојбата со пари и парични еквиваленти на крајот од персметковниот период (споредбено со 2007 година) покажува нивно намалување за 73%, како и речиси идентично ниво со состојбата на крајот од 2006 година.

## 10.3Информации за условите под кои издавачот се задолжува и за структурата на изворите на финансирање

### 10.3.1 Услови под кои се задолжува групацијата

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | 19.268 | 1.391 |
| Обврски на Жито Полог за финансиски лизинг - Хипо Алпе Адриа Лизинг | 2.723 | - |
| Долгорочни кредити на Пелагонија Полог | 690 | - |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *88.319* | *67.029* |

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија во износ од 65.638 илјади денари се кредити добиени од повеќе банки и тоа од: Стопанска банка АД - Битола во износ од 60.904 илјади денари, Комерцијална банка АД - Скопје во износ од 2.400 илјади денари, Тетекс Кредитна банка АД - Скопје во износ од 2.000 илјади денари и БНТ Банка во износ од 334 илјади денари. Наведените долгорочни кредити се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија. Кредитите конвертирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на Жито Полог во вкупен износ од 19.268 илјади денари се кредити добиени од: Комерцијална банка во износ од 18.380 илјади денари и од ТТК банка во износ од 888 илјади денари.

- Долгорочниот кредит од Комерцијална банка во вкупен износ од 18.380 илјади денари, се состои од два подкредита врз основа на Договорот за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит, склучен на ден 20.06.2008 година под број 02 - 1640 - 565 -12 на износ од 500.000 ЕВРА и Одлуката за одобрување на денарски подкредити од средствата на Земјоделски кредитен дисконтен фонд - Министерство за финансии на Р. Македонија и Комерцијална банка А.Д. Скопје.Рок на отплата на подкредитите е 5 (пет) години, со вклучен грејс период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на префрлање на средствата на Банката и ставање на користење на крајниот корисник на подкредитот. Каматната стапка за подкредитот од 04.07.2008 година во износ од 200.000 ЕВРА е 5% годишно декурзивно, а за подкредитот од 28.10.2008 во износ од 100.000 ЕВРА е 4% годишно декурзивно. За обезбедување на кредитот Друштвото заложи подвижен имот: деловна опрема во млинот Љуботен.

- Долгорочниот кредит од ТТК банка во износ од 888 илјади денари е врз основа на претварање на краткорочни во долгорочни кредити согласно важечките прописи во Република Македонија.

Обврските на Жито Полог за финансиски лизинг спрема Хипо Алпе Адриа Лизинг во износ од 2.723 илјади денари се врз основа на договори за финансиски лизинг за набавка на четири возила со рок на отплата од пет години и со индикатор 3 тримесечен ЕУРИБОР.

Долгорочните кредити на Пелагонија Полог се резултат на добиени два наменски кредити во вкупен износ 690 илјади денари од Про Кредит Банка А.Д. - Скопје и тоа:

## 10.3.2Услови под кои се задолжува ЗК пелагонија АД Битола

Обврските за кредити се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки | 65.638 | 65.638 |
| *Вкупно долгорочни кредити* | *65.638* | *65.638* |

Условите и отплатата на обврските се за:

| | Вкупно | Под една година | 1-2 година | Над 5 година |
|---|---|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки: | | | | |
| - МКД +2,5% фиксна провизија (2007: иста) | 65.638 | - | - | 65.638 |
| *Вкупно:* | *65.638* | | | *65.638* |

Долгорочните кредити од банки се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија.

Кредитите конверзирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Од вкупните обврски за долгорочни кредити 60.904 илјади денари (2007: 60.904 илјади денари) претставуваат кредити од поврзани субјекти.

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки | 65.638 | 65.638 |
| *Вкупно долгорочни кредити* | *65.638* | *65.638* |

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Тековна достасаност на необезбедени кредити од банки | - | 5.988 |
| *Вкупно краткорочни кредити* | - | *5.988* |

Условите и отплатата на обврските се за:

| | Вкупно | Под една година | 1-2 година | Над 5 година |
|---|---|---|---|---|
| Необезбедени кредити од банки: | | | | |
| - Есконтна стапка +2,5% променлива камата (2006: иста) | | | - | - |
| - МКД +2,5% фиксна провизија (2006: иста) | 65.638 | - | - | 65.638 |
| *Вкупно:* | *65.638* | - | - | *65.638* |

Долгорочните кредити од банки се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија.

За кредитите конвертирани во 1993 година кои се отплатени заклучно со 31.12.2007 година пресметаната камата за 2007 година во висина на есконтната стапка на Народна Банка на Република Македонија не се плаќа и се пренесува во капиталот на Друштвото (Види Белешка 17.5).

Кредитите конверзирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.
Од вкупните обврски за долгорочни кредити 60.904 илјади денари (2006: 60.904 илјади денари) претставуваат кредити од поврзани субјекти.

На ЗК Пелагонија АД Битола одобрен е и искористен краткорочен кредит од Стопанска Банка Битола во износ од 60.000.000 денари со стасаност до 31.10.2009 год.
Одобрено е ставање под залог на ЗК Пелагонија АД Битола објекти и опрема и тоа:
-Фабрика за добиточна храна Радобор, Мешкоица,
-Краварска фарма Новаци
-Комбајн за собирање на земјоделски производи со одвојување на зрната од растенијата ЈОХН ДЕЕР
-Хдер платформа за берба за житни култури

ЗК Пелагонија АД Битола има издадено девизна гаранција за плаќање кон Семенарство од Нови Сад 69.500 евра со рок на плаќање 15.11.2009 год.

### 10.4 ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање

Нема ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање

### 10.5 очекувани извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции

Не се предвидени очекувани извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции.

## 11. Истражување и развој, патенти и лиценци

Издавачот нема посебн политики за истражување на нови производи, услуги и постапки, вклучувајки податоци за патенти и лиценци.

## 12.Трендови

Со цел да се обезбеди поголема прегледност на резултатите од работењето на компанијата  направена е тренд анализа на финансиските показатели на компанијата за период од три години.

Во анализата се опфатени следните показатели (прегледи)

- Преглед на остварена продажба
- Преглед на остварено производство
- Преглед на цени по култури и производи
- Тренд анализа на финансиски показатели

Преглед на остварена продажба на ЗК Пелагонија АД Битола

| КУЛТУРА | ОСТВАРЕНИ ПРОДАЖБИ ВО 2006 | | | | ОСТВАРЕНИ ПРОДАЖБИ ВО 2007 | | | | ОСТВАРЕНИ ПРОДАЖБИ ВО 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КГР. | ДЕН. | ЦЕНА | ЦЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | КГР. | ДЕН. | ЦЕНА | ЦЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | КГР. | ДЕН. | ЦЕНА | ЦЕНА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ |
| ПЧЕНИЦА | 35.707.686 | 288.204.883 | 8,07 | 6,51 | 27.551.800 | 271.491.196 | 9,85 | 7,24 | 31.303.960 | 434.181.626 | 13,87 | 7,60 |
| ЈАЧМЕН | 7.163.371 | 54.537.935 | 7,61 | 6,63 | 13.630.652 | 129.789.438 | 9,52 | 6,08 | 3.567.639 | 37.086.203 | 10,40 | 5,87 |
| МАСЛЕНА РЕПА | 19.459 | 191.009 | 9,82 | | 2.010 | 24.120 | 12,00 | | 427.920 | 9.168.259 | 21,43 | 11,46 |
| ПЧЕНКА | 3.757.726 | 29.916.047 | 7,96 | 7,67 | 698.730 | 7.675.060 | 10,98 | 9,23 | 95.220 | 1.452.300 | 15,25 | 9,66 |
| ПЧЕНКА ФУРАЖНА | 387.775 | 821.596 | 2,12 | 1,20 | 911.354 | 1.898.741 | 2,08 | 1,87 | 1.117.665 | 3.263.339 | 2,92 | 1,91 |
| | | | | | | | | | | | | |

Од Прегледот на остварената продажба по култури за три години, изразена во количини и преку финансиските ефекти од реализацијата, произлегува заклучокот за значителни флуктуации на физичкиот обем на продажбата на компанијата, како и на финансиските ефекти од истата. Може да се заклучи дека релативно стабилен тренд на продажба има пченицата, додека значителен тренд на пораст има маслената репка и фуражна пченка.

Преглед на остварено производство на ЗК Пелагонија АД Битола

| Р БР | КУЛТУРА | ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО 2006 ГОД | | | | | ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО 2007 ГОД | | | | | ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО 2008 ГОД | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ха | КГР. | ДЕН. | кгр 1 ха | ЦЕНА НА ЧИНЕ | ха | КГР. | ДЕН. | кгр 1 ха | ЦЕНА НА ЧИНЕ | ха | КГР. | ДЕН. | кгр 1 ха | ЦЕНА НА ЧИНЕ |
| 1 | ПЧЕНИЦА | 7076 | 31.030.045 | 220.161.715 | 4.385 | 6,51 | 7.270 | 30.214.780 | 287.040.220 | 4.156 | 7,24 | 7.554 | 34.607.620 | 487.444.710 | 4.581 | 7,60 |
| 2 | ЈАЧМЕН | 2764 | 9.888.460 | 69.850.770 | 3.578 | 6,63 | 3.342 | 14.711.380 | 132.402.240 | 4.402 | 6,08 | 3.525 | 19.137.620 | 211.816.970 | 5.429 | 5,87 |
| 3 | МАСЛЕНА РЕПА | | | | | | | | | | | 107 | 446.780 | 9.382.380 | 4.176 | 11,46 |
| 4 | ПЧЕНКА | 822 | 6.338.210 | 31.601.050 | 7.711 | 7,67 | 716 | 3.447.244 | 18.036.750 | 4.814 | 9,23 | 617 | 4.344.030 | 21.720.150 | 7.040 | 9,66 |
| 5 | ПЧЕНКА ФУРАЖНА | 630 | 22.301.780 | 26.762.136 | 35.400 | 1,20 | 726 | 20.779.630 | 24.035.556 | 28.622 | 1,87 | 709 | 20.316.355 | 30.474.533 | 28.655 | 1,91 |

Тренд анализата на физичкиот обем на производство на ЗК Пелагонија во период 2006 – 2008 покажува пораст на производството на пченица за 50% и на јачменот за 100%, додека се намалува производството на пченка (35%) и фуражна пченка (10%).

Преглед на цени по култури и производи на ЗК Пелагонија АД Битола

| ОПИС | ПЧЕНИЦА | | ЈАЧМЕН | | МАСЛЕНА РЕПИЦА | | ПЧЕНКА | | ПЧЕНКА ФУРАЖНА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРОДАЖНА ЦЕНА | ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | ПРОДАЖНА ЦЕНА | ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | ПРОДАЖНА ЦЕНА | ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | ПРОДАЖНА ЦЕНА | ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ | ПРОДАЖНА ЦЕНА | ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ |
| 2006 ГОД | 8,07 | 6,51 | 7,61 | 6,63 | 9,82 | | 7,96 | 7,67 | 2,12 | 1,20 |
| 2007 ГОД | 9,85 | 7,24 | 9,52 | 6,08 | 12,00 | | 10,98 | 9,23 | 2,08 | 1,87 |
| 2008 ГОД | 13,87 | 7,60 | 10,40 | 5,87 | 21,43 | 11,46 | 15,25 | 9,66 | 2,92 | 1,91 |

Продажните цени на земјоделските култури, кои ги произведува Комбинатот бележат тренд на пораст во анализираниот период од три години (2006 – 2008). Пченицата забележа тренд на раст повисоко од 50%, јачменот 45%, а маслената репица повеќе од 100%. Релативно стабилна цена, со мал пораст забележа фуражната пченка,

Цената на чинење на производство на анализираните култури остана релативно стабилна, со мал пораст кај пченицата и пченката, а со намалување кај јачменот.

Продажните цени за последната финансиска година на стратешките производи на Друштвото што се постигнаа беа: 14 денари за пченицата, 11 денари за јачменот, 21 денари за сончогледот, 21-29 денари литар млеко, за да истите тие производи 2009 година ја започнат пченицата -9-9,5 денари во почетокот на 2009, а самата реколта 2009 постигна просечна цена од 8 денари, јачменот се намали до 6 денари, млекото се намали до 17 денари, сончогледот се намали до 12 денари итн. Или генерално може да се заклучи дека цените во 2009 година имаат намалување од 50% во однос на 2008 година.

Преглед на остварена продажба на Жито Полог АД Тетово

| АРТИКАЛ | КОЛИЧИНА | ЦЕНА | ИЗНОС | КОЛИЧИНА | ЦЕНА | ИЗНОС | КОЛИЧИНА | ЦЕНА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛЕБ РОЛОВАН Т-500 520ГР | 2714011 | 16,59 | 45.026.442,00 ден. | 2890406 | 16,57 | 47.894.027,00 | 3030309 | 18,18 | 55.091.018,00 |
| БРАШНО Т-400 | 3666770 | 17,70 | 64.901.829,00 ден. | 3734582 | 21,01 | 78.463.568,00 | 2467364 | 28,33 | 69.900.422,00 |
| БРАШНО Т-400 НАМЕНСКО | 2379325 | 25,38 | 60.387.268,00 ден. | 1874850 | 26,52 | 49.721.022, | 2057375 | 33,63 | 69.189.521,00 |
| БРАШНО Т-500 | 947835 | 14,53 | 13.772.043,00 ден. | 3222368 | 18,00 | 58.002.624,00 | 1589400 | 23,58 | 37.478.052,00 |

Од Прегледот на остварената продажба на Жито Полог АД по производи и цени за три години, произлегува заклучокот за тренд на пораст на обемот на продажба на леб и брашно Т-500, додека се забележува тренд на намалена реализација на брашно Т-400 и наменско брашно. Високиот тренд на раст на цените на брашното генерираат тренд на пораст на реализацијата на компанијата, изразено како финансиски показател.

Преглед на остварено производство на Жито Полог АД Тетово

| АРТИКАЛ | КОЛИЧИНА | КОЛИЧИНА | КОЛИЧИНА |
|---|---|---|---|
| ЛЕБ РОЛОВАН Т-500 520ГР | 3106701 | 2970967 | 2735755 |
| БРАШНО Т-400 | 2535600 | 3587725 | 3751570 |
| БРАШНО Т-400 НАМЕНСКО | 2191125 | 3248010 | 2500000 |
| БРАШНО Т-500 | 1668780 | 1661325 | 880205 |

Физичкиот обем на производство на Жито Полог АД Тетово во периодот 2006 – 2008 покажува намалување на производството на леб за 12%, како и на брашно Т-500 за 50%, додека претпријатието забележа тренд на пораст на физичкиот обем на производство на брашно Т-400 и наменско брашно.

Приходи од продажба и трошоци на реализација на групацијата

| | **2006** | **2007** | **2008** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1023026 | 1042657 | 1281007 |
| Трошоци на реализација | 404988 | 396818 | 505877 |

Групацијата бележи стабилен тренд на раст на приходи од продажба за анализираниот период од три години Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола учествува со 73,56% од вкупниот приход од продажба во групацијата.
, додека кај трошоците се забележува флуктуација.

Показатели на ликвидност

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Тековна ликвидност | 5,33 | 6,58 | 9,59 |
| Моментна ликвидност | 3,72 | 4,58 | 5,92 |

Тренд анализата на показателите на ликвидноста покажува тренд на значителен раст на ликвидноста на компанијата во период 2006 – 2008.

Показатели на задолженост

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Вкупна задолженост | 8,65 | 7,99 | 8,31 |
| Долгорочна задолженост | 9,03 | 9,08 | 11,96 |
| Вкупн средства/Сопствен кап. | 4,09 | 4,02 | 3,29 |

Тренд анализата на показателите на задолженоста покажува дека компанијата не користи левериџ и одржува стабилен тренд на користење на сопствен капитал.

Показатели на активност

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Обрт на залихи | 1,29 | 1,16 | 1,21 |
| Обрт на вкупните средства | 0,51 | 7,59 | 0,96 |

Тренд анализа на показателите на активност на компанијата покажува стабилост на коефициентот на обрт на залихи, со зголемување на обртот на вкупните средства.

Показатели на профитабилност

| | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| РОА | 1,20 | 4,95 | 9,81 |
| РОЕ | 1,31 | 5,39 | 10,84 |
| EPS | 150 | 675 | 1279 |

Компанијата бележи значителен тренд на пораст на показателите на профитабилноста за анализираниот период 2006 – 2008.

За идниот развој на ЗК Пелагонија АД Битола значајни ќе бидат вложувањата за доопремување на земјоделската механизација, замена на старата, ќе се продолжи со обезбедување на вода за наводнување со бунари на места каде не е достапен системот за наводнување “Стрежево”.

Со набавката, опремувањето и ставањето во работа на Фабриката за сточна храна се отвори нова дејност во работењето на Друштвото. Покрај производството на концентрати за сточна храна за сопственото сточарско производство овој капацитет ќе обезбеди квалитетна сточна храна наменета за надворешен пазар.

Паралелно со тоа, во наредниот период ќе продолжи да се вложува во развојот на сточарството. Поставената долгорочна стратегија за развој на

сточарството ќе ги насочи инвестициите во иднина, особено во зголемување на сточниот фонд и проширување на капацитетите за одгледување на добиток, што значи и преструктуирање на поледелското производство со зголемување на производство на сточна храна.
Сите овие инвестициони намери ќе се реализираат во рамките на објективните финансиски можности со самофинансирање, а по потреба во некои периоди да се користат и кредити. За сите овие инвестициони вложувања ќе се прават согледувања и програми за нивната рентабилност, односно нормален повраток на вложените средства.

Во наредните години во поледелството и во сточарството ќе се инвестира во развој на квалитетот на производството, во согласност со постоечките стандарди за безбедност на храната, заштитата на животната средина и сл.

## 13.Прогнозирање на профитот

Планот за 2009 година го донесе и одобри Одборот на директори во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на ЗК Пелагонија АД Битола .Во овој документ е презентиран планираниот Биланс на успех за 2009 година, меѓутоа овие извештаи не се составен дел на проспектот бидејки за истите Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола не побара мислење од овластен ревизор со кое ќе се потврди точноста на овие проекции и нивната усогласеност со сметководствената процедури на
Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола.

## 14.Органи на издавачот

**14.1Детални податоци за генералниот извршен директор, претседателот на одборот на директори, извршни директори,неизвршни директори и надворешни членови на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола.**

## Членови на Одборот на директори

## Претседател на Одбор на директори

1.Душан Бејковски

| | |
|---|---|
| Датум на раѓање | 25.01,1950 |
| Работно искуство | 30 |
| 1980-1997 | Раководител на општо-правен сетор во ПЕ Даме Груев во ЗИК Пелагонија ад Битола |
| 2002- до денес | Раководител на имотно – правна служба во ЗК Пелагонија АД Битола |
| Времетраење на мандатот | 4 години |
| Потврда за неосудуваност | Не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност од страна на суд |
| Учество во основната главнина На ЗК Пелагонија АД Битола | 518 - 0,18% |
| учествои во гласачката структура на ЗК пелагонија АД Битола | 0,40% |
| Член на друг орган на управување во последните пет години | не |
|---|---|
| Приходи од камати | 16.451 |
| Позитивни курсни разлики | 177 |
| Приходи од дивиденди | 47.593 |
| Други приходи од финансирање | 4.654 |
| Расходи од камати | (2.256) |
| Негативни курсни разлики | (986) |
| *Вкупно нето приходи од финансирање* | *65.633* |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

ЗК Пелагонија го има користено правото на намалување на даночната основа за данокот на добивка врз основа на пренесен дел на загубата по усогласување од претходни години согласно добиеното решение од УЈП број 010304200000/1 од 14.05.2004 година. Правото за намалување на даночната основа врз основа на пренесена загуба по усогласување од претходни години престанало заклучно со даночниот биланс за 2006 година. Пелагонија Полог, данокот на добивка за фискалната 2006 година го имаат пресметано по стапка од 15% на усогласена даночна основица во согласност со законските прописи во Република Македонија. Жито Полог во 2006 година има остварено загуба од работењето и соодветно нема утврдено даночна обврска за годината.

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2006 | Земјиште | Градежни објекти | Постројки, опрема и други средства | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2006* | 48.891 | 929.550 | 1.816.611 | 43.172 | 2.838.224 |
| Зголемувања | - | - | - | 74.071 | 74.071 |
| Пренос на инвестиции во тек | 1.449 | 46.674 | 43.794 | (91.917) | - |
| Намалувања | - | (4.165) | (17.323) | - | (21.488) |
| *Салдо на 31 Декември 2006* | *50.340* | *972.059* | *1.843.082* | *25.326* | *2.890.807* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2006* | - | 518.276 | 1.551.326 | - | *2.069.602* |
| Амортизација за 2006 | - | 20.813 | 43.658 | - | 64.471 |
| Намалувања | - | (3.329) | (17.218) | - | (20.547) |
| *Салдо на 31 Декември 2006* | - | *535.760* | *1.577.766* | - | *2.113.526* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2006*** | ***50.340*** | ***436.299*** | ***265.316*** | ***25.326*** | ***777.281*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2006*** | ***48.891*** | ***411.274*** | ***265.285*** | ***43.172*** | ***768.622*** |

Друштвото ЗК Пелагонија е корисник на 18.160 ха земјоделско земјиште кое е сопственост на Република Македонија. За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договор од 08.12.2005 година. Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

- ✓ во ридско - планинските подрачја во површина од 5.617 ха по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност и
- ✓ за останатите подрачја во површина од 12.543 ха по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност

Во текот на 2006 година ЗК Пелагонија извршило купување на земјоделско земјиште од физички лица во вкупен износ од 1.449 илјади денари. Откупено е земјиште за кое Друштвото претходно се јавува како корисник, а кое со решение за денационализација истото било вратено на поранешни сопственици физички лица. Купеното земјиште претставува во најголем дел идеални делови на земјоделски парцели над кои не е извршена физичка делба.

Жито Полог на 31.12.2006 година, во Билансот на состојба има искажано земјиште во износ од 44.131 илјади денари. Земјиштето согласно поранешните прописи е дадено на Друштвото на трајно користење од страна на Република Македонија. Друштвото има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.

Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 46.674 илјади денари се од ЗК Пелагонија.

Намалувањето на градежните објекти во вкупен износ од 4.165 илјади денари се од ЗК Пелагонија.

ЗК Пелагонија за значаен дел од недвижностите (градежните објекти) нема докази за сопственост, бидејќи истите се изградени на земјоделско земјиште кое според законските прописи не е предмет на продажба, со што е оневозможено запишување во надлежниот катастар за имот. Друштвото презема мерки со цел да ги обезбеди доказите за сопственост.

Зголемувањето на постројките, опремата и другите средства во вкупен износ од 43.794 илјади денари се набавки во: ЗК Пелагонија во износ од 42.193 илјади денари и Жито Полог во износ од 1.601 илјади денари.
Намалувањето на постројките, опремата и другите средства во вкупен износ од 17.323 илјади денари се во следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 17.181 илјади денари и Жито Полог во износ од 142 илјади денари.

Пелагонија Полог нема набавено материјални средства во 2006 година.

Инвестициите во тек се неактивирани материјални средства. Нивното зголемување во износ од 74.071 илјади денари во најголем дел се однесува на извршени градежни работи и вложување во опрема, а намалувањето во износ од 91.917 илјади денари е активирање на материјалните средства.

## 12. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

Биолошките средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2006 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Живина | Обртно стадо | Повеќегодишни насади | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2006 | 236.847 | 68.675 | 3.073 | 27.526 | 6.745 | 342.866 |
| Зголемување како резултат на набавки | - | 44.255 | 9.327 | - | 721 | 54.303 |
| Намалување како резултат на продажби | - | (14.370) | (3.484) | (225.821) | - | (243.675) |
| Намалување како резултат на угинување | - | - | (357) | - | - | (357) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (525.722) | - | - | - | - | (525.722) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 523.197 | (19.693) | - | 233.816 | - | 737.320 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | (939) | - | (959) | (1.898) |
| ***Состојба на 31 Декември 2006*** | **234.322** | **78.867** | **7.620** | **35.521** | **6.507** | **362.837** |
| *Нетековни средства* | - | *78.867* | *7.620* | - | *6.507* | 92.994 |
| *Тековни средства* | *234.322* | - | - | *35.521* | - | 269.843 |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***234.322*** | ***78.867*** | ***7.620*** | ***35.521*** | ***6.507*** | **362.837** |

Основното стадо прикажано на 31 Декември 2006 година се состои од 6.066 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 514 нерези, маторици и назимки и 5.617 овни, овци, ѕвиски, шилежиња, приплодни јагниња, кози и прчови. Во текот на годината ЗК Пелагонија има продадено 399 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 130 нерези, маторици и назимки, 117 овни, овци, ѕвиски, шилежиња и приплодни јагниња.

Обртното стадо прикажано на 31 Декември 2006 година се состои од 797 телиња, 4.167 товеници и прасиња, 118 дојни јагниња и јариња и 55.000 килограми риба.

Во текот на годината завршена на 31 Декември 2006 година, ЗК Пелагонија има продадено 474 телиња, 5.446 товеници и прасиња и 1.933 дојни јагниња.

На 31 Декември 2006 година ЗК Пелагонија има засеано 10.625 хектари есенски и 5.829 хектари пролетни полјоделски култури. Во текот на годината ЗК Пелагонија има ожнеано есенски и пролетни поледелски култури со пазарна вредност од 525.722 илјади денари.

## 13. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вложувањата во хартии од вредност се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во ЗК Пелагонија | 1.027.075 |
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во Жито Полог | 85.012 |
| *Вкупно вложувања во хартии од вредност* | *1.112.087* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 1.027.075 илјади денари се вложувања на ЗК Пелагонија во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза на хартии од вреднот во следните друштва (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Послед на цена** | **Вкупно (000 денари)** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.981 | 10.300 | 854.704 |
| Комерцијална банка АД Скопје (обични) | 25.930 | 5.600 | 145.208 |
| Силекс Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 320 | 85 |
| Охридска банка АД - Охрид (обични) | 530 | 9.300 | 4.929 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 900 | 3.821 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 700 | 1.299 |
| Тетекс Кредитна банка АД Скопје (обични) | 8.109 | 2.100 | 17.029 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *1.027.075* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 85.012 илјади денари се вложувања на Жито Полог во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза за хартии од вредност во следните банки:

| | 31 Декември 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Послед на цена** | **Вкупно (000 денари)** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 2.100 | 84.542 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 5.600 | 470 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *85.012* |

## 14. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Материјали | 108.893 |
| Резервни делови | 64.543 |
| Ситен инвентар | 22.286 |
| Земјоделски производи | 103.457 |
| Готови производи од пекарска и мелничка индустрија | 9.779 |
| Трговски стоки | 4.731 |
| *Вкупно залихи* | *313.689* |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Побарувања од купувачи | 306.288 |
| Побарување за данок на додадена вредност | 6.764 |
| Побарувања за краткорочни заеми | 82.001 |
| Побарувања од државата | 2.525 |
| Побарувања од работници | 721 |
| Други побарувања | 9.296 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (23.907) |
| *Вкупно побарувања од купувачи* | *383.688* |

## 16. ДЕПОЗИТИ ОРОЧЕНИ ВО БАНКИ

Депозитите орочени во банки се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Депозити орочени на три месеци со променлива каматна стапка од 5,5% на годишно ниво | 6.000 |
| *Вкупно депозити во банки* | *6.000* |

## 17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и парични еквиваленти се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2006** |
|---|---|
| Готовина во благајна | 1.006 |
| Чекови | 299 |
| Денарска сметка | 24.478 |
| Девизна сметка | 357 |
| Депозити во банки со рок до 1 месец | 41.453 |
| *Вкупно парични средства* | *67.593* |

Депозитите во банки во износ од 41.402 илјади денари се орочени средства во Стопанска банка АД - Битола на период од еден месец со каматна стапка од 3% до 4% на годишно ниво. Наведените стапки претставуваат стапки на крајот на периодот на известување.

## 18. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИТЕ

### 18.1 Состојба на акциите кај ЗК Пелагонија

Фактичката состојба на бројот на акциите кај ЗК Пелагонија по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| **Родови на акции** | **Во сопственост на** | **Состојба** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2006** | | **01.01.06** | **%** | **зголем.** | **намал.** | **31.12.06** | **%** |
| *Обични акции* | Физички лица | 185.868 | 66,71 | - | 98.972 | 86.896 | 31,19 |
| | Правни лица | 31.313 | 11,24 | 91.954 | - | 123.267 | 44,24 |
| | Откупени сопствени акции | 19.646 | 7,05 | 7.018 | - | 26.664 | 9,57 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | - | - | 41.793 | 15,00 |
| | ***Вкупно*** | ***278.620*** | ***100%*** | ***98.972*** | ***98.972*** | ***278.620*** | ***100%*** |

Сите акции се со номинална вредност од 51,13 евра.

Имателите на обични акции имаат право на дел од остварената добивка (дивиденда) и добиваат право на еден глас на Собранието на акционери за еквивалент од 1 акција. Имателите на неоткупливите приоритетни акции имаат право на 2% фиксна годишна дивиденда на износот на кој гласат акциите и имаат право на првенство во наплатата на дивидендата и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса. Неоткупливите приоритетни акции немаат право на глас.

Во однос на сопствените акции поседувани од Друштвото (види подолу) сите права се суспендирани до моментот на нивната повторна продажба.

Зависното Друштво Жито Полог поседува 32.353 обични акци, или 13,66% учество од обичните акции на ЗК Пелагонија, односно 11,61 од вкупните акции. Согласно член 498 од Законот за трговските друштва овие акции не даваат право на глас и постои обврска да се изврши отуѓување на акциите, најдоцна во рок од пет години од денот кога Жито Полог станало зависно друштво.

Покрај тоа, имателите на неоткупливи приоритетни акции имаат право и на сразмерно учество во остатокот на добивката, ако на имателите на обичните акции им се исплатува дивиденда над 2%.

На 31 Декември 2006 година вкупниот број на неоткупливи приоритетни акции изнесува 41.793 во посед на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои согласно законот во моментот на нивна продажба се конвертираат во обични акции.

### 18.2 Резерва за сопствени акци кај ЗК Пелагонија

Резервата за сопствени акции на ЗК Пелагонија ја сочинува набавната вредност на акциите во сопственост на Друштвото. На 31 Декември 2006 година Друштвото има во посед 26.664 сопствени акции.

### 18.3 Состојба на акциите кај Жито Полог

Фактичката состојба на бројот на акциите кај Жито Полог по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| **Родови на акции** | **Во сопственост на** | | | **Состојба** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2006** | **01.01.06** | **%** | **зголемување** | **намалување** | **31.12.06** | **%** |
| *Обични акции* | Физички лица | 39.191 | 69,98% | - | 24.214 | 14.977 | 26,74% |
| | Правни лица | 14.860 | 26,54% | 22.947 | - | 37.807 | 67,52% |
| *Приоритетни акции* | Откупени сопствени акции | - | - | 1.267 | - | 1.267 | 2,26% |
| | ФПИО | 1.946 | 3,48% | - | - | 1.946 | 3,48% |
| | ***Вкупно*** | ***55.997*** | ***100%*** | ***24.214*** | *24.214* | ***55.997*** | ***100%*** |

Номиналната вредност на една акција изнесува 51,13 EUR.

Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога истата ќе биде објавена и право на еден глас во Собранието на акционери.

Имателите на приоритетни акции немаат право на управување.

Приоритетните акции носат право на фиксна годишна дивиденда од 2% согласно износот на кој гласат акциите, како и право на сразмерно учество во остатокот на добивката ако и на другите имателите на акции им се исплатува дивиденда над 2%. Овие акции носат право на првенствена наплата на дивиденда и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса.

### 18.4 Задолжителна општа резерва

Задолжителна општа резерва се формира согласно одредбите на Законот за трговските друштва, односно Статутот на Друштвата преку пресметување и издвојување од добивката на процент кој не може да биде помал од 15%, се додека резервите на Друштвата не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од

основната главнина. Додека не се постигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи само за надоместување на загубата.

Кога ќе се достигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи и за исплата на дивиденди, врз основа на одлука на надлежниот орган на Друштвото, но само ако висината на дивидендите за деловната година не го достигне минимумот за исплата, пропишан со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото.

## 19. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

**Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во 000 денари):**

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Добивка за годината | 36.372 |
| Дивиденда на приоритетни акции | 2.614 |

**Просечен број на обични акции**
(во број на акции):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| *Издадени обични акции на 1 Јануари* | *233.425* |
| Ефект од откупени сопствени акции | (9.357) |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември* | *224.068* |
| **Заработка по акција (добивка - дивиденда на приоритетни акции)/ просечен број на обични акции)** | ***150,66*** |

## 20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | 1.058 |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *66.696* |

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија. Кредитите конвертирани во 1993 година се со рок на враќање од 15 години во кој е вклучен и грејс период од 10 години. Годишната камата е променлива во висина на есконтната стапка на Народна Банка на Република Македонија. Друштвото има обврска да плаќа годишна провизија по стапка од 2,5%. Пресметана камата не се плаќа и се пренесува во капиталот на Друштвото Кредитите конвертирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на Жито Полог се врз основа на конверзија на краткорочните кредити добиени од ТТК банка - АД Скопје за обртни средства согласно законските прописи во Република Македонија.

## 21. ОБВРСКИ ОД СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Врз основа на склучени договори меѓу ЗК Пелагонија и Министерство за финансии - Биро за стокови резерви, Друштвото има преземено обврска за чување, обновување и користење стоки од стоковните резерви - говеда во вкупна тежина од 413.296 кг.

Врз основа на Одлука на Владата на РМ број 19-2632/1 од 8 Јуни 2006 година ЗК Пелагонија има склучено Договор за продажба на жива стока - говеда од стоковните резерви со Министерство за финансии - Биро за стокови резерви во вкупна вредност од 24.797 илјада денари. Согласно одредбите на Договорот, ЗК Пелагонија е обврзана да ја исплати вкупната вредност на живата стока за период од 3 години на 36 еднакви месечни рати.

На име надоместок за чување и обновување на добитокот Бирото го отстапува целиот приход и средства остварени врз основа на користење на добитокот.

## 22. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврски спрема добавувачите и други обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 84.185 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 5.635 |
| Обврски за примени аванси | 3.187 |
| Обврски кон вработени за плати и други лични примања | 48.368 |
| Обврски за краткорочни кредити | 35.988 |
| Обврски за дивиденди | 268 |
| Останати обврски | 4.574 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи и други обврски* | *182.205* |

Обврските за краткорочни кредити се од ЗК Пелагонија во износ од 5.988 илјади денари и од Жито Полог во износ од 30.000 илјади денари како одобрен наменски краткорочен кредит од ТТК БАНКА АД - Скопје за откуп на пченица.

## 23. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2006 |
|---|---|
| Пресметани трошоци за камати | 246 |
| Пресметани трошоци за премија за пченица | 1.243 |
| Пресметани обврски за примена пченица | 3.362 |
| Други ПВР | 138 |
| *Вкупно ПВР* | *4.989* |

## 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

### 22.2 Потенцијални обврски

ЗК Пелагонија е вклучено во судски постапки од своето редовно работење, при што споровите се претежно со физички лица за закупнина и владение на земјоделското земјиште, надомест на штета.
Жито Полог се јавува како тужена страна во судски постапки во износ од 138 илјади денари денари.
Според мислењето на менаџментот крајниот исход од овие судски спорови нема да има материјално влијание врз финансиските резултати на Друштвата.

Пелагонија Полог не е вклучено во судски постапки од своето редовно работење и не се јавува ниту како како тужена страна.

### 22.3 Потенцијални побарувања

ЗК Пелагонија води судски постапки во кои се јавува како тужител во вкупен износ од 20.685 илјади денари од кои најголемо е учеството на споровите со АД Жито Шар - Гостивар во износ од 11.409 илјади денари, Жито Скопје АД - Скопје во износ од 1.464 илјади денари и Компани Прех - Битола во износ од 1.802 илјади денари.

Жито Полог се јавува како тужител во вкупен износ од 6.119 илјади денари. Споровите се претежно за наплата на своите побарувања и за надомест на штета.

Според мислењето на менаџментот крајниот исход од овие судски спорови ќе биде во корист на Друштвото.

Пелагонија Полог не е вклучено во судски постапки од своето редовно работење и не се јавува ниту како тужител.

## 25. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 25.1 Валутен и кредитен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка и продажба на добра. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.
До денот на составување на Билансот на состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

## 26. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

До денот на составување на Билансот на состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

## 27. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Жито Полог во вонбилансната евиденција има евидентирано 3.054.490 кгр. пченица во сопственост на Бирото за стокови резерви по просечна цена од 8,61 денари за килограм.

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e-mail: info@rafajlovski.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА

Ние извршиме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола (Натаму: Друштвото) кои се состојат од Консолидиран биланс на состојбата на ден 31 декември 2006 година, придружните Консолидиран биланс на успех, Консолидиран Извештај за промените на капиталот и Консолидиран Извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајни сметководствени политики и останати Белешки кон консолидираните финансиски извештаи.

***Одговорност на менаџментот за консолидираните финансиски извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

***Мислење***

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2006, резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија.

***Обрнување внимание***

Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешката 11 кон Финансиските извештаи:

1) ЗК Пелагонија АД Битола за значаен дел на недвижностите (градежни објекти), нема докази за сопственост, бидејќи истите се изградени на земјоделско земјиште, кое според законските прописи не е предмет на продажба, со што е оневозможено запишувањето на сопственоста во надлежниот катастар за имот. Друштвото презема мерки со цел да ги обезбеди доказите за сопственост.
2) Жито Полог АД Тетово има искажано земјиште кое му е дадено на трајно користење од државата. Согласно законските прописи Друштвото има покрената постапка за дефинирање на сопственоста.

Скопје, Септември 2009 година

Овластен ревизор

Софија Јанчева-Белчева

Директор

Јасмина Рафајловска

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
### за годината што завршува на
### 31 Декември 2007 и 2006
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 4 | 1.042.657 | 1.023.026 |
| Останати приходи од дејноста | 5 | 187.715 | 121.781 |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 12 | 859.304 | 737.320 |
| Промена на вредноста на залихите | | (7.554) | 641 |
| Употребени залихи | | (1.017.680) | (947.812) |
| Трошоците за суровини и материјали | 6 | (396.818) | (404.988) |
| Трошоци за вработените | 7 | (302.899) | (283.556) |
| Амортизација | 11 и 12 | (67.143) | (66.369) |
| Останати расходи од дејноста | 8 | (206.379) | (209.257) |
| *Загуба (Добивка) од редовно работење* | | *91.203* | *(29.214)* |
| Нето приходи од финансирање | 9 | 68.940 | 65.633 |
| ***Добивка пред оданочување*** | | ***160.143*** | ***36.419*** |
| Данок на добивка | 10 | (12.949) | (47) |
| ***НЕТО ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | ***147.194*** | ***36.372*** |
| Расположиво на: | | | |
| • Акционерите на Друштвото | | 147.143 | 41.946 |
| • Малцински удел | | 51 | (5.574) |
| | | ***147.194*** | ***36.372*** |
| *ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА (ВО ДЕНАРИ)* | 19 | ***675,84*** | ***150,66*** |

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
## на 31 Декември 2007 и 2006
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства (нето) | 11 | 753.572 | 777.281 |
| Аванси за материјални средства | | 24.967 | 1.296 |
| Биолошки средства | 12 | 76.404 | 92.994 |
| Вложувања во хартии од вредност и удели | 13 | 994.368 | 1.112.087 |
| Останати финансиски побарувања | | 115 | 86 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *1.849.426* | *1.983.744* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 14 | 341.043 | 313.689 |
| Биолошки средства | 12 | 267.462 | 269.843 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 15 | 277.894 | 383.688 |
| Депозити орочени во банки | 16 | 17.794 | 6.000 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 17 | 219.386 | 67.593 |
| *Вкупно тековни средства* | | *1.123.579* | *1.040.813* |
| АВР | | 253 | 137 |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***2.973.258*** | ***3.024.694*** |
| **Б КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Акционерски капитал | 18 | 738.184 | 738.184 |
| Реинвестирана добивка | | 334 | - |
| Резерви за сопствени акции и други резерви | | (221.104) | (91.131) |
| Законски и други резерви | | 926.575 | 1.012.008 |
| Акумулирана добивка/загуба | | 1.143.717 | 971.137 |
| Малцински удел | | 139.411 | 127.843 |
| *Вкупно капитал и резерви* | | *2.727.117* | *2.758.041* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Долгорочни обврски | 20 | 67.029 | 66.696 |
| Обврски од стоковни резерви | 21 | 9.919 | 12.763 |
| Обврски спрема добавувачи и други обврски | 22 | 160.713 | 182.205 |
| *Вкупно обврски* | | *237.661* | *261.664* |
| ПВР | 23 | 8.480 | 4.989 |
| ***ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | ***2.973.258*** | ***3.024.694*** |
| *Вонбилансни средства* | | - | *26.282* |
| *Вонбилансни извори* | 27 | - | *26.282* |

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ
## за годината што завршува на 31 Декември 2007 и 2006
(во 000 Денари)

| 2007 | Акционерски капитал | Реинвестирана добивка | Резерва за сопствени акции | Резерва за учеството на Жито Полог во ЗК Пелагонија | Задолжителна општа резерва | Акумулирана добивка/ загуба | Малцинско учество | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Состојба на 1 Јануари 2007* | **738.184** | **-** | **(46.797)** | **(44.334)** | **1.012.008** | **971.137** | **127.843** | **2.758.041** |
| Реинвестирана добивка | - | 334 | - | - | - | (334) | - | - |
| Купени сопствени акции | - | | (129.973) | - | - | - | - | (129.973) |
| Намалување на резерви | - | - | - | - | (248) | (4.495) | - | (4.743) |
| Сведување на акциите по објективна вредност | - | - | - | - | (85.185) | - | - | (85.185) |
| Зголемување на акумулирана добивка | - | - | - | - | - | 30.000 | | 30.000 |
| Обврски за камати претворени во капитал | - | - | - | - | - | 266 | | 266 |
| Добивката за 2007 година | - | - | - | - | - | 147.143 | 51 | 147.194 |
| Промени на Малцинско учество | - | - | - | - | - | | 11.517 | 11.517 |
| **Состојба на 31 Декември 2007** | **738.184** | **334** | **(176.770)** | **(44.334)** | **926.575** | **1.143.717** | **139.411** | **2.727.117** |
| **2006** | | | | | | | | |
| *Состојба на 1 Јануари 2006* | 738.184 | - | (25.173) | (44.334) | 733.929 | 944.884 | - | 2.347.490 |
| Купени сопствени акции | - | - | (21.624) | - | - | - | - | (21.624) |
| Намалување на резерви | - | - | - | - | (2.917) | - | - | (2.917) |
| Сведување на акциите по објективна вредност | - | - | - | - | 280.996 | - | - | 280.996 |
| Намалување на акумулирана добивка | - | - | - | - | - | (3.503) | - | (3.503) |
| Исплатени дивиденда | - | - | - | - | - | (7.281) | - | (7.281) |
| Обврски за камати претворени во капитал | - | - | - | - | - | 665 | - | 665 |
| Добивката за 2006 година | - | - | - | - | - | 41.946 | (5.574) | 36.372 |
| Малцинско учество | - | - | - | - | - | (5.574) | 133.417 | 127.843 |
| **Состојба на 31 Декември 2006** | **738.184** | **-** | **(46.797)** | **(44.334)** | **1.012.008** | **971.137** | **127.843** | **2.758.041** |

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
### за годината што завршува на 31 Декември 2007 и 2006
(во 000 Денари)

| | 31 Декември 2007 | | 31 Декември 2006 | |
|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | |
| Добивка пред оданочување | 160.143 | | 36.419 | |
| *Корегирано за:* | | | | |
| Амортизација | 67.142 | | 66.369 | |
| Отпис на побарувања од купувачите | 10.884 | | 108 | |
| Намалување на вредноста на залихите | | | 1.031 | |
| Неотпишана вредност на матер. сред. | 43 | | 1.906 | |
| Неотпишана вредност на основно стадо | 21.248 | | 43.030 | |
| Расходување и кусоци | 1.180 | | 2.130 | |
| Отпишани обврски | (1.984) | | (242) | |
| Приходи од дивиденди | (42.293) | | (47.593) | |
| Приходи од камати | (26.393) | | (16.201) | |
| Расходи од камати | 541 | | 665 | |
| Залихи | (24.972) | | 122.972 | |
| Биолошки средства | (2.382) | | (5.470) | |
| Побарувања | 46.068 | | (104.395) | |
| Обврски | 36.060 | | (87.632) | |
| Други усогласувања | (12.696) | | (33.125) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | *232.589* | | *(20.028)* |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | |
| Вложувања во други друштва | (637) | | (156) | |
| Продажба на основно стадо | 10.011 | | 14.897 | |
| Продажба на материјални средства | 959 | | 1.448 | |
| Наплатени камати | - | | 8.126 | |
| Примени дивиденди | 44.663 | | 39.697 | |
| Набавка на материјални средства | (185.828) | | (89.173) | |
| Набавка на биолошки средства | (72) | | (44.564) | |
| Купување на акции | | | (47.218) | |
| Пласмани во банки | 15.744 | | 104.343 | |
| Продажба на акции | 192.900 | | 42.069 | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | *77.740* | | *29.469* |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | |
| Кредити | (28.499) | | 4.622 | |
| Купување на сопствени акции | (129.972) | | (24.158) | |
| Исплатени дивиденди | (14) | | (5.973) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | *(158.485)* | | *(25.509)* |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | | **151.844** | | **(16.068)** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | | **67.542** | | **83.661** |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | | **219.386** | | **67.593** |

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола (натаму: ЗК Пелагонија) е акционерско друштво запишано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 4167414.

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: ниски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

Седиште на Друштвото е на улица Борис Кидрич број 3, Битола.

Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2007 година е: 85% - обични акции, од кои 22 % се сопствени акции и 15% - приоритетни акции (2006: 85% обични акции, од кои 9,57% се сопствени акции и 15% - приоритетни акции).

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Консолидираните Финансиски извештаи за 2007 година ги опфаќаат финаниските извештаи на друштвото ЗК Пелагонија и на следниве Друштва:

- Друштво за производство на мелнички пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД - Тетово (натаму: Жито Полог), акционерско друштво запишано во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 4037634. Основна дејност на Жито полог е производство на мелнички производи (пченично брашно), производство на пекарски производи (леб и бело печиво) и промет на мало и големо. Седиште на Жито Полог е на улица Маршал Тито број 134 Тетово. ЗК Пелагонија поседува 37.807 обични акции во Жито Полог АД или 67,52% од вкупниот капитал.
- Друштво за трговија на големо Пелагонија Полог ДОО - Скопје (натаму: Пелагонија Полог) е друштво со ограничена одговорност запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6082726. Сопственици на капиталот на Пелагонија Полог се: ЗК Пелагонија со влог во вредност од 156.400 или 51% од вкупниот капитал и Жито Полог со влог во вредност од 150.200 денари или 49% од вкупниот капитал.

Друштвото консолидираните финансиски извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи во Република Македонија.

Овие Консолидирани финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските кои се однесуваат на работењето на Друштвото и ставките се прикажани врз основа на метод на набавна вредност, а за одделни средства по пазарна вредност.

При изготвување на консолидираните финансиски извештаи, годишната сметка на Друштвата е рекласифицирана, така што содржината и формата на прикажување се променети според начинот на прикажување според Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Консолидираните финансиски извештаи се прикажани во илјада денари.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

### 2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, менаџментот е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

### 2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Билансот на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

### 2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Билансот на состојбата се следниве:

| Валута | **31 Декември 2007** | | **31 Декември 2006** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 EUR | 61,2016 | Денари | 61,1741 | Денари |
| 1 USD | 41,4481 | Денари | 46,4496 | Денари |
| 1 CHF | 36,8596 | Денари | 38,0696 | Денари |

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2007 и 2006.

### 3.1 Материјални средства

*3.1.1. Почетно вреднување*

*Материјалните средства* (градежните објекти, постројките и опремата) почетно се вреднуваат по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загуба поради обезвреднување.

*3.1.2. Последователни издатоци*

*Издатоците направени за замена на дел* од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех во моментот на настанување.

*3.1.3. Амортизација*

*Амортизацијата* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на материјалните средства до нивната преостаната вредност. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежните објекти | 2,5% |
| Постројки и опрема | 5% до 25% |
| Мебел, возила и останато | 20% до 25% |

## 3.2 Биолошки средства

*Биолошките средства* освен живината и повеќегодишните насади се искажани по пазарна вредност намалена за трошоците за реализација. Трошоците за реализација ги вклучуваат сите трошоци потребни за реализација на средствата освен транспортните и другите трошоци потребни за да се донесе средството на пазар.

*3.2.1. Основно и обртно стадо*

*Основното и обртното стадо* се искажани по пазарна вредност која се темели на пазарна цена на стадото според значајните особини: старост, репродуктивни и генетски особини.

*3.2.2. Живина*

*Живината* почетно се вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување - угинување на живината, а при продажбата по продажна вредност.

*3.2.3. Повеќегодишни насади*

*Повеќегодишните насади* се искажани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и вредноста заради обезвреднување.

*3.2.4. Амортизација на живината и повеќегодишни насади*

*Амортизација на живината и повеќегодишните насади* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на повеќегодишните насади до нивната преостаната вредност. На повеќегодишните насади не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.
Годишните стапки на амортизација се:

| | |
|---|---|
| Живина | 20% |
| Повеќегодишни насади | 10% |

## 3.3 Вложувања во хартии од вредност

*Вложувањата во хартии од вредност* вклучуваат вложувања во банки, други финансиски институции и трговски друштва, вложувања во сопственички капитал и акции.
Кога вложувањето почетно се признава друштвото ги мери според набавната вредност која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите.
По почетното мерење, односно во последователното мерење вложувањата во хартии од вредност се мерат според нивната објективна вредност.

### 3.4 Залихи

*Залихите* се искажуваат по пониската од набавната или нето реализациона вредност. Нето реализациона вредност е проценета продажна цена намалена за проценетите трошоци на довршување на производството и проценетите трошоци за продажба.

Ожнеаните земјоделски производи се искажуваат по пазарна вредност намалени за проценетите трошоци за реализација на денот на жнеење, утврдена согласно сметководствената политика за биолошките средства (Види сметководствена политика 3.2). Секоја промена на вредноста на датата на жнеењето се признава во Билансот на успех.

Трошењето на залихите се евидентира според методот на просечни цени.

### 3.5 Побарувања од купувачи и останати побарувања

*Побарувањата од купувачите и останатите побарувања* се водат според набавна вредност намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплативи.

Ненаплативите побарувања, како и побарувањата од каматите што произлегуваат од нив, се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.

### 3.6 Парични средства и парични еквиваленти

*Паричните средства и паричните еквиваленти* се состојат од паричните средства во благајни, на жиро сметки, чекови и депозити во банки со рок на достасаност до еден месец.

### 3.7 Акционерски капитал

#### *3.7.1. Приоритетни акции*

*Неоткупливите приоритетни акции* се класифицирани како капитал.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поседува 41.793 приоритетни акции, односно 15% од вкупниот број издадени акции и 106 обични акции на ЗК Пелагонија, а 1.946 приоритетни акции, односно 3,48% од вкупниот број на издадени акции на Жито Полог. Приоритетните акции се конвертибилни. До колку Фондот ги продаде, тие стануваат обични акции.

#### *3.7.2. Откуп на сопствени акции*

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

#### *3.7.3. Дивиденди*

*Дивидендите* се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

### 3.8 Обврски за кредити

*Обврските за кредити* почетно се евидентираат според нето примените средства. До колку кредитот се исплати пред периодот на достасаност, разликата меѓу сметководствената вредност и платениот износ, веднаш се признава во Билансот на успех.

Главните извори на кредити се банки од земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажани во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот под кој се изготвува Билансот на состојбата.

Сите износи кои доспеваат за плаќање во рок од 12 месеци од денот под кој се изготвува Билансот на состојбата се класифицираат како тековни обврски.

### 3.9 Обврски спрема добавувачи и останати обврски

*Обврските спрема добавувачи и останатите обврски* се евидентираат според набавна вредност.

### 3.10 Обврски за даноци

*Даноците* се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка се пресметува по пропишана стапка на добивката корегирана за непризнатите ставки на расходи, даночни олеснувања и ослободувања согласно Законот за данокот на добивка.

### 3.11 Приходи од продажба

*Приходот од продажба* на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех до степен на завршеност на услугите на денот на Билансот.

Приходите од продажба на производи и стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

### 3.12 Субвенции

*Субвенции* од државата кои се однесуваат на биолошките средства се признаваат во Билансот на успех како приход кога постои разумна основа дека истите ќе бидат примени.

### 3.13 Приходи и расходи од закупнина

*Приходите и расходите од оперативен закуп* се признаваат во Билансот на успех само за соодветниот пресметковен период.

### 3.14 Приходи и расходи од финансирање

*Приходите и расходите од финансирање* ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога се пресметуваат.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во земјата | 950.040 | 932.650 |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во странство | 14.282 | 14.234 |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи | 78.335 | 76.142 |
| *Вкупно реализација* | *1.042.657* | *1.023.026* |

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги во земјата во износ од 950.040 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 619.960 илјади денари, Жито Полог во износ од 306.093 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 23.987 илјади денари.

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги во странство во износ од 14.282 илјади денари се остварени од ЗК Пелагонија.

Приходите по основ на употреба на сопствени производи во износ од 78.335 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 74.187 илјади денари и на Жито Полог во износ од 4.148 илјади денари.

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите приходи од дејноста се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Приходи врз основа на субвенции од државата | 15.368 | 66.553 |
| Капитална добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства | 149.031 | 29.985 |
| Приходи од продажба на основно стадо | 10.358 | 14.897 |
| Приходи од наемнини | 2.236 | 1.775 |
| Останати приходи | 10.722 | 8.571 |
| *Вкупно останати приходи од дејноста* | *187.715* | *121.781* |

Во 2007 година на ЗК Пелагонија и се исплатени субвенции од страна на државата во износ од 15.368 илјади денари за произведена и предадена пченица, сончоглед и маслодајна репа од родот 2006 и 2007 година како и субвенции за одржување на основното стадо.
Со Упаството за начинот на остварување на правото на користење на средствата од Програмата за поттикнување на развој на земјоделството во 2007 година од 17.04.2007 година, ограничена е финансиската подршка за засејана површина на пченица само за површините до 50 хектари и за одгледувани говеда до 50 грла.

Капиталната добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства во вкупен износ од 149.031 илјади денари се од: капитални добивки од продажба на акции од Стопанска банка АД - Битола во износ од 415 илјади денари, продажба на акции од Комерцијална банка АД - Скопје во износ од 145.449 илјади денари, продажба на

акции од Охридска банка АД - Охрид во износ од 2.961илјади денари и од продажба на основни средства во износ од 206 илјади денари.

Останати приходи од дејноста во износ од 10.722 илјади денари се приходи врз основа на надомест на штети од осигурителни друштва, приходи од вишоци по попис, приходи од наплатени отпишани побарувања, приходи од отпис на обврски, приходи од поранешни години и други приходи.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за суровини и материјали се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 194.407 | 194.914 |
| Потрошени резервни делови и ситен инвентар | 55.274 | 58.968 |
| Потрошена електрична енергија, мазут и гориво | 133.410 | 138.838 |
| Други трошоци за суровини и други материјали | 13.727 | 12.268 |
| *Вкупно трошоци за суровини и материјали* | *396.818* | *404.988* |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за вработените се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Плати и надоместии на плати | 147.896 | 157.885 |
| Придонеси и даноци од плати | 95.454 | 89.580 |
| Други надоместоци на вработените | 59.549 | 36.091 |
| *Вкупно трошоци за вработените* | *302.899* | *283.556* |

Платите и надоместите во износ од 147.896 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 99.918 илјади денари, Жито Полог во износ од 46.913 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 1.065 илјади денари.

Придонесите и даноците од плати во износ од 95.454 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 64.987 илјади денари, Жито Полог во износ од 29.776 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 691 илјади денари.

Други надоместоци на вработените во износ од 59.549 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 51.169 илјади денари, Жито Полог во износ од 8.087 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 293 илјади денари. Другите надоместоци на вработените вклучуваат надоместоци и трошоци за исхрана на работниците, отпремнина, регрес за годишен одмор и други трошоци

## 8. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите расходи од дејноста се состојат од следното (во 000 денари):

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| Закупнина за земјиште и други материјални средства | 41.192 | 32.842 |
| Услуги за одржување и заштита | 7.918 | 8.693 |
| Трошоци за вода и комунални услуги | 3.971 | 3.721 |
| Ветеринарни и други сточарски услуги | 20.289 | 23.518 |
| Регистрација на возила | 1.241 | 1.139 |
| Трошоци за наводнување | 13.115 | 11.730 |
| Трошоци за берба на земјоделски производи | 7.341 | 1.697 |
| Трошоци за договор за дело | 5.346 | 3.772 |
| Транспортни услуги | 15.641 | 12.274 |
| Отпис на побарувања | 12.095 | 1.681 |
| Неотпишана вредност на продадено основно стадо и материјални средства | 36.287 | 62.521 |
| Дневници и други трошоци за службени патувања | 1.593 | 1.254 |
| Патарини | 634 | 869 |
| Премии за осигурување | 3.382 | 3.792 |
| Трошоци за репрезентација | 4.688 | 4.280 |
| Трошоци за банкарски провизии и платен промет | 3.342 | 3.710 |
| Останати расходи | 28.304 | 31.764 |
| *Вкупно останати расходи од дејноста* | *206.379* | *209.257* |

Останатите расходи во вкупен износ од 28.304 илјади денари се состојат од вредносно усогласување на залихи во износ од 906 илјади денари, такси, даноци и други придонеси во износ од 3.262 илјади денари, кусоци во износ од 550 илјади денари, кало, растур, кршење, расипување во износ од 847 илјади денари, расходи од минати години во износ од 1.891 илјади денари, капитална загуба во износ од 4.532 илјади денари, надоместоци на членови на управен и надзорен одбор во износ од 1.734 илјади денари, трошоци за стручно усовршување и семинари во износ од 701 илјади денари, нотарски, адвокатски, ревизорски и други интелектуални услуги во износ од 3.217 илјади денари и други трошоци.

## 9. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите од финансирање се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 26.574 | 16.451 |
| Позитивни курсни разлики | 44 | 177 |
| Приходи од дивиденди | 42.295 | 46.001 |
| Други приходи од финансирање | 2.370 | 4.654 |
| Расходи од камати | (1.886) | (2.256) |
| Негативни курсни разлики | (457) | (986) |
| *Вкупно нето приходи од финансирање* | *68.940* | *64.041* |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка по стапка од 12% е пресметан на усогласена даночна основица во согласност со законските прописи во Република Македонија.

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2007 | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и други средства | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2007 | 50.340 | 972.059 | 1.843.082 | 25.326 | 2.890.807 |
| Нови набавки во годината | 3.090 | 20.307 | 18.661 | 41.466 | 83.524 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | 2.095 | (2.095) | - |
| Намалување | - | (316) | (19.097) | (40.151) | (59.564) |
| Рекласификација | - | 5 | (5) | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2007 | 53.430 | 992.055 | 1.844.736 | 24.546 | 2.914.767 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2007 | - | 535.760 | 1.577.766 | - | 2.113.526 |
| Амортизација за 2007 | - | 22.517 | 43.194 | - | 65.711 |
| Намалување | - | (205) | (17.837) | - | (18.042) |
| Рекласификација | - | 5 | (5) | - | |
| Салдо на 31 Декември 2007 | - | 558.077 | 1.603.118 | - | 2.161.195 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2007*** | *53.430* | *433.978* | *241.618* | *24.546* | *753.572* |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2007*** | *50.340* | *436.299* | *265.316* | *25.326* | *777.281* |

| 2006 | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и други средства | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2006 | 48.891 | 929.550 | 1.816.611 | 43.172 | 2.838.224 |
| Нови набавки во годината | - | - | - | 74.071 | 74.071 |
| Пренос од инвестиции во тек | 1.449 | 46.674 | 43.794 | (91.917) | - |
| Намалување | - | (4.165) | (17.323) | - | (21.488) |
| Салдо на 31 Декември 2006 | *50.340* | *972.059* | *1.843.082* | *25.326* | *2.890.807* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2006 | - | 518.276 | 1.551.326 | - | *2.069.602* |
| Амортизација за 2006 | - | 20.813 | 43.658 | - | 64.471 |
| Намалување | - | (3.329) | (17.218) | - | (20.547) |
| Салдо на 31 Декември 2006 | - | *535.760* | *1.577.766* | - | *2.113.526* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2006*** | *50.340* | *436.299* | *265.316* | *25.326* | *777.281* |
| ***Нето сметководствена вредност на Јануари 2006*** | *48.891* | *411.274* | *265.285* | *43.172* | *768.622* |

ЗК Пелагонија е корисник на 18.393 ха земјоделско земјиште од кои 17.978 ha е сопственост на Република Македонија. За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договор од 08.12.2005 година. Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

- ✓ во ридско - планинските подрачја во површина од 5.540 ha по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност и
- ✓ за останатите подрачја во површина од 12.437 ha по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противредност

Во текот на 2007 година ЗК Пелагонија извршило купување на 18 ha земјоделско земјиште од физички лица во вкупен износ од 3.090 илјади денари. Откупено е земјиште за кое Друштвото претходно се јавува како корисник, а кое со решение за денационализација истото било вратено на поранешни сопственици физички лица. Купеното земјиште претставува во најголем дел идеални делови на земјоделски парцели над кои не е извршена физичка делба.

Жито Полог на 31.12.2007 година, во Билансот на состојба има искажано земјиште во износ од 44.131 илјади денари. Земјиштето согласно поранешните прописи е дадено на Друштвото на трајно користење од страна на Република Македонија. Друштвото има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.

Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 20.307 илјади денари се од ЗК Пелагонија.

Намалувањето на градежните објекти во вкупен износ од 316 илјади денари се од ЗК Пелагонија.

Најголем дел од недвижностите (градежните објекти) ЗК Пелагонија ги поседува во општини каде сеуште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, објектите се евидентирани во поседовни листови во кои не е

разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објекти од сопственоста на објектите.

За дел од капиталните објекти на ЗК Пелагонија врз кои е вршена реконструкција (говедарска фарма Породин, говедарска фарма Новаци) постапката за запишување на сопственоста е во завршна фаза. Постапка за запишување на сопственоста врз останатите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар.

Зголемувањето на постројките, опремата и другите средства во вкупен износ од 18.661 илјади денари се набавки во: ЗК Пелагонија во износ од 17.952 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 709 илјади денари.

Намалувањето на постројките, опремата и другите средства во вкупен износ од 19.097 илјади денари се во следниве друштва: ЗК Пелагонија во износ од 18.691 илјади денари и Жито Полог во износ од 406 илјади денари.

Инвестициите во тек се неактивирани матерјални средства. Нивното зголемување во вкупен износ од 41.466 илјади денари, во најголем дел се однесува на извршени градежни работи и вложување во опрема, а намалувањето на во износ од 40.151 илјади денари е активирање на материјалните средства.

## 12. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

Биолошките средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2007 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Живина | Обртно стадо | Повеќегодишни насади | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2007 | 234.323 | 78.867 | 7.620 | 35.521 | 6.507 | 362.838 |
| Зголемување како резултат на набавки | | 76 | 4.892 | | | 4.968 |
| Намалување како резултат на продажби | | (9.989) | (4.712) | (241.484) | (627) | (256.812) |
| Намалување како резултат на угинување | | | (2.422) | | | (2.422) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (622.578) | | | | | (622.578) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 624.508 | (2.376) | | 237.172 | | 859.304 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | (1.032) | | (400) | (1.432) |
| ***Состојба на 31 Декември 2007*** | **236.253** | **66.578** | **4.346** | **31.209** | **5.480** | **343.866** |
| *Нетековни средства* | | *66.578* | *4.346* | | *5.480* | 76.404 |
| *Тековни средства* | *236.253* | | | *31.209* | | 267.462 |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***236.253*** | ***66.578*** | ***4.346*** | ***31.209*** | ***5.480*** | **343.866** |

| 2006 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Живина | Обртно стадо | Повеќегод ишни насади | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2006 | 236.847 | 68.675 | 3.073 | 27.526 | 6.745 | 342.866 |
| Зголемување како резултат на набавки | | 44.255 | 9.327 | | 721 | 54.303 |
| Намалување како резултат на продажби | | (14.370) | (3.484) | (225.821) | | (243.675) |
| Намалување како резултат на угинување | | | (357) | | | (357) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (525.722) | | | | | (525.722) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 523.197 | (19.693) | | 233.816 | | 737.320 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | (939) | | (959) | (1.898) |
| ***Состојба на 31 Декември 2006*** | **234.322** | **78.867** | **7.620** | **35.521** | **6.507** | **362.837** |
| *Нетековни средства* | | *78.867* | *7.620* | | *6.507* | 92.994 |
| *Тековни средства* | *234.322* | | | *35.521* | | 269.843 |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***234.322*** | ***78.867*** | ***7.620*** | ***35.521*** | ***6.507*** | **362.837** |

Основното стадо прикажано на 31 Декември 2007 година се состои од 2.879 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 532 нерези, маторици и назимки и 3.086 овни, овци, ѕвиски, шилежиња, приплодни јагниња, кози и прчови. Во текот на годината завршена на 31 Декември 2007 година, Друштвото има продадено 273 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 158 нерези, маторици и назимки, 118 овни, овци, ѕвиски, шилежиња и приплодни јагниња.

Обртното стадо прикажано на 31 Декември 2007 година се состои од 674 телиња, 3.893 товеници и прасиња, 288 дојни јагниња и јариња и 53.200 килограми риба.

Во текот на годината завршена на 31 Декември 2007 година, Друштвото има продадено 500 телиња, 6.331 товеници и прасиња и 1.069 дојни јагниња.

На 31 Декември 2007 година Друштвото има засеано 11.092 хектари есенски и 5.096 пролетни полјоделски култури. Во текот на годината Друштвото има ожнеано есенски и пролетни поледелски култури со пазарна вредност од 622.578 илјади денари.

## 13. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вложувањата во хартии од вредност се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во ЗК Пелагонија | 873.901 | 1.027.075 |
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во Жито Полог | 120.467 | 85.012 |
| *Вкупно вложувања во хартии од вредност* | *994.368* | *1.112.087* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 873.901 илјади денари се вложувања на ЗК Пелагонија во акции вреднувани по

последна цена од Македонска берза на хартии од вреднот во следните друштва (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.931 | 10.000 | 829.310 |
| Силекс Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 4.791 | 1.270 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 9.800 | 41.601 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 700 | 1.299 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 40 | 421 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *873.901* |

| | 31 Декември 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.981 | 10.300 | 854.704 |
| Комерцијална банка АД Скопје (обични) | 25.930 | 5.600 | 145.208 |
| Силекс Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 320 | 85 |
| Охридска банка АД - Охрид (обични) | 530 | 9.300 | 4.929 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 900 | 3.821 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 700 | 1.299 |
| Тетекс Кредитна банка АД Скопје (обични) | 8.109 | 2.100 | 17.029 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *1.027.075* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 120.467 илјади денари се вложувања на Жито Полог во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза за хартии од вредност во следните банки:

| | 31 Декември 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 2.978 | 119.888 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 6.900 | 579 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *120.467* |

| | 31 Декември 2006 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 2.100 | 84.542 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 5.600 | 470 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *85.012* |

## 14. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Материјали | 148.415 | 108.893 |
| Резервни делови | 63.934 | 64.543 |
| Ситен инвентар | 21.345 | 22.286 |
| Земјоделски производи | 97.750 | 103.457 |
| Готови производи од пекарска и мелничка индустрија | 2.224 | 9.779 |
| Трговски стоки | 7.375 | 4.731 |
| *Вкупно залихи* | *341.043* | *313.689* |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 247.306 | 306.288 |
| Побарување за данок на додадена вредност | 3.219 | 6.764 |
| Побарувања за краткорочни заеми | 49.801 | 82.001 |
| Побарувања од државата | 5.793 | 2.525 |
| Побарувања од работници | 1.313 | 721 |
| Други побарувања | 2.959 | 9.296 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (32.497) | (23.907) |
| *Вкупно побарувања од купувачи* | *277.894* | *383.688* |

## 16. ДЕПОЗИТИ ОРОЧЕНИ ВО БАНКИ

Депозитите орочени во банки се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Депозити орочени на три месеци | 17.794 | 6.000 |
| *Вкупно депозити во банки* | *17.794* | *6.000* |

## 17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и парични еквиваленти се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2007 | 31 Декември 2006 |
|---|---|---|
| Благајна | 245 | 1.006 |
| Чекови | 3 | 299 |
| Денарска сметка | 17.554 | 24.478 |
| Девизна сметка | - | 357 |
| Депозити во банки со рок до 1 месец | 201.584 | 41.453 |
| *Вкупно парични средства* | *219.386* | *67.593* |

Депозитите во банки се орочени депозити на ЗК Пелагонија во износ од 201.584 илјади денари на период од еден месец со каматна стапка од 6% до 6,5% на годишно ниво.

## 18. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИТЕ

### 18.1 Состојба на акциите кај ЗК Пелагонија

Фактичката состојба на бројот на акциите кај ЗК Пелагонија по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 01.01.07 | % | зголем. | намал. | 31.12.07 | % |
| *Обични акции* | Физички лица | 86.896 | 31,19 | | 4.527 | 82.369 | 29,56 |
| | Правни лица | 123.267 | 44,24 | | 29.562 | 93.705 | 33,59 |
| | Откупени сопствени акции | 26.664 | 9,57 | 34.089 | | 60.753 | 21,81 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | | | 41.793 | 15,00 |
| | *Вкупно* | *278.620* | *100%* | *34.089* | *34.089* | *278.620* | *100%* |

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2006 | 01.01.06 | % | зголем. | намал. | 31.12.06 | % |
| *Обични акции* | Физички лица | 185.868 | 66,71 | | 98.972 | 86.896 | 31,19 |
| | Правни лица | 31.313 | 11,24 | 91.954 | | 123.267 | 44,24 |
| | Откупени сопствени акции | 19.646 | 7,05 | 7.018 | | 26.664 | 9,57 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | | | 41.793 | 15,00 |
| | *Вкупно* | *278.620* | *100%* | *98.972* | *98.972* | *278.620* | *100%* |

Сите акции се со номинална вредност од 51,13 евра.

Имателите на обични акции имаат право на дел од остварената добивка (дивиденда) и добиваат право на еден глас на Собранието на акционери за еквивалент од 1 акција. Имателите на неоткупливите приоритетни акции имаат право на 2% фиксна годишна дивиденда на износот на кој гласат акциите и имаат право на првенство во наплатата на дивидендата и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса. Неоткупливите приоритетни акции немаат право на глас.

Во однос на сопствените акции поседувани од Друштвото (види подолу) сите права се суспендирани до моментот на нивната повторна продажба.

Зависното Друштво Жито Полог поседува 32.353 обични акци, или 13,66% учество од обичните акции на ЗК Пелагонија, односно 11,61 од вкупните акции. Согласно член 498 од Законот за трговските друштва овие акции не даваат право на глас и постои обврска да се изврши отуѓување на акциите, најдоцна во рок од пет години од денот кога Жито Полог станало зависно друштво.

Покрај тоа, имателите на неоткупливи приоритетни акции имаат право и на сразмерно учество во остатокот на добивката, ако на имателите на обичните акции им се исплатува дивиденда над 2%.

На 31 Декември 2007 година вкупниот број на неоткупливи приоритетни акции изнесува 41.793 во посед на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои согласно законот во моментот на нивна продажба се конвертираат во обични акции.

### 18.2 Резерва за сопствени акци кај ЗК Пелагонија

Резервата за сопствени акции на ЗК Пелагонија ја сочинува набавната вредност на акциите во сопственост на Друштвото. На 31 Декември 2007 година Друштвото има во посед 60.753 сопствени акции.

### 18.3 Состојба на акциите кај Жито Полог

Фактичката состојба на бројот на акциите кај Жито Полог по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| **Родови на акции** | **Во сопственост на 2007** | **01.01.07** | **%** | **Состојба** зголемување | намалување | **31.12.07** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 14.977 | 26,74% | - | - | 14.977 | 26,74% |
| | Правни лица | 37.807 | 67,52% | - | - | 37.807 | 67,52% |
| *Приоритетни акции* | Откупени сопствени акции | 1.267 | 2,26% | - | - | 1.267 | 2,26% |
| | ФПИО | 1.946 | 3,48% | - | - | 1.946 | 3,48% |
| | ***Вкупно*** | ***55.997*** | ***100%*** | - | - | ***55.997*** | ***100%*** |

| **Родови на акции** | **Во сопственост на 2006** | **01.01.06** | **%** | **Состојба** зголемување | намалување | **31.12.06** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 39.191 | 69,98% | | 24.214 | 14.977 | 26,74% |
| | Правни лица | 14.860 | 26,54% | 22.947 | - | 37.807 | 67,52% |
| *Приоритетни акции* | Откупени сопствени акции | - | - | 1.267 | - | 1.267 | 2,26% |
| | ФПИО | 1.946 | 3,48% | | | 1.946 | 3,48% |
| | ***Вкупно*** | ***55.997*** | ***100%*** | - | - | ***55.997*** | ***100%*** |

Номиналната вредност на една акција изнесува 51,13 EUR.

Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога истата ќе биде објавена и право на еден глас во Собранието на акционери.

Имателите на приоритетни акции немаат право на управување.

Приоритетните акции носат право на фиксна годишна дивиденда од 2% согласно износот на кој гласат акциите, како и право на сразмерно учество во остатокот на добивката ако и на другите иматели на акции им се исплатува дивиденда над 2%. Овие акции носат право на првенствена наплата на дивиденда и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса.

### 18.4 Задолжителна општа резерва

Задолжителна општа резерва се формира согласно одредбите на Законот за трговските друштва, односно Статутот на Друштвата преку пресметување и издвојување од добивката на процент кој не може да биде помал од 15%, се додека резервите на Друштвата не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Додека не се постигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи само за надоместување на загубата.

Кога ќе се достигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи и за исплата на дивиденди, врз основа на одлука на надлежниот орган на Друштвото, но само ако висината на дивидендите за деловната година не го достигне минимумот за исплата, пропишан со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото.

## 19. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

**Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во 000 денари):**

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| Добивка за годината | 147.194 | 34.780 |
| Дивиденда на приоритетни акции | 2.716 | 2.614 |

**Просечен број на обични акции**
(во број на акции):

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| *Издадени обични акции на 1 Јануари* | 225.140 | 233.425 |
| Ефект од откупени сопствени акции | (11.363) | (9.357) |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември* | 213.777 | 224.068 |
| **Заработка по акција (добивка - дивиденда на приоритетни акции)/ просечен број на обични акции)** | *675,84* | *143,55* |

## 20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | 1.391 | 1.058 |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *67.029* | *66.696* |

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија. За кредитите конвертирани во 1993 година кои се отплатени заклучно со 31.12.2007 година пресметаната камата за 2007 година во висина на есконтната стапка на Народна Банка на Република Македонија не се плаќа и се пренесува во капиталот на ЗК Пелагонија. Кредитите конвертирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. ЗК Пелагонија има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на Жито Полог се врз основа на конверзија на краткорочните кредити добиени од ТТК банка - АД Скопје за обртни средства согласно законските прописи во Република Македонија.

## 21. ОБВРСКИ ОД СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Врз основа на склучени договори меѓу ЗК Пелагонија и Министерство за финансии - Биро за стокови резерви, Друштвото има преземено обврска за чување, обновување и користење стоки од стоковните резерви - говеда во вкупна тежина од 495.955 кг. Врз основа на Одлука на Владата на РМ број 19-2632/1 од 8 Јуни 2006 година ЗК Пелагонија има склучено Договор за продажба на жива стока - говеда од стоковните резерви со Министерство за финансии - Биро за стокови резерви во вкупна вредност од 24.797 илјада денари. Согласно одредбите на Договорот, ЗК Пелагонија е обврзана да ја исплати вкупната вредност на живата стока за период од 3 години на 36 еднакви месечни рати. На име надоместок за чување и обновување на добитокот Бирото му го отстапува целиот приход и средства остварени врз основа на користење на добитокот.

## 22. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврски спрема добавувачите и други обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 98.905 | 84.185 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 10.195 | 5.635 |
| Обврски за примени аванси | 1.191 | 3.187 |
| Обврски кон вработени за плати и други лични примања | 25.534 | 48.368 |
| Обврски за краткорочни кредити | 10.946 | 35.988 |
| Обврски за дивиденди | 256 | 268 |
| Обврски за данок на добивка | 12.930 | 46 |
| Останати обврски | 756 | 4.528 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи и други обврски* | *160.713* | *182.205* |

## 23. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2007** | **31 Декември 2006** |
|---|---|---|
| Пресметани трошоци за камати | 108 | 246 |
| Пресметани трошоци за премија за пченица | 681 | 1.243 |
| Пресметани обврски за примена пченица | 2.349 | 3.362 |
| Други ПВР | 5.342 | 138 |
| *Вкупно ПВР* | *8.480* | *4.989* |

Другите пасивни временски разграничувања во износ од 5.342 илјада денари во најголем обем, односно во износ од 5.337 илјади денари се врз основа на поднесени барања до Министерството за земјоделие на РМ за уништено заболено основно и обртно стадо од бруцелоза.

## 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

### 22.2 Потенцијални обврски

ЗК Пелагонија е вклучено во судски постапки од своето редовно работење, при што споровите се претежно со физички лица за закупнина и владение на земјоделското земјиште, надомест на штета.
Според мислењето на менаџментот крајниот исход од овие судски спорови нема да има материјално влијание врз финансиските резултати на Друштвата.

### 22.3 Потенцијални побарувања

ЗК Пелагонија води судски постапки во кои се јавува како тужител во вкупен износ од 17.705 илјади денари од кои најголемо е учеството на споровите со АД Жити Шар - Гостивар во износ од 14.407 илјади денари, Олин - Свети Николе во износ од 481 илјади денари, Кукуш - Комерц во износ од 282 илјада денари и други.

Жито Полог се јавува како тужител во вкупен износ од 6.031.101 денари. Споровите се претежно за наплата на своите побарувања и за надомест на штета.

Според мислењето на менаџментот крајниот исход од овие судски спорови ќе биде во корист на Друштвото.

Пелагонија Полог не е вклучено во судски постапки од своето редовно работење и не се јавува ниту како тужител.

## 25. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 25.1 Валутен и кредитен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка и продажба на добра. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.
До денот на составување на Билансот на состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

## 26. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

До денот на составување на Билансот на состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e-mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола (Натаму: Друштвото) кои се состојат од Консолидиран биланс на состојбата на ден 31 декември 2007 година, придружните Консолидиран биланс на успех, Консолидиран Извештај за промените на капиталот и Консолидиран Извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајни сметководствени политики и останати Белешки кон консолидираните финансиски извештаи.

***Одговорност на менаџментот за за консолидираните финансиски извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e-mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

***Мислење***

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2007, резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија.

***Обрнување внимание***

Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешката 11 кон Финансиските извештаи:

1) Бидејќи во најголемиот дел на катастарските општини каде ЗК Пелагонија АД Битола поседува градежни објекти се уште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, сопственоста на објектите не е запишана во имотни листови во кои е разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објекти од сопственоста на објектите. За определени капитални објекти врз кои е вршена реконструкција и кај кои можело да се запише сопственост, тоа е сторено и тие се запишани како сопственост на ЗК Пелагонија АД Битола. Постапката за запишување на сопственоста врз другите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар.
2) Жито Полог АД Тетово има искажано земјиште кое му е дадено на трајно користење од државата. Согласно законските прописи Друштвото има покрената постапка за дефинирање на сопственоста.

Скопје, Септември 2009 година

| Овластен ревизор | Директор |
|---|---|
| Софија Јанчева-Белчева | Јасмина Рафајловска |

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината што завршува на**
**31 Декември 2008 и 2007**
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 4 | 1.281.007 | 1.042.657 |
| Останати приходи од дејноста | 5 | 86.084 | 187.715 |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 12 | 1.258.825 | 859.304 |
| Промена на вредноста на залихите | | 12.132 | (7.554) |
| Употребени залихи | | (1.339.094) | (1.017.680) |
| Трошоците за суровини и материјали | 6 | (505.877) | (396.818) |
| Трошоци за вработените | 7 | (320.288) | (302.899) |
| Амортизација | 11 и 12 | (70.453) | (67.143) |
| Останати расходи од дејноста | 8 | (204.149) | (206.379) |
| *Загуба (Добивка) од редовно работење* | | *198.187* | *91.203* |
| Нето приходи од финансирање | 9 | 49.188 | 68.940 |
| ***Добивка пред оданочување*** | | ***247.375*** | ***160.143*** |
| Данок на добивка | 10 | (8.832) | (12.949) |
| ***НЕТО ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | ***238.543*** | ***147.194*** |
| Расположиво на: | | | |
| • Акционерите на Друштвото | | 233.450 | 147.143 |
| • Малцински удел | | 5.093 | 51 |
| | | 238.543 | ***147.194*** |
| *ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА (ВО ДЕНАРИ)* | 19 | ***1.279,91*** | ***675,84*** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска сосоните***

| | |
|---|---|
| Финансов Директор | Генерален Директор |
| Славица Дреноска | М-р Вангел Гагачев |

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
## на 31 Декември 2008 и 2007
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства (нето) | 11 | 966.529 | 753.572 |
| Аванси за материјални средства | | 388 | 24.967 |
| Биолошки средства | 12 | 79.175 | 76.404 |
| Вложувања во хартии од вредност и удели | 13 | 282.660 | 994.368 |
| Останати финансиски побарувања | | 86 | 115 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *1.328.838* | *1.849.426* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 14 | 417.247 | 341.043 |
| Биолошки средства | 12 | 327.455 | 267.462 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 15 | 260.886 | 277.894 |
| Депозити орочени во банки | 16 | 23.572 | 17.794 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 17 | 62.072 | 219.386 |
| *Вкупно тековни средства* | | *1.091.232* | *1.123.579* |
| АВР | | 10.892 | 253 |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***2.430.962*** | ***2.973.258*** |
| **Б КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Акционерски капитал | 18 | 738.184 | 738.184 |
| Реинвестирана добивка | | 120.710 | 334 |
| Резерви за сопствени акции и други резерви | | (273.634) | (221.104) |
| Законски и други резерви | | 263.598 | 926.575 |
| Акумулирана добивка/загуба | | 1.230.189 | 1.143.717 |
| Малцински удел | | 119.834 | 139.411 |
| *Вкупно капитал и резерви* | | *2.198.881* | *2.727.117* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Долгорочни обврски | 20 | 88.319 | 67.029 |
| Обврски од стоковни резерви | 21 | 8.817 | 9.919 |
| Обврски спрема добавувачи и други обврски | 22 | 104.948 | 160.713 |
| *Вкупно обврски* | | *202.083* | *237.661* |
| ПВР | 23 | 29.997 | 8.480 |
| ***ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ*** | | ***2.430.962*** | ***2.973.258*** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Славица Дреноска

Генерален Директор
М-р Вангел Гагачев

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**за годината што завршува на 31 Декември 2008 и 2007**
(во 000 Денари)

| | 31 Декември 2008 | | 31 Декември 2007 | |
|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | |
| Добивка пред оданочување | 247.375 | | 160.143 | |
| *Корегирано за:* | | | | |
| Амортизација | 70.454 | | 67.142 | |
| Отпис на побарувања од купувачите | 9.756 | | 10.884 | |
| Неотпишана вредност на матер. сред. | 1.639 | | 43 | |
| Неотпишана вредност на основно стадо | 30.076 | | 21.248 | |
| Расходување и кусоци | 2.757 | | 1.180 | |
| Отпишани обврски | (25) | | (1.984) | |
| Приходи од дивиденди | (42.269) | | (42.293) | |
| Приходи од камати | (9.028) | | (26.393) | |
| Расходи од камати | 1.407 | | 541 | |
| Залихи | (76.204) | | (24.972) | |
| Биолошки средства | (60.686) | | (2.382) | |
| Побарувања | 9.537 | | 46.068 | |
| Обврски | (48.250) | | 36.060 | |
| Други усогласувања | 22.096 | | (12.696) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | *158.635* | | *232.589* |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | |
| Вложувања во други друштва | - | | (637) | |
| Продажба на основно стадо | 9.283 | | 10.011 | |
| Продажба на материјални средства | 958 | | 959 | |
| Примени дивиденди | 42.269 | | 44.663 | |
| Набавка на материјални средства | (278.348) | | (185.828) | |
| Набавка на биолошки средства | (9.399) | | (72) | |
| Пласмани во банки | (36.372) | | 15.744 | |
| Продажба на акции | 740 | | 192.900 | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | *(270.869)* | | *77.740* |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | |
| Кредити | 7.450 | | (28.499) | |
| Купување на сопствени акции | (52.530) | | (129.972) | |
| Исплатени дивиденди | - | | (14) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | *(45.080)* | | *(158.485)* |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | | **(157.314)** | | **151.844** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | | **219.386** | | **67.542** |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | | **62.072** | | **219.386** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.***

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ
### за годината што завршува на 31 Декември 2008 и 2007
**(во 000 Денари)**

| **2008** | **Акционерски капитал** | **Реинвестирана добивка** | **Резерва за сопствени акции** | **Резерва за учеството на Жито Полог во ЗК Пелагонија** | **Задолжителна општа резерва** | **Акумулирана добивка/загуба** | **Малцинско учество** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2008** | **738.184** | **334** | **(176.770)** | **(44.334)** | **926.575** | **1.143.717** | **139.411** | **2.727.117** |
| Реинвестирана добивка | | 120.376 | | | | (120.376) | | - |
| Купени сопствени акции | | | (52.530) | | | | | (52.530) |
| Продадени сопствени акции | | | | | | | | |
| Намалување на резерви | | | | | (375) | | | (375) |
| Зголемување на резерви | | | | | 23.988 | (23.988) | | - |
| Корекции на резерви | | | | | (22.222) | | | (22.222) |
| Сведување на акциите по објективна вредност | | | | | (664.368) | | | (664.368) |
| Обврски за дивиденда за ПИОМ | | | | | | (2.614) | | (2.614) |
| Добивката за 2008 година | | | | | | 233.450 | 5.093 | 238.543 |
| Промени на Малцинско учество | | | | | | | (24.670) | (24.670) |
| **Состојба на 31 Декември 2008** | **738.184** | **120.710** | **(229.300)** | **(44.334)** | **263.598** | **1.230.189** | **119.834** | **2.198.881** |
| **2007** | | | | | | | | |
| *Состојба на 1 Јануари 2007* | **738.184** | **-** | **(46.797)** | **(44.334)** | **1.012.008** | **971.137** | **127.843** | **2.758.041** |
| Реинвестирана добивка | - | 334 | - | - | - | (334) | - | - |
| Купени сопствени акции | - | | (129.973) | - | - | - | - | (129.973) |
| Намалување на резерви | - | - | - | - | (248) | (4.495) | - | (4.743) |
| Сведување на акциите по објективна вредност | - | - | - | - | (85.185) | - | - | (85.185) |
| Зголемување на акумулирана добивка | - | - | - | - | - | 30.000 | | 30.000 |
| Обврски за камати претворени во капитал | - | - | - | - | - | 266 | | 266 |
| Добивката за 2007 година | - | - | - | - | - | 147.143 | 51 | 147.194 |
| Промени на Малцинско учество | - | - | - | - | - | | 11.517 | 11.517 |
| **Состојба на 31 Декември 2007** | **738.184** | **334** | **(176.770)** | **(44.334)** | **926.575** | **1.143.717** | **139.411** | **2.727.117** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола (натаму: ЗК Пелагонија) е акционерско друштво запишано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 4167414.

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: ниски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

Седиштето на Друштвото е на улица Борис Кидрич број 3, Битола.

Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2008 година е: 85% - обични акции, од кои 27 % се сопствени акции и 15% - приоритетни акции (2007: 85% обични акции, од кои 22% се сопствени акции и 15% - приоритетни акции).

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Консолидираните Финансиски извештаи за 2008 година ги опфаќаат финанисиските извештаи на друштвото ЗК Пелагонија и на следниве Друштва:

- Друштво за производство на мелнички пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД - Тетово (натаму: Жито Полог), акционерско друштво запишано во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 4037634. Основна дејност на Жито полог е производство на мелнички производи (пченично брашно), производство на пекарски производи (леб и бело печиво) и промет на мало и големо. Седиште на Жито Полог е на улица Маршал Тито број 134 Тетово. ЗК Пелагонија поседува 37.807 обични акции во Жито Полог АД или 67,52% од вкупниот капитал.
- Друштво за трговија на големо Пелагонија Полог ДОО - Скопје (натаму: Пелагонија Полог) е друштво со ограничена одговорност запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6082726. Сопственици на капиталот на Пелагонија Полог се: ЗК Пелагонија со влог во вредност од 156.400 или 51% од вкупниот капитал и Жито Полог со влог во вредност од 150.200 денари или 49% од вкупниот капитал.

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи во Република Македонија.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските кои се однесуваат на работењето на Друштвото и ставките се прикажани врз основа на метод на набавна вредност, а за одделни средства по пазарна вредност.

При изготвување на финансиските извештаи, годишната сметка на Друштвото е рекласифицирана, така што содржината и формата на прикажување се променети според начинот на прикажување според Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Финансиските извештаи се прикажани во илјада денари.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

### 2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, менаџментот е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

### 2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Билансот на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

### 2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Билансот на состојбата се следниве:

| Валута | **31 Декември 2008** | | **31 Декември 2007** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 EUR | 61,4123 | Денари | 61,2016 | Денари |
| 1 USD | 43,5610 | Денари | 41,6564 | Денари |
| 1 CHF | 41,0428 | Денари | 36,8596 | Денари |

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2008.

### 3.1 Материјални средства

#### *3.1.1. Почетно вреднување*

*Материјалните средства* (градежните објекти, постројките и опремата) почетно се вреднуваат по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загуба поради обезвреднување.

#### *3.1.2. Последователни издатоци*

*Издатоците направени за замена на дел* од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех во моментот на настанување.

#### *3.1.3. Амортизација*

*Амортизацијата* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на материјалните средства до нивната преостаната вредност. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежните објекти | 2,5% |
| Постројки и опрема | 5% до 25% |
| Мебел, возила и останато | 20% до 25% |

### 3.2 Биолошки средства

*Биолошките средства* освен живината и повеќегодишните насади се искажани по пазарна вредност намалена за трошоците за реализација. Трошоците за реализација ги вклучуваат сите трошоци потребни за реализација на средствата освен транспортните и другите трошоци потребни за да се донесе средството на пазар.

#### *3.2.1. Основно и обртно стадо*

*Основното и обртното стадо* се искажани по пазарна вредност која се темели на пазарна цена на стадото според значајните особини: старост, репродуктивни и генетски особини.

#### *3.2.2. Живина*

*Живината* почетно се вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување - угинување на живината, а при продажбата по продажна вредност.

#### *3.2.3. Повеќегодишни насади*

*Повеќегодишните насади* се искажани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и вредноста заради обезвреднување.

#### *3.2.4. Амортизација на живината и повеќегодишни насади*

*Амортизација на живината и повеќегодишните насади* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на повеќегодишните насади до нивната преостаната вредност. На повеќегодишните насади не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.
Годишните стапки на амортизација се:

| | |
|---|---|
| Живина | 20% |
| Повеќегодишни насади | 10% |

### 3.3 Вложувања во хартии од вредност

*Вложувањата во хартии од вредност* вклучуваат вложувања во банки, други финансиски институции и трговски друштва, вложувања во сопственички капитал и акции.
Кога вложувањето почетно се признава друштвото ги мери според набавната вредност која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите.
По почетното мерење, односно во последователното мерење вложувањата во хартии од вредност се мерат според нивната објективна вредност.

### 3.4 Залихи

*Залихите* се искажуваат по пониската од набавната или нето реализациона вредност. Нето реализациона вредност е проценета продажна цена намалена за проценетите трошоци на довршување на производството и проценетите трошоци за продажба.

Ожнеаните земјоделски производи се искажуваат по пазарна вредност намалени за проценетите трошоци за реализација на денот на жнеење, утврдена согласно сметководствената политика за биолошките средства (Види сметководствена политика 3.2). Секоја промена на вредноста на датата на жнеењето се признава во Билансот на успех.

Трошењето на залихите се евидентира според методот на просечни цени.

### 3.5 Побарувања од купувачи и останати побарувања

*Побарувањата од купувачите и останатите побарувања* се водат според набавна вредност намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплативи.

Ненаплативите побарувања, како и побарувањата од каматите што произлегуваат од нив, се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.

### 3.6 Парични средства и парични еквиваленти

*Паричните средства и паричните еквиваленти* се состојат од паричните средства во благајни, на жиро сметки, чекови и депозити во банки со рок на достасаност до еден месец.

### 3.7 Акционерски капитал

#### *3.7.1. Приоритетни акции*

*Неоткупливите приоритетни акции* се класифицирани како капитал.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поседува 41.793 приоритетни акции, односно 15% од вкупниот број издадени акции и 106 обични акции на ЗК Пелагонија, а 1.946 приоритетни акции, односно 3,48% од вкупниот број на издадени акции на Жито Полог. Приоритетните акции се конвертибилни. До колку Фондот ги продаде, тие стануваат обични акции.

#### *3.7.2. Откуп на сопствени акции*

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

#### *3.7.3. Дивиденди*

*Дивидендите* се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

### 3.8 Обврски за кредити

*Обврските за кредити* почетно се евидентираат според нето примените средства. До колку кредитот се исплати пред периодот на достасаност, разликата меѓу сметководствената вредност и платениот износ, веднаш се признава во Билансот на успех.

Главните извори на кредити се банки од земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажани во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот под кој се изготвува Билансот на состојбата.

Сите износи кои доспеваат за плаќање во рок од 12 месеци од денот под кој се изготвува Билансот на состојбата се класифицираат како тековни обврски.

### 3.9 Обврски спрема добавувачи и останати обврски

*Обврските спрема добавувачи и останатите обврски* се евидентираат според набавна вредност.

### 3.10 Обврски за даноци

*Даноците* се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка се пресметува по пропишана стапка на добивката корегирана за непризнатите ставки на расходи, даночни олеснувања и ослободувања согласно Законот за данокот на добивка.

### 3.11 Приходи од продажба

*Приходот од продажба* на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех до степен на завршеност на услугите на денот на Билансот.

Приходите од продажба на производи и стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

### 3.12 Субвенции

*Субвенции* од државата кои се однесуваат на биолошките средства се признаваат во Билансот на успех како приход кога постои разумна основа дека истите ќе бидат применi.

### 3.13 Приходи и расходи од закупнина

*Приходите и расходите од оперативен закуп* се признаваат во Билансот на успех само за соодветниот пресметковен период.

### 3.14 Приходи и расходи од финансирање

*Приходите и расходите од финансирање* ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога се пресметуваат.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во земјата | 1.153.408 | 950.040 |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во странство | 29.116 | 14.282 |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи | 98.483 | 78.335 |
| *Вкупно реализација* | *1.281.007* | *1.042.657* |

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги во земјата во износ од 1.153.408 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 765.095 илјади денари, Жито Полог во износ од 349.451 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 38.863 илјади денари.

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги во странство во износ од 29.116 илјади денари се остварени од ЗК Пелагонија.

Приходите по основ на употреба на сопствени производи во износ од 98.483 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 94.491 илјади денари, Жито Полог во износ од 3.992 илјади денари.

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите приходи од дејноста се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Приходи врз основа на субвенции од државата | 56.836 | 15.368 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 9.015 | - |
| Капитална добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства | 1.602 | 149.031 |
| Приходи од продажба на основно стадо | 9.977 | 10.358 |
| Приходи од наемнини | 2.548 | 2.236 |
| Останати приходи | 6.106 | 10.722 |
| *Вкупно останати приходи од дејноста* | *86.084* | *187.715* |

Приходите врз основа на субвенции од државата во износ од 56.836 илјади денари се остварени од ЗК Пелагонија за произведена и предадена пченица, јачмен, маслодајна репа, млеко, јагниња, цертифициран семенски материјал и нафта.

Приходите од наплатени отпишани побарувања во износ од 9.015 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 8.638 илјади денари и на Жито Полог во износ од 377 илјади денари.

Капиталната добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства во вкупен износ од 1.602 илјади денари се остварени капитални добивки од продажба на акции од Стопанска банка АД - Битола во износ од 740 илјади денари и од продажба на основни средства во износ од 613 илјади денари остварени од ЗК Пелагонија и

капитални добивки од продажба на основни средства во износ од 249 илјади денари остварени од Жито Полог.

Приходите од наемнини во износ од 2.548 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 332 илјади денари и на Жито Полог во износ од 2.216 илјади денари.

Останати приходи од дејноста во износ од 6.106 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 2.228 илјади денари, на Жито Полог во износ од 3.872 илјади денари и на Пелагонија Полог во износ од 6 илјади денари. Останатите приходи во најголем обем се приходи врз основа на наплатени штети, приходи од поранешни години, приходи по основ на повеќе платени даноци, вишоци и други приходи.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за суровини и материјали се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 252.548 | 194.407 |
| Потрошени резервни делови и ситен инвентар | 66.310 | 55.274 |
| Потрошена електрична енергија, мазут и гориво | 176.740 | 133.410 |
| Други трошоци за суровини и други материјали | 10.279 | 13.727 |
| *Вкупно трошоци за суровини и материјали* | *505.877* | *396.818* |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за вработените се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Плати и надомести на плати | 166.288 | 147.896 |
| Придонеси и даноци од плати | 102.964 | 95.454 |
| Други надоместоци на вработените | 51.036 | 59.549 |
| *Вкупно трошоци за вработените* | *320.288* | *302.899* |

Платите и надоместите во износ од 166.288 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 122.016 илјади денари, Жито Полог во износ од 43.472 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 800 илјади денари.

Придонесите и даноците од плати во износ од 102.964 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 76.048 илјади денари, Жито Полог во износ од 26.437 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 479 илјади денари.

Други надоместоци на вработените во износ од 51.036 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 41.860 илјади денари, Жито Полог во износ од 8.889 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 287 илјади денари. Останатите трошоци на вработените претставуваат трошоци за отпремнина, регрес за годишен одмор и останати надомести на трошоците на вработените.

## 8. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите расходи од дејноста се состојат од следното (во 000 денари):

| | **31 Декември 2008** | **31 Декември 2007** |
|---|---|---|
| Закупнина за земјиште и други материјални средства | 48.966 | 41.192 |
| Услуги за одржување и заштита | 7.599 | 7.918 |
| Трошоци за вода и комунални услуги | 5.987 | 3.971 |
| Ветеринарни и други сточарски услуги | 18.792 | 20.289 |
| Регистрација на возила | 1.249 | 1.241 |
| Трошоци за наводнување | 10.602 | 13.115 |
| Трошоци за берба на земјоделски производи | 3.333 | 7.341 |
| Трошоци за договор за дело | 6.460 | 5.346 |
| Транспортни услуги | 20.999 | 15.641 |
| Отпис на побарувања | 9.756 | 12.095 |
| Неотпишана вредност на продадено основно стадо и материјални средства | 31.715 | 36.287 |
| Дневници и други трошоци за службени патувања | 1.199 | 1.593 |
| Патарини | 501 | 634 |
| Премии за осигурување | 3.322 | 3.382 |
| Трошоци за репрезентација | 1.655 | 4.688 |
| Трошоци за банкарски провизии и платен промет | 3.534 | 3.342 |
| Останати расходи | 28.480 | 28.304 |
| *Вкупно останати расходи од дејноста* | 204.149 | *206.379* |

Останатите расходи во вкупен износ од 28.480 илјади денари се состојат од трошоци за реклама во износ од 1.268 илјади денари, донации и спонзорства во износ од 2.270 илјади денари, вредносно усогласување на залихи во износ од 597 илјади денари, такси, даноци и други придонеси во износ од 3.768 илјади денари, кусоци во износ од 2.768 илјади денари, надомест на штети во износ од 1.746 илјади денари, расходи од минати години во износ од 841 илјади денари, капитална загуба во износ од 1.233 илјади денари, непроизводни услуги во износ од 1.527 илјади денари, трошоци за обезбедување во износ од 3.763 илјади денари, надоместоци на членови на управен и надзорен одбор во износ од 1.556 илјади денари, трошоци за стручно усовршување и семинари во износ од 610 илјади денари, провизии во износ од 2.412 илјади денари, нотарски, адвокатски, ревизорски и други интелектуални услуги во износ од 1.625 илјади денари, здравствени услуги во износ од 378 илјади денари, трошоци за воведување на Хасап во износ од 248 илјади денари, судски и други трошоци.

## 9. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите од финансирање се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2008** | **31 Декември 2007** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 9.036 | 26.574 |
| Позитивни курсни разлики | 617 | 44 |
| Приходи од дивиденди | 42.269 | 42.295 |
| Други приходи од финансирање | - | 2.370 |
| Расходи од камати | (1.500) | (1.886) |
| Негативни курсни разлики | (1.234) | (457) |
| *Вкупно нето приходи од финансирање* | *49.188* | *68.940* |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка во 2008 година е пресметан по стапка од 10%, додека за 2007 година применета е стапка 12% на усогласена даночна основица во согласност со законските прописи во Република Македонија.

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| **2008** | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки, опрема и други средства** | **Инвестиции во тек** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2008* | 53.430 | 992.055 | 1.844.737 | 24.546 | 2.914.768 |
| Исправка на вредноста на почетното салдо | - | | (1105) | - | (1.105) |
| Почетно салдо по исправка | 53.430 | 992.055 | 1.843.632 | 24.546 | 2.913.663 |
| Зголемувања | 17.223 | 60.407 | 200.008 | 287.577 | *565.215* |
| Пренос на инвестиции во тек | - | 2.506 | 8.481 | (10.987) | - |
| Намалувања | - | (3.704) | (41.551) | (281.624) | *(326.879)* |
| *Салдо на 31 Декември 2008* | *70.653* | *1.051.264* | *2.010.570* | *19.512* | *3.151.999* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2008* | - | *558.077* | *1.603.117* | - | *2.161.194* |
| Исправка на вредноста на почетното салдо | - | - | (1105) | - | *(1.105)* |
| Почетно салдо по исправка | - | 558.077 | 1.602.012 | - | *2.160.089* |
| Амортизација за 2008 | - | 21.920 | 46.728 | - | *68.648* |
| Намалувања | - | (2.188) | (41.079) | - | *(43.267)* |
| *Салдо на 31 Декември 2008* | - | *577.809* | *1.607.661* | - | *2.185.470* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2008*** | ***70.653*** | ***473.455*** | ***402.909*** | ***19.512*** | ***966.529*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2008*** | ***53.430*** | ***433.983*** | ***241.652*** | ***24.546*** | ***753.573*** |

| 2007 | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и други средства | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2007 | 50.340 | 972.059 | 1.843.082 | 25.326 | 2.890.807 |
| Нови набавки во годината | 3.090 | 20.307 | 18.661 | 41.466 | 83.524 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | 2.095 | (2.095) | - |
| Намалување | - | (316) | (19.097) | (40.151) | (59.564) |
| Рекласификација | - | 5 | (5) | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2007 | 53.430 | 992.055 | 1.844.736 | 24.546 | 2.914.767 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2007 | - | 535.760 | 1.577.766 | - | 2.113.526 |
| Амортизација за 2007 | - | 22.517 | 43.194 | - | 65.711 |
| Намалување | - | (205) | (17.837) | - | (18.042) |
| Рекласификација | - | 5 | (5) | - | |
| Салдо на 31 Декември 2007 | - | 558.077 | 1.603.118 | - | 2.161.195 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2007*** | *53.430* | *433.978* | *241.618* | *24.546* | *753.572* |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2007*** | *50.340* | *436.299* | *265.316* | *25.326* | *777.281* |

Зголемувањето на земјиштето во вкупен износ од 17.223 илјади денари во најголем дел е резултат на купување на 47 ха земјоделско земјиште од физички лица од страна на ЗК Пелагонија.

Во текот на 2008 година откупено е земјиште за кое ЗК Пелагонија претходно се јавува како корисник, а кое со решение за денационализација истото било вратено на поранешни сопственици физички лица. Купеното земјиште претставува во најголем дел идеални делови на земјоделски парцели над кои не е извршена физичка делба. ЗК Пелагонија е корисник на 18.457 ха земјоделско земјиште од кои 17.824 ха е во сопственост на Република Македонија, дел од 548 ха се води како имот на физички лица а се користи од ЗК Пелагонија, а дел од 85 ха е во негова сопственост.

За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договор од 08.12.2005 година. Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

- во ридско - планинските подрачја во површина од 5.534 ха по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противвредност и
- за останатите подрачја во површина од 12.290 ха по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противвредност

Жито Полог на 31.12.2008 година има искажано земјиште во износ од 44.131 илјади денари. Земјиштето согласно со поранешните прописи е дадено на трајно користење од страна на Република Македонија. Жито Полог има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.

Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 62.913 илјади денари се од следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 60.407 илјади денари и Жито Полог во износ од 2.506 илјади денари.

Најголем дел од недвижностите - градежните објекти, кои ги поседува ЗК Пелагонија се во општини каде сеуште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, објектите се евидентирани во поседовни листови во кои не е разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објекти од сопственоста на објектите. Постапката за запишување на сопственоста врз останатите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар. Во Жито Полог порастот на градежните објекти во најголем дел е резултат на изработка на кровна хидроизолација, набавка и изработка на излози, извршени повеќе градежно - занаетчиски работи и друго.

Зголемувањето на постројките, опремата и други средства во износ од 200.008 илјади денари се набавки во: ЗК Пелагонија во износ од 199.435 илјади денари и Пелагонија Полог во износ од 573 илјади денари.

Инвестициите во тек се неактивирани материјални средства. Нивното зголемување во износ од 287.577 илјади денари во најголем дел се однесува на извршени градежни работи и вложување во опрема, а намалувањето во износ од 281.624 илјади денари е активирање на материјалните средства.

## 12. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

Биолошките средства се состојат од следново (во 000 денари):

| 2008 | Недовршени земјоделски производи | Основно стадо | Живина | Обртно стадо | Повеќе-годишни насади | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2008 | 236.253 | 66.578 | 4.347 | 31.209 | 5.480 | 343.867 |
| Зголемување како резултат на набавки | - | 3.217 | 5.239 | - | - | 8.456 |
| Намалување како резултат на угинување | - | | (1.262) | - | - | (1.262) |
| Намалување како резултат на продажби и угинување | - | (9.283) | (2.426) | (322.545) | (27) | (334.281) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (867.170) | - | - | - | - | (867.170) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 931.206 | 9.117 | | 318.502 | - | 1.258.825 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | (858) | - | (947) | (1.805) |
| ***Состојба на 31 Декември 2008*** | ***300.289*** | ***69.629*** | ***5.040*** | ***27.166*** | ***4.506*** | ***406.630*** |
| *Нетековни средства* | - | *69.629* | *5.040* | - | *4.506* | *79.175* |
| *Тековни средства* | *300.289* | - | - | *27.166* | - | *327.455* |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***300.289*** | ***69.629*** | ***5.040*** | ***27.166*** | ***4.506*** | ***406.630*** |

| **2007** | **Недовршени земјоделски производи** | **Основно стадо** | **Живина** | **Обртно стадо** | **Повеќегодишни насади** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2007 | 234.323 | 78.867 | 7.620 | 35.521 | 6.507 | 362.838 |
| Зголемување како резултат на набавки | | 76 | 4.892 | | | 4.968 |
| Намалување како резултат на продажби | | (9.989) | (4.712) | (241.484) | (627) | (256.812) |
| Намалување како резултат на угинување | | | (2.422) | | | (2.422) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залиха | (622.578) | | | | | (622.578) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 624.508 | (2.376) | | 237.172 | | 859.304 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | | | (1.032) | | (400) | (1.432) |
| ***Состојба на 31 Декември 2007*** | **236.253** | **66.578** | **4.346** | **31.209** | **5.480** | **343.866** |
| *Нетековни средства* | | *66.578* | *4.346* | | *5.480* | 76.404 |
| *Тековни средства* | *236.253* | | | *31.209* | | 267.462 |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***236.253*** | ***66.578*** | ***4.346*** | ***31.209*** | ***5.480*** | **343.866** |

Основното стадо прикажано на 31 Декември 2008 година се состои од 2.747 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 286 нерези, маторици и назимки и 3.948 овни, овци, ѕвиски, шилежиња, приплодни јагниња, кози, прчови и друго. Во текот на годината завршена на 31 Декември 2008 година, ЗК Пелагонија има продадено 172 молзни крави, високо стелни јуници и телиња, 326 нерези, маторици и назимки, 114 овни, овци, ѕвиски, шилежиња и приплодни јагниња и друго.

Обртното стадо прикажано на 31 Декември 2008 година се состои од 610 телиња, 1.861 товеници и прасиња, 36 дојни јагниња и јарења и 60.587 килограми риба и друго.

Во текот на годината завршена на 31 Декември 2008 година, Друштвото има продадено 445 телиња, 6.474 товеници и прасиња и 1.029 дојни јагниња и друго.

На 31 Декември 2008 година Друштвото има засеано 11.213 хектари есенски, 5.389 пролетни полјоделски култури и друго. Во текот на годината Друштвото има ожнеано есенски и пролетни поледелски култури со пазарна вредност од 867.170 илјади денари.

## 13. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вложувањата во хартии од вредност се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2008** | **31 Декември 2007** |
|---|---|---|
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во ЗК Пелагонија | 238.145 | 873.901 |
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во Жито Полог | 44.515 | 120.467 |
| *Вкупно вложувања во хартии од вредност* | *282.660* | *994.368* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 238.145 илјади денари се вложувања на ЗК Пелагонија во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза на хартии од вреднот во следните друштва (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 2.760 | 228.476 |
| Силекс Банка АД Скопје (обични) | 265 | 1.000 | 265 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 1.911 | 8.112 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 560 | 1.040 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 24 | 252 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *238.145* |

| | 31 Декември 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.931 | 10.000 | 829.310 |
| Силекс Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 4.791 | 1.270 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 9.800 | 41.601 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 700 | 1.299 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 40 | 421 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *873.901* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 44.515 илјади денари се вложувања на Жито Полог во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза за хартии од вредност во следните банки

| | 31 Декември 2008 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 1.100 | 44.284 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 2.750 | 231 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *44.515* |

| | 31 Декември 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 2.978 | 119.888 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 6.900 | 579 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *120.467* |

## 14. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Материјали | 128.506 | 148.415 |
| Резервни делови | 72.820 | 63.934 |
| Ситен инвентар | 25.110 | 21.345 |
| Земјоделски производи | 174.219 | 97.750 |
| Готови производи од пекарска и мелничка индустрија | 14.356 | 2.224 |
| Трговски стоки | 2.236 | 7.375 |
| *Вкупно залихи* | *417.247* | *341.043* |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 221.513 | 247.306 |
| Побарување за данок на додадена вредност | 7.500 | 3.219 |
| Побарувања за краткорочни заеми | 5.056 | 49.801 |
| Побарувања од државата | 13.776 | 5.793 |
| Побарувања од работници | 3.007 | 1.313 |
| Други побарувања | 27.164 | 2.959 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (17.130) | (32.497) |
| *Вкупно побарувања од купувачи* | *260.886* | *277.894* |

## 16. ДЕПОЗИТИ ОРОЧЕНИ ВО БАНКИ

Депозитите орочени во банки се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Депозити орочени во Тетекс Кредитна банка | 23.572 | 17.794 |
| *Вкупно депозити во банки* | *23.572* | *17.794* |

## 17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и парични еквиваленти се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Благајна | 639 | 245 |
| Чекови | 2 | 3 |
| Денарска сметка | 9.833 | 17.554 |
| Депозити во банки со рок до 1 месец | 51.598 | 201.584 |
| *Вкупно парични средства* | *62.072* | *219.386* |

Депозитите во банки во износ од 51.598 илјади денари се орочени на период од еден месец со каматна стапка од 6% на годишно ниво.

## 18. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИТЕ

### 18.1 Состојба на акциите кај ЗК Пелагонија

Фактичката состојба на бројот на акциите кај ЗК Пелагонија по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | | 01.01.08 | % | зголем. | намал. | 31.12.08 | % |
| *Обични акции* | Физички лица | 82.369 | 29,56 | 3.176 | - | 85.545 | 30,70 |
| | Правни лица | 93.705 | 33,63 | - | 18.152 | 75.553 | 27,12 |
| | Откупени сопствени акции | 60.753 | 21,81 | 14.976 | - | 75.729 | 27,18 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | - | - | 41.793 | 15,00 |
| | *Вкупно* | *278.620* | *100%* | *18.152* | *18.152* | *278.620* | *100%* |

| Родови на акции | Во сопственост на | Состојба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | | 01.01.07 | % | зголем. | намал. | 31.12.07 | % |
| *Обични акции* | Физички лица | 86.896 | 31,19 | | 4.527 | 82.369 | 29,56 |
| | Правни лица | 123.267 | 44,24 | | 29.562 | 93.705 | 33,59 |
| | Откупени сопствени акции | 26.664 | 9,57 | 34.089 | | 60.753 | 21,81 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | | | 41.793 | 15,00 |
| | *Вкупно* | *278.620* | *100%* | *34.089* | *34.089* | *278.620* | *100%* |

Сите акции се со номинална вредност од 51,13 евра.

Имателите на обични акции имаат право на дел од остварената добивка (дивиденда) и добиваат право на еден глас на Собранието на акционери за еквивалент од 1 акција. Имателите на неоткупливите приоритетни акции имаат право на 2% фиксна годишна

дивиденда на износот на кој гласат акциите и имаат право на првенство во наплатата на дивидендата и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса. Неоткупливите приоритетни акции немаат право на глас.

Во однос на сопствените акции поседувани од Друштвото (види подолу) сите права се суспендирани до моментот на нивната повторна продажба.

Зависното Друштво Жито Полог поседува 32.353 обични акци, или 13,66% учество од обичните акции на ЗК Пелагонија, односно 11,61 од вкупните акции. Согласно член 498 од Законот за трговските друштва овие акции не даваат право на глас и постои обврска да се изврши отуѓување на акциите, најдоцна во рок од пет години од денот кога Жито Полог станало зависно друштво.

Покрај тоа, имателите на неоткупливи приоритетни акции имаат право и на сразмерно учество во остатокот на добивката, ако на имателите на обичните акции им се исплатува дивиденда над 2%.

На 31 Декември 2008 година вкупниот број на неоткупливи приоритетни акции изнесува 41.793 во посед на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои согласно законот во моментот на нивна продажба се конвертираат во обични акции.

### 18.2 Резерва за сопствени акци кај ЗК Пелагонија

Резервата за сопствени акции на Друштвото ја сочинува набавната вредност на акциите во сопственост на Друштвото. На 31 Декември 2008 година Друштвото има во посед 75.729 сопствени акции.

### 18.3 Состојба на акциите кај Жито Полог

Фактичката состојба на бројот на акциите кај Жито Полог по родови на акции и сопственици врз основа на известувањето на Централниот Депозитар за хартии од вредност е следнава:

| **Родови на акции** | **Во сопственост на 2008** | **01.01.08** | **%** | **Состојба зголемување** | **намалување** | **31.12.08** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 14.977 | 26,74% | - | - | 14.977 | 26,74% |
| | Правни лица | 37.807 | 67,52% | - | - | 37.807 | 67,52% |
| *Приоритетни акции* | Откупени сопствени акции | 1.267 | 2,26% | - | - | 1.267 | 2,26% |
| | ФПИО | 1.946 | 3,48% | - | - | 1.946 | 3,48 |
| | ***Вкупно*** | ***55.997*** | ***100%*** | - | - | ***55.997*** | ***100%*** |

| **Родови на акции** | **Во сопственост на 2007** | **01.01.07** | **%** | **Состојба зголемување** | **намалување** | **31.12.07** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 14.977 | 26,74% | - | - | 14.977 | 26,74% |
| | Правни лица | 37.807 | 67,52% | - | - | 37.807 | 67,52% |
| *Приоритетни акции* | Откупени сопствени акции | 1.267 | 2,26% | - | - | 1.267 | 2,26% |
| | ФПИО | 1.946 | 3,48% | - | - | 1.946 | 3,48% |
| | ***Вкупно*** | ***55.997*** | ***100%*** | - | - | ***55.997*** | ***100%*** |

Номиналната вредност на една акција изнесува 51,13 EUR.

Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога истата ќе биде објавена и право на еден глас во Собранието на акционери.

Имателите на приоритетни акции немаат право на управување.

Приоритетните акции носат право на фиксна годишна дивиденда од 2% согласно износот на кој гласат акциите, како и право на сразмерно учество во остатокот на добивката ако и на другите иматели на акции им се исплатува дивиденда над 2%. Овие акции носат право на првенствена наплата на дивиденда и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса.

### 18.4 Задолжителна општа резерва

Задолжителна општа резерва се формира согласно одредбите на Законот за трговските друштва, односно Статутот на Друштвата преку пресметување и издвојување од добивката на процент кој не може да биде помал од 15%, се додека резервите на Друштвата не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Додека не се постигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи само за надоместување на загубата.

Кога ќе се достигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи и за исплата на дивиденди, врз основа на одлука на надлежниот орган на Друштвото, но само ако висината на дивидендите за деловната година не го достигне минимумот за исплата, пропишан со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото.

## 19. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

**Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во 000 денари):**

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Добивка за годината | 238.543 | 147.194 |
| Дивиденда на приоритетни акции | 2.725 | 2.716 |

**Просечен број на обични акции**
(во број на акции):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| *Издадени обични акции на 1 Јануари* | 191.051 | 225.140 |
| Ефект од откупени сопствени акции | (6.805) | (11.363) |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември* | 184.246 | 213.777 |
| **Заработка по акција (добивка - дивиденда на приоритетни акции)/ просечен број на обични акции)** | *1.279,91* | *675,84* |

## 20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | 19.268 | 1.391 |
| Обврски на Жито Полог за финансиски лизинг - Хипо Алпе Адриа Лизинг | 2.723 | - |
| Долгорочни кредити на Пелагонија Полог | 690 | - |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *88.319* | *67.029* |

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија во износ од 65.638 илјади денари се кредити добиени од повеќе банки и тоа од: Стопанска банка АД - Битола во износ од 60.904 илјади денари, Комерцијална банка АД - Скопје во износ од 2.400 илјади денари, Тетекс Кредитна банка АД - Скопје во износ од 2.000 илјади денари и БНТ Банка во износ од 334 илјади денари. Наведените долгорочни кредити се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија. Кредитите конвертирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на Жито Полог во вкупен износ од 19.268 илјади денари се кредити добиени од: Комерцијална банка во износ од 18.380 илјади денари и од ТТК банка во износ од 888 илјади денари.

- Долгорочниот кредит од Комерцијална банка во вкупен износ од 18.380 илјади денари, се состои од два подкредита врз основа на Договорот за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит, склучен на ден 20.06.2008 година под број 02 - 1640 - 565 -12 на износ од 500.000 ЕВРА и Одлуката за одобрување на денарски подкредити од средствата на Земјоделски кредитен дисконтен фонд - Министерство за финансии на Р. Македонија и Комерцијална банка А.Д. Скопје.Рок на отплата на подкредитите е 5 (пет) години, со вклучен грејс период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на префрлање на средствата на Банката и ставње на користење на крајниот корисник на подкредитот. Каматната стапка за подкредитот од 04.07.2008 година во износ од 200.000 ЕВРА е 5% годишно декурзивно, а за подкредитот од 28.10.2008 во износ од 100.000 ЕВРА е 4% годишно декурзивно. За обезбедување на кредитот Друштвото заложи подвижен имот: деловна опрема во млинот Љуботен.

- Долгорочниот кредит од ТТК банка во износ од 888 илјади денари е врз основа на претварање на краткорочни во долгорочни кредити согласно важечките прописи во Република Македонија.

Обврските на Жито Полог за финансиски лизинг спрема Хипо Алпе Адриа Лизинг во износ од 2.723 илјади денари се врз основа на договори за финансиски лизинг за набавка на четири возила со рок на отплата од пет години и со индикатор 3 тримесечен ЕУРИБОР.

Долгорочните кредити на Пелагонија Полог се резултат на добиени два наменски кредити во вкупен износ 690 илјади денари од Про Кредит Банка А.Д. - Скопје и тоа:

- Договор за кредит број А - 68663 од 13.02.2007 во износ од 9.970 Евра во денарска противвредност. Кредитот е одобрен наменски за набавка на основно средство - возило, без грејс период, на 48 рати со месечна каматна стапка од 0,85 %.

Договор за кредит број 10103915 од 30.07.2008 во износ од 5.760 Евра во денарска противвредност. Кредитот е одобрен наменски за набавка на основно средство - возило, без грејс период, на 48 рати со месечна каматна стапка од 0,9%.

## 21. ОБВРСКИ ОД СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Врз основа на склучени договори меѓу Друштвото и Министерство за финансии - Биро за стокови резерви, Друштвото има преземено обврска за чување, обновување и користење стоки од стоковните резерви - говеда во вкупна тежина од 495.955 кг (2008: 220.423 кг).

Врз основа на Одлука на Владата на РМ број 19-2632/1 од 8 Јуни 2006 година Друштвото има склучено Договор за продажба на жива стока - говеда од стоковните резерви со Министерство за финансии - Биро за стокови резерви во вкупна вредност од 24.797 илјада денари. Согласно одредбите на Договорот, Друштвото е обврзано да ја исплати вкупната вредност на живата стока за период од 3 години на 36 еднакви месечни рати.

На име надоместок за чување и обновување на добитокот Бирото му го отстапува целиот приход и средства остварени врз основа на користење на добитокот.

## 22. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврски спрема добавувачите и други обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2008 | 31 Декември 2007 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 79.074 | 98.905 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 12.145 | 10.195 |
| Обврски за примени аванси | 160 | 1.191 |
| Обврски кон вработени за плати и други лични примања | 6.269 | 25.534 |
| Обврски за дивиденди | 220 | 256 |
| Обврски за данок на добивка | 5.592 | 12.930 |
| Останати обврски | 1.488 | 11.702 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи и други обврски* | *104.948* | *160.713* |

## 23. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања во вкупен износ од 29.997 илјади денари во најголем дел се резултат на поднесени барања до Министерството за земјоделие на РМ за уништено заболено основно и обртно стадо од бруцелоза од страна на ЗК пелагонија во износ од 13.659 илјада денари, пресметани обврски на Жито Полог за примена пченица во износ од 4.320 илјади денари, пресметани обврски за отпремнини за технолошки вишок на Жито Полог во износ од 9.913 илјади денари, пресметана провизија и одложени приходи кај Жито Полог во износ од од 1.415 илјади денари и друго.

## 24. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

ЗК Пелагонија се јавува како тужена страна во судски постапки со правни и физички лица во вкупен износ од 13.222 илјади денари од кои најголемо е учеството на споровите со Водостопанство Пелагонија во износ од 6.000 илјади денари, ИЗ Млади Пелагонци во износ од 1.200 илјади денари, Фабрика за шекер - Битола во износ од 1.010 илјади денари, Мак Минерал во износ од 1.000 илјади денари, Карномак во износ од 500 илјади денари, Ветеринарен Институт во износ од 464 илјади денари, физичките лица Гоце Здравевски во износ од 1.200 илјади денари, Васко Грибовски во износ од 500 илјади денари и други. Менаџментот на ЗК Пелагонија нема направено проценка на идните можни потенцијални загуби во врска со ваквите судски спорови со оглед на должината и неизвесноста на овие судски спорови. ЗК Пелагонија води судски постапки во кои се јавува како тужител во вкупен износ од 659 илјади денари.

Жито Полог се јавува како тужител во судски постапки од своето редовно работење во вкупен износ од 6.588 илјади денари. Споровите се претежно за наплата на своите побарувања и за надомест на штета. Од вкупниот број на тужени предмети, предметите во износ од 6.259 илјади денари се решени во корист на тужителот и за нив се спроведува постапка за извршување. Според мислењето на менаџментот на Жито Полог крајниот исход од останатите судски спорови ќе биде во корист на Друштвото.

Пелагонија Полог не е вклучено во судски постапки од своето редовно работење и не се јавува ниту како тужител, ниту како тужена страна.

## 25. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 25.1 Валутен и кредитен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка и продажба на добра. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.
До денот на составување на Билансот на состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

## 26. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

До денот на составување на Билансот на состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија
ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола (Натаму: Друштвото) кои се состојат од Консолидиран биланс на состојбата на ден 31 декември 2008 година, придружните Консолидиран биланс на успех, Консолидиран Извештај за промените на капиталот и Консолидиран Извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајни сметководствени политики и останати Белешки кон консолидираните финансиски извештаи.

### *Одговорност на менаџментот за за консолидираните финансиски извештаи*

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e-mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

***Мислење***

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2008, резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија.

***Обрнување внимание***

Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешката 11 кон Финансиските извештаи:

1) Бидејќи во најголемиот дел катастарски општини каде ЗК "Пелагонија" АД Битола поседува градежни објекти се уште е во сила земјишен катастар и не е воспоставен катастар на недвижности, сопственоста на објектите не е запишана во имотни листови во кои е разграничена сопственоста на земјоделското земјиште врз кое се изградени објектите од сопственоста на објектите. За определени капитални објекти врз кои е вршена реконструкција и кај кои можеше да се запише сопственост, тоа е сторено и тие се запишани како сопственост на Друштвото. Постапката за запишување на сопственоста врз другите објекти изградени на земјоделско земјиште ќе се спроведува паралелно со воведувањето на катастар на недвижности наместо постоечкиот земјишен катастар.
2) Жито Полог има искажано земјиште кое му е дадено на трајно користење од државата. Согласно законските прописи Друштвото има покрената постапка за дефинирање на сопственоста.

Скопје, Јуни 2009 година

| Овластен ревизор | Директор |
|---|---|
| Софија Јанчева-Белчева | Јасмина Рафајловска |

## 18.3 Периодични и други финансиски информации

### Биланс на успех

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | претходно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 458.136 | 259.437 | 366.272 | 230.315 | 80 | 89 |
| 2 | Приходи од продажба | 212.261 | 115.437 | 192.508 | 110.125 | 91 | 95 |
| 2а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 208.823 | 111.998 | 185.987 | 116.125 | 89 | 98 |
| 2б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 3.438 | 3.439 | 6.521 | | 190 | 0 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 202.609 | 105.497 | 155.483 | 105.225 | 77 | 98 |
| 4 | Останати оперативни приходи | 43.266 | 38.503 | 18.281 | 16.967 | 42 | 44 |
| 5 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 485.247 | 276.639 | 450.698 | 269.495 | 93 | 97 |
| 6 | Набавна вредност на продадени стоки | 431 | 210 | 577 | 136 | 134 | 65 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | 324.969 | 185.548 | 282.416 | 180.871 | 87 | 97 |
| 7а | *Потрошени материјали и ситен инвентар* | 213.736 | 122.273 | 190.936 | 127.260 | 89 | 104 |
| 7б | *Услуги* | 111.233 | 63.275 | 91.480 | 53.581 | 82 | 85 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | | | | | 0 | 0 |
| 9 | Трошоци за вработените | 117.297 | 67.072 | 120.027 | 62.475 | 102 | 93 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | 26.048 | 13.200 | 33.521 | 16.730 | 129 | 127 |
| 10а | *Амортизација* | 25.762 | 12.968 | 33.521 | 16.730 | 130 | 129 |
| 10б | *Нето загуби поради оштетување на средства* | 286 | 232 | | | 0 | 0 |
| 10в | *Резервирања за трошоци и ризици* | | | | | 0 | 0 |
| 11 | Останати оперативни расходи | 16.502 | 10.608 | 14.157 | 9.045 | 86 | 88 |
| 12 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | -27.111 | -17.202 | -84.426 | -39.180 | 311 | 227 |
| 13 | Финансиски приходи | 42.269 | 42.268 | 4.656 | 4.686 | 11 | 11 |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 3.951 | 1.807 | 759 | 191 | 19 | 5 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | 21.994 | 18.569 | 15.828 | 6.451 | 72 | 35 |
| 16 | Финансиски расходи | 49 | 49 | 2.709 | 2.706 | 5.529 | 5.527 |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 49 | 49 | 2.709 | 2.706 | 5.529 | 5.527 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | | | | | 0 | 0 |
| 19 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | 41.054 | 45.483 | -65.914 | -30.680 | -161 | -67 |
| 20 | Данок од добивка | | | | | 0 | 0 |
| 21 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | 41.054 | 45.483 | -65.914 | -30.680 | -161 | -67 |
| 22 | **Малцински интерес** | | | | | 0 | 0 |
| 23 | **Нето добивка/загуба за финансиската година** | 41.054 | 45.483 | -65.914 | -30.680 | -161 | -67 |

.

## Биланс на состојба

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| *СРЕДСТВА* | | | |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **1,370,983** | **1,182,659** | **86** |
| Нематеријални средства | | | 0 |
| Недвижности, постројки и опрема | 860,764 | 837,899 | 97 |
| Вложувања во подружници | | | 0 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 500,464 | 332,021 | 66 |
| Вложувања во хартии од вредност | 9,669 | 12,653 | 131 |
| Останати материјални средства | | | 0 |
| Останати долгорочни побарувања | 86 | 86 | 100 |
| Одложено даночно средство | | | 0 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **976,681** | **1,024,231** | **105** |
| Залихи | 638,499 | 825,634 | 129 |
| Побарувања од купувачите | 230,176 | 145,565 | 63 |
| Останати побарувања | 50,291 | 39,195 | 78 |
| Краткорочни вложувања | 1,029 | 1,040 | 101 |
| Пари и парични еквиваленти | 56,686 | 12,797 | 23 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **2,347,664** | **2,206,890** | **94** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | *23,478* | *19,815* | **84** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***КАПИТАЛ*** | **2,172,176** | **1,889,367** | **87** |
| Акционерски капитал | 738,184 | 738,184 | 100 |
| Резерви | 250,495 | 119,284 | 48 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 1,183,497 | 1,031,899 | 87 |
| Малцински удел | | | 0 |
| ***ОБВРСКИ*** | **175,488** | **317,523** | **181** |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **109,850** | **251,885** | **229** |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 95,641 | 202,252 | 211 |
| Обврски за краткорочни кредити | 9,677 | 48,546 | 502 |
| Краткорочни резервирања | | | 0 |
| Обврски кон државата | 4,532 | 1,087 | 24 |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **65,638** | **65,638** | **100** |
| Обврски за долгорочни кредити | 65,638 | 65,638 | 100 |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | | | 0 |
| Останати долгорочни резервирања | | | 0 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **2,347,664** | **2,206,890** | **94** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | *23,478* | *19,815* | **84** |

## Извештај за паричниот тек

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| ***А) Парични текови од оперативни активности*** | ***126.980*** | ***-80.499*** | ***-63*** |
| **Нето добивка/загуба после оданочување** | 222.702 | -65.914 | -30 |
| *Прилагодување за:* | | | |
| Амортизација | 56.938 | 33,521 | 59 |
| Оштетување на средства и резервирања | 298 | 0 | 0 |
| Зголемување/намалување на залихи | -122.375 | -187.135 | 153 |
| Зголемување/намалување на купувачите | -76 | 84.611 | -111.330 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | 1.826 | -2.102 | -115 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | -899 | 13.196 | -1.468 |
| Зголемување/намалување на АВР | 7.985 | 2 | 0 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | -29.724 | 15,750 | -53 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | 134 | -43 | -32 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | -2.504 | 67.273 | -2.687 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 8.322 | 20.186 | 243 |
| Расходи/приходи од камати | -8.303 | 2.139 | -26 |
| Исплатени/наплатени дивиденди | -42.269 | -4,656 | 11 |
| Расходи за платен данок | 7.667 | -4,730 | -62 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на основни средства | 29.260 | 13,811 | 47 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на вложувања | -740 | 0 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од оперативни активности | -1.252 | -66,409 | 5.304 |
| ***Б) Парични текови од инвестициони активности*** | ***-242.456*** | ***-2.248*** | ***1*** |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -279.725 | -11.219 | 4 |
| Продажба на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | 9.557 | 4,622 | 48 |
| Парични приливи од продажба на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 740 | 0 | 0 |
| Парични исплати за стекнување на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 0 | -907 | 0 |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица (освен оние од финансиски институции) | 0 | 0 | 0 |
| Парични приливи од наплата на дадени аванси и заеми на други лица (освен оние од финансиски институции) | -15.297 | 0 | 0 |
| Приливи/ одливи од камати | | | 0 |
| Приливи/ одливи од дивиденди | 42.269 | 4,656 | 11 |
| Останати парични приливи и одливи од инвестициони активности | | | 0 |
| ***В) Парични текови од финансиски активности*** | ***-53.632*** | ***38,858*** | ***72*** |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | | 0 | 0 |
| Парични исплати за враќање на заеми | | -11 | 0 |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | | 38,869 | 0 |
| Стекнување на малцински интереси | | | 0 |
| Исплатена дивиденда | | | 0 |
| Откуп / продажба на сопствени акции | -52.580 | | 0 |
| Парични исплати за намалување на обврските по основ на финансиски лизинг | -1.102 | | 0 |
| ***Зголемување/намалување на паричните средства*** | ***-169.108*** | ***-43,889*** | ***26*** |
| **Парични средства на почеток на годината** | 225.794 | 56,686 | 25 |
| ***Г) Парични средства на крајот на годината*** | ***56.686*** | ***12,797*** | ***23*** |

## Извештај за промените во капиталот

*Податоците се во 000 денари*

| Промени | Капитал на акционерите | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| **Состојба на 1 Јануари претходната година** | 738.184 | | 794.342 | 1.107.773 | | 2.640.299 |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | -52.530 | | | -52.530 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | 222.702 | | 222.702 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 23.987 | -23.987 | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | -2.615 | | -2.615 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви | | | 120.001 | -120.376 | | -375 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | -635.306 | | | -635.306 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | | | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември претходната година** | **738.184** | **0** | **250.494** | **1.183.497** | **0** | **2.172.175** |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | -65.914 | | -65.914 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 34.556 | -34.556 | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | -51.128 | | -51.128 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви | | | | | | 0 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | -165.766 | | | -165.766 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | | | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември во тековната година** | **738.184** | **0** | **119.284** | **1.031.899** | **0** | **1.889.367** |

Полугодишниот извештај не е консолидиран и неравидиран

## 18.4 Дивидендна политика

18.4.1Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата

Политиката за распределба на дивидендата на одделни видови акции се темели на одредбите на Статутот на Земјоделски Комбинат АД Битола.

Акционерите учествуваат во поделбата на добивката што им припаѓа под условите и начинот утврдени со статутот.

Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или на статутот, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите.

Дивидендата за секој род или класа на акции се плаќа сразмерно на сопствениците од тој род или класа на акции.

По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собранието го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава родот и класата на акциите.

Одборот на директори може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Ако е потребно, заради сигурност на друштвото или за што порамномерна дивиденда, пред да се определи висината на дивидендата, акционерите можат да определат да се формира посебна резерва.

Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат акционерите на собранието.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година.

Собранието може да определи на акционерите, за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансите од дивидендата, дивидендата, односно авансот од дивидендата да им се исплати во пари или во акции.

Понудата за плаќање на дивидендата или на авансите од дивидендата во акции мора да биде направена во исто време на сите акционери според родот и класата на акциите.

На акционерите може во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката да им се исплати аванс на име дивиденда.

Одборот на директори може во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте односно деветте месеци, потврдени од овластениот ревизор на друштвото да им исплати на акционерите аванс на име двиденда.

Одборот на директори може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубита од претходните години, а тие од било кои причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност на сите неизвршни членови на Одборот на директори.

Акционер кој примил од друштвото аванс од дивиденда, дивиденда или други средства по која било основа, има обврска да му ги врати на друштвото, ако друштвото докаже дека акционерот знаел или, со оглед на околностите, морал да знае дека распределбата на средствата е во спротивност со закон.

18.4.2 Износ на исплатена дивиденда по акција за последните три години

За 2006 и 2007 Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола нема исплатено дивиденда на обичните акции,а за 2008 донесе одлука бр -359/7 на 25.06.2009 година за поделба на дивиденда и тоа:

Износ на дивиденда по акција(обични и приоритетни) изнесува 252,00денари

Дивидендата ќе се исплатува на сметката на акционерите

Датум на исплата на дивиденда за 2008 година:

-последен ден за тргување со право на дивиденда за 2008 година е 30.06.2009 година

-Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2008 година е 01.07. 2009 година

-Датум на пресек на книга на акционери е 03.07.2009 година

-исплата на дивиденда за 2008 година е во законскиот рок(30.09.2009година)

Дивиденда на приоритетните акции за 2006 нема, за 2007 изнесува – 62,57 денари по акција, а за 2008 изнесува-252 денари по акција.

**18.5 Правни постапки**

Согласно Решение на гувернерот на НБРМ број 6661/2 од 21.11.2007 година, се утврдува дека ЗК Пелагонија АД Битола не може да биде акционер со квалификувано учество во Стопанска Банка АД Битола. По однос на Решението на гувернерот на НБРМ број 6661/2 од 21.11.2007 година, ЗК Пелагонија АД Битола имаше заведено управен спор пред Управниот суд Скопје. Со пресуда У.бр.5392 од 02.06.2008 година, одбиено е барањето на ЗК Пелагонија АД Битола за поништување на решението на гувернерот на НБРМ број 6661/2 од 21.11.2007 година. Воедно со пресуда на Управниот суд – Скопје У.бр.2553/2008 од 02.06.2009 година, одбиено е и барањето на ЗК Пелагонија АД Битола за повторување на постапката правосилно завршена со пресудата на Управниот суд –Скопје У.бр.5392 од 02.06.2008 година.

По пресудата на Управниот суд –Скопје У.бр.2553/2008 од 02.06.2009 година, на ден 13.07.2009 година ЗК Пелагонија АД Битола, поднесе барање за заштита на законитоста пред Врховниот суд на Република Македонија. Оваа постапка пред Врховниот суд на Р.Македонија е во тек, односно со оглед на краткиот временски период од поднесувањето на барањето до сега, постапката е во почетна фаза.

Во меѓувреме согласно Решение на гувернерот на НБРМ бр.3495 од 26.05.2008 година, Народната Банка на Република Македонија во име на ЗК Пелагонија АД Битола спроведува постапка за продажба на 63.381 обични акции издадени од Стопанска Банка АД Битола, по пат на јавна берзанска аукција, согласно правилата на Македонска берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје. Постапките за продажба на 63.381 обични акции издадени од Стопанска Банка АД Битола, по пат на јавна берзанска аукција се во тек и продажбата не е реализаирана.

Оваа ценовно чуствителна информација ЗК Пелагонија АД Битола ја објави на Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје на ден 02.06.2008 година.

Не постојат информации за други вакви постапки

Не постојат информации за други постапки (административни, судски и други законски постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки и постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат, или имале во неодамнешното минато, значајно влијание на финансиската положба на издавачот(а нивната вредност да изнесува најмалку 5% од вкупната вредност на капиталот).

### 18.6 Значајни промени во финансиската или во трговската положба на издавачот

Изјавуваме дека не се случиле значајни финансиски или трговски промени во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидираните финансиски извештаи.

## 19.Дополнителни информации

### 19.1Податоци за капиталот на издавачот на сопствени акции

19.1.1Податоци за капиталот на издавачот со состојба 31.12.2008

| | (во000.ден.) |
|---|---|
| Акционерски капитал | 738.184 |
| Реинвестирана добивка | 120.710 |
| Резерви за сопствени акции и други резерви | (273.634) |
| Законски и други резерви | 263.598 |
| Акумулирана добивка | 1.230.189 |
| Малцински удел | 119.834 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2.198.88** |

До моментот на изготвување на проспектот нема промени на капиталот по 31.12.2008 година

Согласно законот за данок од добивка член 31 став 2 и став 3 за остварување на право на даночно ослободување: под реинвестирана добивка се подразбира добивката остварена со годишна сметка која 2007 година по пат на распределба е издвоена во капиталот на даночниот обврзник и која е вложена во 2008 година во нови инвестиции

27,18% ЗК Пелагонија АД Битола- обични сопствени акции 75.729-без право на глас

11,61% Жито Полог АД Тетово –обични акции 32.353-без право на глас

15% ПИОМ - приоритетни акции 41.793-без право на глас

Структура на акционерски капитал

| Состојба | Обични акции | Номинална вредност(евра) | Приоритетни акции | Номинална вредност(евра) | Вкупно (евра) |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2008 | 236.827 | 51,129188 | 41.793 | 51,129188 | 14.245.614 |
| | | | | | |

Акционерскиот капитал на ЗК-Пелагонија-АД Битола изнесува 14.245.614 евра поделен на 278.620 акции со номинална вредност од 51,129188 евра по акција.
Структурата на акционерскиот капитал по родови на акции е следната:
236.827 се обични акции или 85% од вкупниот акционерски капитал.
Од овие 75.729 се сопствени акции на кои им мирува правото на глас и не даваат право на дивиденда. 41.793 се приоритетни акции без право на глас и претставуваат 15% од вкупниот акционерски капитал. Сопственик на приоритетните акции е фондот за ПИОМ.Приоритетните акции се конвертибилни, до колку ПИОМ ги продаде стануваат обични.
Според акционерската книга со состојба 31.12.2008 год, од 278.620 акции, физички лица поседуваат 85.545 акции или 30,70% од вкупниот акционерски капитал, правните лица поседуваат 75.447 акции или 27,08%.Сопствените акции кои ги поседува друштвото изнесуваат75.729 или27,18%,а41.899 акции се сопственост на ПИОМ од кои 41.793 се приоритетни 106 се обични акции и заедно претставуваат 15,04% од вкупниот акционерски капитал.

.

19.1.2 Податоци за тоа дали органот на управување е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал) и податок за износот на одобрениот капитал и за периодот за кој важи одредбата на Статутот за одобрен капитал;

Согласно член 42 од Статутуот на ЗК Пелагонија АД Битола-пречистен текст-Одборот на директори може најмногу за пет години по уписот во трговскиот регистер на одлуката број 02-171/12 од 30.03.2005 година за измени на Статутот на ЗК Пелагонија АД Битола, преку продажба на нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина најмногу до половина од основната главнина во времето кога е дадено овластувањето за условно зголемување на основната главнина(одобрен капитал).
Периодот од пет години во кој важи одредбата од член 42 од Статутот на ЗК Пелагонија АД Битола- пречистен текст-со кој Одборот на директори е овластен по пат на одобрен капитал да ја зголеми основната главнина на Друштвото, се однесува за времето од 27.04.2005 година (денот на упис на одлуката број 02-171/12 од 30.03.2005 година за измени на Статутот на ЗК пелагонија АД Битола во трговскиот регистер),па заклучно со 26.04.2010 година.
Номиналниот износ на одобрениот капитал не може да го надмине износот од 7.122.807 евра, кој износ представува половина од основната главнина на Друштвото во времето кога со Одлуката број 02-171/12 од 30.03.2005 година за измени на Статутот на ЗК Пелагонија АД Битола, е дадаено овластување на Одборот на директори за условно зголемување на основната главнина.

Новите акции можат да се издадат само со согласност на мнозинството неизвршни членови на Одборот на директори.

Продажбато нови акции се врши според одредбите од статутот со коишто се уредува зголемувањето на основната главнина преку влогови, освен за прашањата за кои со закон поинаку е определено.

Одредбите од статутот што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции соодветно се применуваат и на остварувањето на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции според одлуката за зголемување на основната главнина со одобрен капитал.

Согласно Законот за трговски друштва(измени објавени во сл.весник на РМ бр.87/2008 правото на првенство на ново издадени акции има одложена примена до денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија

19.1.3 Податоци за претходни емисии

Издавачот има една емисија на хартии од вредност а тоа е основачката емисија.

Номинална вредност 51,129188

| Капитал | Број на акции | Структура во % |
|---|---|---|
| Проценета вредност на трајниот капитал на Друштвото | 278. 620 | 100 |
| Акционерски капитал наменет за продажба под повластени услови | 83.832 | 30 |
| Акционерски капитал за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување | 41.793 | 15 |
| Акционерски капитал кој и се продава на Агенцијата за натапошна продажба | 153.241 | 55 |

Издадените акции од Друштвото од основачката емисија на ЗК “Пелагонија” ад – Битола е извршено врз основа на извршената трансформација на ЗК “Пелагонија” – Битола во акционерско друштво согласно Законот за

трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл.весник на РМ бр.38/93).

Во основачката емисија на ЗК "Пелагонија" ад – Битола издадени се вкупно 278.620 акции, со номинална вредност на една акција од 100ДЕМ., од кои:

- 27.862 се обични акции (или 10% од основната главнина, или во вредност од 2.786.200 ДЕМ.), откупени од лицата кои го преземаат управувањето, согласно Договорот за продажба на ЗК "Пелагонија" ад – Битола на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите, број 08-3520/3 од 09.04.1997, склучен со Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;

- 83.832 обични акции (или 30% од основната главнина, или во вредност од 8.383.200 ДЕМ.), запишани под повластени услови од лица кои имаат право на купување на акции со попуст, согласно член 25 и 26 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл.весник на РМ бр.38/93);

- 42.274 се обични акции (или 15,26 % од основната главнина, или во вредност од 4.227.400 ДЕМ.), запишани од лицата кои го преземаат управувањето;

- 82.859 се обични акции (или 29,74 % од основната главнина, или во вредност од 8.285.900 ДЕМ.), кои Друштвото ги отстапува на Агенцијата како приоритетни за натамошна продажба;

- 41.793 се приоритетни акции (или 15% од основната главнина, или во вредност од 4.179.300 ДЕМ.), пренесени во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Врз основа на Договорот за продажба на ЗК "Пелагонија" ад – Битола на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите, број 08-3520/3 од 09.04.1997, склучен со Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Статутот број 01-320 на акционерското друштво ЗК "Пелагонија" – Битола, од 05.05.1997 година, со решение Срег.1155/97 на Основниот суд Битола, на ден 09.05.1997 година извршен е упис на ЗК "Пелагонија" ад – Битола во судскиот регистар како акционерско друштво.

Со целосната реализација на Договорот за продажба на ЗК "Пелагонија" ад – Битола на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите, број 08-3520/3 од 09.04.1997, склучен со Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно со продажбата на сите акции што согласно роковите и условите од договорот беа наменети за продажба, структурата во однос на родот на акциите од основачката емисија, односно основната главнина на Друштвото, се измени па

така основачката емисија, односно основната главнина на Друштвото на 27.04.2005 година е следната:

- од вкупно издадените 278.620 акции, 236.827 (85% од основната главнина, а во вредност од 12.108.772 ЕВРА) се обични акции, а 41.793 (15% од основната главнина, а во вредност од 2.136.842 ЕВРА), се приоритетни акции во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Променетата структура во однос на родот на акциите од основачката емисија, е запишана во решението за упис во трговскиот регистар Птрег.436/05 од 27.04.2005 година, на Основниот суд Битола.

Од почетната структура на издадените акции (по родови) од основачката емисија на Друштвото, конверзија по родови на акции е извршена на 82.859 акции (или 29,74 % од основната главнина), кои беа издадени како обични акции, но кои согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл.весник на РМ бр.38/93), Друштвото ги отстапи на Агенцијата како приоритетни за натамошна продажба.

Оваа конверзија е извршена врз основа на Договорот за продажба на ЗК "Пелагонија" ад – Битола на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите, број 08-3520/3 од 09.04.1997, склучен со Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, и истата е запишана во Статутот број 01-320 на акционерското друштво ЗК "Пелагонија" – Битола, од 05.05.1997 година, и во решението Срег.1155/97 од 09.05.1997 година на Основниот суд Битола, со кое е извршен е уписот во судскиот регистар.

По продажбата извршена од страна на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, овие 82.859 акции издадени како обични акции, а отстапени на Агенцијата како приоритетни за натамошна продажба, се конвертираа во обични акции, врз основа на што конверзијата е запишана во решението за упис во трговскиот регистар Птрег.436/05 од 27.04.2005 година, на Основниот суд Битола.

Согласно одлуката за изменување и дополнување на Статутот на АД Земјоделски Комбинат АД-Битола (бр.02-629/3 од12.12.2001год) член 4,5,6,7 основната главнина на ЗК Пелагонија АД Битола изнесува 14.245.614 ЕВРА. и номиналната вредност на една акција изнесува 51,129188 ЕВРА

Обични акции 236 827

-право на глас 1 акција 1 глас

-право на дивиденда

-право на дел од ликвидационата маса

Приоритетни 41793 (гласат на име на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување)

-даваат право на фиксна дивиденда од 2% годишно, а учествуваат сразмерно во остатокот од добивката,ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над тој процентуален износ

-не даваат право на глас на Собрание на друштвото

-во случај на ликвидација или стечај на друштвото, дава право на сразмерно учество во стечај, односно ликвидациона маса.

**19.2 Статут на издавачот и основачки акти**

19.2.1 Предмет на работење на издавачот согласно статутот

Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржано на 25.06.2009 година донесе одлука бр.02-359/11 за измени на Статутот на друштвото врз основа на предлог одлуката бр.02-359/11

Во Статутот бр.01-251на Акционерското друштво Земјоделски Комбинат Пелагонија-Битола-Пречистен текст-од 07.04.2005 година главата III Предмет на работењ на друштвото и член9 се менуваат и гласат:

III општа клаузула за бизнис

член 1

Претежна дејностна Друштвото е 01.11-0дгледување на жита(освен ориз),мешунасти растенија и маслодајно семе.

Друштвото ќе ги врши на сите дејности според Националната класификација на дејностите освен оние за кои е потребна согласност,дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган

Предмет на работа на Друштвото се и сите дејности во надворешно трговскиот промет освен за кои е потребна согласност или дозвола од надлежен орган.

19.2.2 Опис на правата,предностите и ограничувањата кои произлегуваат одсекоја класа на акции издадени од издавачот

Секоја обична акција на акционерите им дава:

-право на глас во Собранието на акционерите
-право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
-право на исплата на дел од остатокот на ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

Според содржината на правата, акциите од првата и наредните емисии што ги издава друштвото се обични и приоритетни.

Приоритетните акции се партиципативни. (согласно законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал каде не можат да бидат кумулативни). Гласат на фондот ПИОМ, Даваат право на дивиденда од 2% годишно, сразмерно учество во остатокот од добивката ако на обчните акции им се исплатува дивиденда над овој износ. Не даваат право на глас во собранието на Друштвото и во случај на стечај или ликвидација на Друштвото даваат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната односно ликвидациона маса.

Приоритетните акции што гласат на име на фондот за ПИОМ со продажбата се претвораат во обични акции.

Приоритетните акции се издаваат како акции без право на глас и даваат права утврдени со закон и одлуката за продажба акции.

Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главнина на друштвото.

Одлука за продажба акции донесува собранието на друштвото со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас, претставени на собранието.

19.2.3 Опис на дејствието кое треба да биде превземено за промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таквото дејствие се построги во однос на законот или не

Кога со одлука на собранието, односно со одлука за измена на статутот се менува, односно ограничува кое било право врзано за некој род акции, таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род акции дадат согласност со донесување одлука за согласност со мнозинството определено во закон и и статутот на Друштвото.

Акционерите донесуваат одлука за согласност на одделна седница на овие акционери (посебно собрание) или на исто собрание со другите акционери но со одделно гласање (одвоено гласање), освен ако со закон поинаку не е определено. За свикувањето на одделна седница на посебно собрание и за учеството на неа, за правото на известување, како и за донесувањето на посебните одлуки, важат одредбите од Законот за трговските друштва што се однесуваат на одлучувањето на собранието. Свикување посебно собрание или одвоено гласање можат да побараат акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите кои можат да учествуваат во гласањето за донесување одлука за согласност.

19.2.4 Опис на условите за свикување на годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклуч вајки И податоци за начинот на кои акционерите го пријавуваат своето учество**.**

Годишното собрание го свикува Одборот на директори најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание.

Ако Одборот на директори не го свика Годишното собрание навреме, Собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на Одборот на директори.

Ако Годишното собрание не го свикаат неизвршните членови на Одборот на директори, или ако од било кои причини не се одржи во рокот определен во став 1 на овој член , одлука за свикување на Годишно собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.

Кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерите, меѓу две годишни собранија, одлука за свикување на собрание можат да донесат и неизвршните членови на Одборот на директори, по своја инцијатива, или по барање на акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас.

Доколку неизвршните членови на Одборот на директори, по барањето на акционерите од претходниот став на овој член не донесат одлука за свикување на собрание во рокот определен со Закон, или не го прифатат барањето за свикување на Собрание, по предлог на акционерите судот може да донесе одлука за свикување на Собрание.

Собранието се свикува со објавување јавна покана до акционерите кој се објавува најмалку во еден дневен весник.

Рокот кој тече од денот на објавувањето на јавниот повик, до денот на одржувањето на Собранието не може да биде подолг од 50 дена, ниту пократок од 21 ден.

Јавниот повик за свикување Собрание ги содржи следниве податоци:

фирмата и седиштето на друштвото;

местото и датумот на одржување на собранието;

другите процедурални формалности, пропишани со овој статут, што се од значење за присуството на собранието и за начинот на гласање;

дневниот ред според кој ќе работи собранието и

начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието коешто е свикано.

Материјалите задолжително се достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Секој акционер може да овласти свој полномошник кој ќе го застапува на Собранието.

Овластувањето се дава со писмено полномошно заверено кај нотар и се чува во документацијата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание должен е да го пријави своето учество со пријава за учество на собранието, која се поднесува најдоцна пред почетокот на на седницата на закажаното собрание.

Списокот на пријавените акционери го подготвува Одборот на директори, го става на увид во седиштето на друштвото, пред почетокот на одржувањето на Собранието го споредува според состојбата во во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од став 2 на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник, со што го верификува своето присуство. Потишаниот список го заверуваат со свој потпис претседавачот со собранието и записничарот и по заверката на списокот претседавачот го констатира кворумот за работа.

За полномошник не може да биде определен:

-член на Одборот на директори или член на неговото потесно семејство;

-раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

- член на орган на управување, односно на надзорен одбор од поврзани или зависни друштва со друштвото и

-застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото.

19.2.5 Опис на условите утврдени со статутот или друг акт на издавачот со кој се регулира промената на основната главнина кога тие услови се построги од оние пропишани со законот

Во статутот или со друг акт на издавачот со кој се регулра промената на основната главнина, не се предвидени построги услови од оние пропишани со закон.

Акциите се водат како расположливи за продажба и се вреднуваат по објективна вредност

## 20. Договори од суштинско значење за работењето на издавачот

Не постои договор, надвор од секојдневното работење на издавачот, кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот.

## 21. Информации добиени од трети лица и извештаи од експерти и изјава за било каков интерес

Во проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

## 22. Учество во други трговски друштва

Жито полог 67,516%
Пелагонија полог 51%
Стопанска Банка Битола 21,29%
Жито Вардар 6,54%

## 23. Податоци за понудата на хартии од вредност

### 23.1 причините за понудата и намената на средствата што ќе се приберат со понудата

Целта поради која се продаваат (отуѓуваат) сопствените акции е одржување на стабилност и ликвидност на друштвото и усогласување со законските одредби.

Што се однесува до одржување на ликвидноста се мисли користење на тие средства за плаќање на настанатите обврски и очекуваните обврски за репроматеријали во процесот на производство. Во земјоделството како специфична дејност со обрт на тековните средства од 1,03 во периодот до крајот на месец јули секогаш има вложувања во поледелието а ликвидни средства исклучиво има од сточарството кои што се недоволни за финансирање на недовршеното произвоство.Моменталната финансиска криза,која ја чуствуваме веќе од ноември 2008 година,намалувањето на цените на готовите производи од земјоделството за 40% до 50% по пооделни производи,диспаритетот на цените на репроматеријалите со цените на готовите производи, е причина за очекуваниот недостиг на средства и донесувањето на одлука за јавна понуда.

### 23.2 Општи податоци за хартиите од вредност

23.2.1 Број и датум на актот за продажба на сопственички хартии од вредност

Одлуката за продажба (отуѓување) на сопствени акции е со број 02-933/3 од 30.01.2009 година.

23.2.2 Јавната понуда за продажба на сопствените акции ќе може да се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност, што е во согласност со член 9 од Законот за хартии од вредност

23.2.3 Се продаваат 18.000 сопствени (обични) акции издадени од Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола со номинална вредност од 51,129188 евра по акција, односно вкупна номинална вредност на емисијата од 920 325 евра.

23.2.4 Хартиите од вредност се продаваат врз основа на Законот за хартии од вредност и Законот на трговски друштва.

23.2.5 Хартиите од вредност ќе се регистрираат во Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со седиште на ул. "Кузман Јосифовски Питу" бр. 1, 1000 Скопје, Р.Македонија.

23.2.6 Запишаните и уплатените хартии од вредност по истекот на рокот за запишување и уплата, веднаш ќе бидат предадени за регистрирање во Централниот Демозитар на хартии од вредност АД Скопје.

23.2.7 Податоци за оданочувањето на приходите од акции

***За домашни правни лица***

Според член 4 од *Законот за Данок од добивка,* обврзник на данок од добивка е правно лица (субјект)- резидент на Р.Македонија кое остварува добивка од вршење на дејност во земјата и во странство. Основа за пресметување на данок од добивка (чл.8 од ЗДД) е добивката која се утврдува во даночниот биланс и која претставува разлика помеѓу вкупните приходи и расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно прописите за сметководство и сметководствени стандарди, освен приходите и расходите за кои со овој закон е пропишан друг начин на утврдување.
Приходите од дивиденди остварени со учество на капиталот на друг обврзник – резидент на Р.Македонија, не се вклучуваат во даночната основа, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата според општата стапка од член 28 на Законот.
Стапката на данок од добивка изнесува 10% (член 28 од ЗДД).

***За странски правни лица***

Согласно член 29-б точка 1 од Законот за данок од добивка и член 5-б од *Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување,* задржувањето на данок се применува на приход од дивиденди.
Стапката на данок на приход од стрнаско правно лице од дивиденди изнесува 10%. Ако република Македонија со државата чиј резидент е странското правно лице има потпишано договор за одбегнување на двојно оданочување, можат да се применуваат условите од договорот на начин пропишан од член 5-в од *Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување.*

***За физички (домашни и странски) лица***

Според член 7 до 9 од *Законот за персонален данок на доход,* обврзник на данок на доход е секое физичко лице – резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство и нерезидент на Република Македонија за доходот остварен на територијата на Републиката.

Според член 12 од ЗПДД, Данокот на доход се плаќа по стапка од 10%. Приходите од дивиденди остварени со учество во добивката кај правните лица, влегуваат во приходи од капитал (член 47 од ЗПДД), а основа за пресметување на данокот на дивиденда претставува бруто дивидендата, односно приходите од учество во добивката распределена на обврзникот. (член 49 од ЗПДД).

## 23.3 Податоци за сопственичките хартии од вредност

23.3.1 Се издаваат сопствени( обични ) акции издадени од Земјоделскиот Комбинат Пелагонија"АД Битола со ИСИН број MKZPKO101012

Акциите кои се продаваат имаат:

-право на дивиденда
-право на глас во сооднос 1 акција : 1 глас
-право на учество во стечајната, односно ликвидационата маса на издавачот.
-за акциите кои се предмет на понуда не постои можност за конверзија

Не постојат други права на акциите што се предмет на понуда определени со Статутот на Друштвото и одлуката за понуда на сопствени акции

23.3.2 Хартиите од вредност се со право на преносливост.

23.3.3 Друштвото нема издадено акци со право на откуп На предлог на Одборот на директори Собранието може да донесе одлука друштвото да издаде и акции во кои е содржано правото на друштвото во определен рок да ги откупува така издадените акции. Откупот се врши под следните услови:

1. собранието да донесе одлука за откуп на таквите акции пред да бидат запишани;

2. акциите треба да бидат платени целосно;

3. откупот да се врши само со средства коишто ја надминуваат основната главнина и резервите, што според овој закон и овој статут не смеат да се распределуваат на акционерите и

4. износот којшто не е помал од номиналниот износ на издадените акции мора да се стави во резервите, коишто според статутот не можат да се распределуваат, освен во случај на намалување на основната главнина.

Одредбата нема да се применува на откупите при коишто се употребуваат средства за продажба нови акции со коишто се откупуваат постојните акции, а во кои е содржано правото на откуп од страна на друштвото,

Ако постои одредба за плаќање премија на акционерите при откупот, премијата може да се исплатува само од резервите коишто можат да им се распределуваат на акционерите.

Друштвото мора да ги откупи издадените акции во рок којшто не е подолг од една година од денот на нивното продажба.

Известување за откуп на акциите објавува во ,,Службен весник на Република Македонија".

23.3.4 Во текот на 2007 и 2008 година, до објавувањето на овој проспект, не е дадена понуда за преземање на Друштвото.
23.3.5 Не постои податок за постоење понуда за откуп на хов во текот на претходнте години и тековната година.
23.3.6 Не постои разводнување на заработувачката по акција бидејќи не постои понуда за откуп.

## 24. Рокови и услови на понудата

### 24.1 Цена на хартиите од вредност

24.1.1 Цената по која ќе бидат понудени сопствените обични акции изнесува 2470,00 денари по акција**.**

24.1.2 Нема никакви дополнителни трошоци, односно провизии при запишувањето кои паѓаат на товар на запишувачот (купувачот).

### 24.2 Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност што се предмет на понудата

24.2.1 Вкупната вредност на понудата на хартиите од вредност изнесува 44.460.000,00 денари.

24.2.2 Согласно Законот за хартии од вредност запишувањето и уплатата на сопствените акции на ЗК Пелагоноја АД Битолапо пат на јавна понуда ќе започне во рок од 30 календарски дена од приемот на Одобрението за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда од страна на Комисијата за хартии од вредност.
Право на запишување на јавно понудените сопствени акции од оваа одлука имаат правни и физички лица, вклучувајќи и постоечки акционери во Друштвото,членови на органи на управување и раководни лица во Друштвото, и лица поврзани со нив.
Запишувањето на јавно понудените сопствени акции може да го изврши само лицето кое запишува хартии од вредност или негов полномошник врз основа на уредно заверено полномошно од овластен Нотар, со пополнување на писмена изјава за запишување на хартии од вредност.

Постапката за запишување на хартии од вредност се спроведува во согласност со Закон и подзаконски акти што ја регулираат оваа материја.
Запишувањето за откуп на сопствени акции ќе започне 14 календарски дена по објавувањето на поканата за запишување на јавно понудените сопствени акции.
Запишувањето на јавно понудените сопствени акции ќе се врши во просториите на Друштвото на ул.Борис Кидрич бр 3 во Битола Секој работен ден од 07-15 часот, во рокот утврден со Одлуката за продавање (отуѓување) на сопствени акции, донесена на Собрание на акционери на друштвото со бр.02-933 на 30.01.2009 година.Лицето кое запишува хартии од вредност односно неговиот полномошник задилжително пополнува и потпишува изјава (уписница) во 2 примероци и се запишува во книгата за запишување на заинтересирани лица
Поканата за запишување и уплата на сопствени акции ЗК пелагонија АД Битола ќе ја објави во Утрински весник и на веб страницата на Македонската берза на хартии од вредностАД –Скопје
Проспектот за јавна понуда ќе биде објавен на веб страницата на Македонската берза на хартии од вредност АД – Скопје , и ќе биде на располагање на заинтересираните лица во просториите на ЗК пелагонија АД Битола на ул.Борис Кидрич бр.3
Понудата за запишување на сопствените акции на ЗК Пелагонија АД Битола ќе биде отворена 50 календарски дена по објавувањето на јавната покана за запишување и уплата на акциите

Датумот на отпочнување на запишување на акциитеќе започне14 календарски дена по денот на објавување на поканата за запишување и уплата на акциите на 11.01.2010 година

Датумот на завршување на запишување на акциите, предмет на јавната понуда, е 50 календарски дена по денот на објавување на јавната покана за запишување и уплата 15.02.2010 година

Датумот на започнување на уплата е 14 календарски дена по објавата на поканата за запишување на јавно понудените сопствени акции 11.01.2010 год.

Уплатата на средствата за запишаните акции се врши во рок од 5 календарски дена од денот на запишувањето на истите.

Датум на завршување на рокот за уплата на акциите е 55 календарски дена по објавата на јавната покана за запишување и уплата на акциите 20.02.2010 год.

Друштвото ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Р.Македонија, 14 календарски ден пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.
Проспектот се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола, ул. “Борис Кидрич” бр.3, 7000 Битола во канцеларија бр. 3 , прв кат.

Лицето кое запишува акции, односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува писмена изјава (Уписница).

Плаќањето на акциите ќе се врши во денари на посебната жиро – сметка на Стопанска Банка АД Битола 500000000581833. Уплатата се врши наеднаш.
За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебна сметка во Банката, која не може да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.
Средствата што еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се сметаат за дел од стечајната маса, во случај на стечај на издавачот пред успешното завршување на понудата. Доколку пред истекот на рокот се запишат и уплатат 60% од понудените акции, Друштвото ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

24.2.3 Јавната понуда ќе се смета за успешна доколку се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените акции и тоа :

-за запишување во рок од 50 календарски дена по денот на објавување на јавната покана за запишување и уплата,

-и за уплата во рокот од 55 календарски дена по објавата на јавната покана за запишување и уплата на акциите

Јавната понуда може да биде затворена и пред истекот на предвидениот рок ако акциите се запишани и уплатени во износ повисок од 60% од понудениот износ во проспектот. Во ваков случај Комисијата за хартии од вредност и јавноста ќе бидат известени најмалку 15 работни дена пред денот кој ќе биде одреден како ден на завршување на јавната понуда.

24.2.4 По завршување на предвидениот рок од 50 календарски дена од денот на објавување на јавниот повик за запишување и уплата на акции, истиот се затвора. Доколку над 60% од акции е уплатен и запишан пред истекот на 50-те календарски дена по денот на објавување на јавната покана за запишување и уплата на акции, Друштвото ја затвора постапката на јавна понуда.

24.2.5 Јавната понуда ќе се прогласи за неуспешна доколку во предвидениот рок не се запишат и уплатат 60% од акциите што се предмет на јавната понуда. Доколку јавната понуда не успее, уплатените средства ќе се вратат во рок од 15 дена заедно со депозитна камата.односно просечната каматна стапка која ја плаќаат деловните банки во Р.Македонија на денарските депозити на физички лица орочени на една година.

24.2.6Доколку во одреден рок се запишат повеќе акции од понудените,распределбата ќе се врши по пат на првенство на временско запишување( датум,час и минута).Запишувањето на јавно понудените сопствени акции ќе започне 14 календарски дена по објавувањето на поканата за запишување на јавно понудените сопствени акции, согласно Одлуката за продавање (отуѓување) на сопствени акции, донесена на Собрание на акционери на друштвото со бр.02-933 на 30.01.2009 година.
Запишувањето на јавно понудените сопствени акции ќе се врши во просториите на Друштвото на ул.Борис Кидрич бр 3 во Битола Секој работен ден од 07-15 часот, во рокот утврден со Одлуката за продавање (отуѓување) на сопствени акции, донесена на Собрание на акционери на друштвото со бр.02-933 на 30.01.2009 година.Лицето кое запишува хартии од вредност односно неговиот полномошник задилжително пополнува и потпишува изјава (уписница) во 2 примероци и се запишува во книгата за запишување на заинтересирани лица

24.2.7 Во актот не е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови.

24.2.8 Плаќањето на акциите ќе се врши во денари на посебната жиро сметка на Стопанска Банка АД Битола 500000000581833. Уплатата се врши наеднаш

24.2.9 Акциите кои се предмет на јавната понуда по запишување на сметките на запишувачите во Централниот Депозитар за хартии од вредност, се трансферибилни и ги носат сите права наведени во точка 21.3.1 во овој проспект.

24.2.10 Известувањето на јавноста за исходот од јавната понуда ќе биде извршено во рок од 15 календарски дена од денот на завршување на понудата. Известувањето ќе ги содржи податоците за уплатените акции и за процентот на реализација на емисијата и ќе биде објавено во еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија и на интернет страницата на Македонска Берза за хартии од вредност АД Скопје.

24.2.11 Јавната понуда не е поделена во транши.

24.2.12 Во рамките на сознанијата на издавачот до моментот на објавување на Проспектот, Друштвото нема информации дека некој доминантен акционер или членови на одборот на директори имаат намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда.

24.2.13 Сите лица кои запишале и уплатиле хартии од вредност ќе бидат официјално известени по писмен пат за износот на акции кој им следува, во рок од 7 дена од денот на упис на акциите во Централниот Депозитар за хартии од вредност од страна на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола.

### 24.3 Пласман на хартиите од вредност

Увид во сите наоди за веродостојноста на податоците за продажбата на сопствени акции по пат на јавна понуда и запишувањето на хартиите од вредност се врши во просториите на Земјоделскиот Комбинат АД Битола, ул. “Борис Кидрич” бр.3, во канцеларија бр.3, прв кат. Контакт телефон:047/233 884

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола има склучено договор со овластеното правно лице Статер Банка АД Куманово под р.бр. 03-150 од 03.02.2009 година за вршење услуги со хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност, ризикот од нереализирање на емисијата е на самиот емитент(издавачот).

## 25.Податоци за гарант

Проспектот се однесува на сопственичка емисија на хартии од вредност, во која издавачот се јавува како единствен исполнувач на обврските од хартиите од вредност.

## 26. Документи на располагање

### 24.1Изјава за достапност на документите

Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект следниве документи, односно копии од истите, ќе бидат на увид во просториите на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола (канцеларија бр.3, прв кат)

-Статутот на издавачот
-Одлуката за продажба на сопствените акции по пат на јавна понуда.
-Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години
-Консолидирани ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2006, 2007,2008 година
-Неревидиран полугодишен финансиски извештај 30.06.2009 год

### 24.2 Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Увид во документите може да се изврши во просториите на Земјоделскиот Комбинат АД Битола, ул. "Борис Кидрич" бр.3, 7000 Битола во канцеларија бр3, прв кат. Контакт телефон: 047/233884..

**Членови на Одбор на директори на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола**

**Генерален извршен директор**

1.Ристе Бошевски
**Претседател на Одборот на директори**

2. Душан Бејковски

**Извршни директори**

3. Душан Мацановски

4. Драги Петровски

5. Иванчо Гулевски

**Неизвршни директори**

6. Вангел Гагачев

7. Вангелица Костовска

8. Ѓорѓи Петровски

9. Иван Зафировски

10.Горица Маркоска

**Надворешни членови на Одборот на Директори**

11.Јованче Тасковски

12.Владимир Џабирски

13.Боривоје Михајловски

**Лице одговорно за правните податоци во проспектот**

14. Томислав Давков

**Лице одговорно за финансиските податоци во проспектот**

15. Славица Дреноска

**Лице одговорно за комуникација со изготвувачот на Проспектот**

16. Татјана Костовска

**Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност**

Статер Банка АД Куманово
Сектор за инвестиционо банкарство

Надица Ивановска